# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

**ЗА II ГОДИНА**

**СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ**

(СИТЕ СТРУКИ)

**Автори**:
ВАСИЛ ТОЦИНОВСКИ РАНКО МЛАДЕНОСКИ

**Рецензенти**:
Д-р Вера Стојчевска-Антиќ
Лидија Томовска
Костадинка Башковиќ

**Лектор**:
Елена Тошева

**Компјутерска обработка**:
Сузана Тодеска

**Техничко уредување**:
Магнаскен-Скопје

**Издавач***:*
Министрство за образование и наука на Република Македонија

**Печати**:
Графички центар дооел, Скопје

**Тираж**:
11000

Со решение на Министерот за образование и наука на Република Македонија бр.22-4462/1 од 06.08.2010 година се одобрува употребата на овој учебник

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св.Климент Охридски” , Скопје
811.163.3 (075.3)

ТОЦИНОВСКИ, Васил
Македонски јазик и литература за II година за средно стручно образование : (за сите струки) / Васил Тоциновски, Ранко Младеноски . - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Македонија, 2010. - 194 стр. : илустр. ; 25 см

ISBN 978-608-226-081-5
1. Младеноски, Ранко [автор]
COBISS.MK-ID 84248330

# ЈАЗИК

*“Јазикот е единствената наша татковина. Сè додека го чуваме, го негуваме, го вардиме, го гледаме јазикот наш македонски ќе може да сметаме дека ја имаме и татковината. Како куќа, како дом, како огниште.”*

*Блаже КОНЕСКИ*

# ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

## МАКЕДОНСКОТО ЈАЗИЧНО ПРАШАЊЕ НА ПРЕМИНОТ ОД XIX ВО XX ВЕК

Во XIX век Македонија била во рамките на Отоманската империја и во неа немало доминантен јазик. Туѓите интереси и пропаганди имале свои долгорочни интереси, а нивните граници биле јасно одредени. Употребата на македонскиот јазик најмногу била потребна во училишната дејност. Не можело да има грчки, бугарски или српски училишта во Македонија, а како помошен јазик да не се употребува македонскиот јазик. Историски, овој период го отворил процесот на модернизација на животот на балканските земји. Во него јасно се одвивала и модернизацијата на македонскиот јазичен развој.

Како стожерно прашање се поставила потребата за смена на основата на писмениот јазик. Културните задачи и цели на модерното време не можеле да соработуваат со црковно-словенскиот јазик. Тоа е причината за премин кон писмен јазик со народна основа во XIX век. Исто така, несоодветна била и наследената ортографија. Печатницата го заменила пишувањето со рака, а тоа ќе рече дека немало потреба за негово имитирање. Се поставила потребата за типизирани букви и симболите да се сведени на помала мера. Јордан Хаџи Константинов - Џинот прв истакнал дека не се потребни буквите за старите носовки. Нив ги именувал како каравлашки или вретенарски букви. Не биле потребни еровите и јат, ниту тита, ижица и други наследени знаци. Во својата работа конкретно докажал дека вокалното **р** треба да се пишува без придружна буква. Неговата далекувидост ја потврдиле и Крсте Мисирков и нашиот македонски правопис.

Поголемо и значајно упростување на азбуката и правописот, а со тоа и доближување до фонетската азбука, се бележи во втората половина на XIX век. Центар биле Панајот Ѓиноски и Галичник. Во осумдесеттите години Темелко Попов направил целосно преминување кон еден азбучен и правописен систем кој е близок до денешниот македонски систем и се јавува како претходник на Крсте Мисирков. Во областа на лексиката, нашиот писмен јазик имал ограничен број лексеми. Со дејноста

на Ѕинот била поставена соработка со другите словенски јазици. Во комуникацијата со понапреднатите јазици во обработката на нивната писмена форма се развивал и македонскиот јазик.

Преку делата на Доситеј Обрадовиќ се остварувала комуникацијата со српскиот јазик. Посредно или непосредно, тоа се остварувало и со бугарскиот, а особено со рускиот јазик. Така, во тие контакти биле активирани многу зборови, лексеми во нашиот јазик. Набележани се границите до каде оди нашиот јазик и од каде почнуваат другите словенски јазици, истакнува Блаже Конески. Јасно е нагласено она што им е заедничко, а што секако претставува големо освоено богатство во XIX век. Период кој ги потврдува традицијата и континуитетот на македонскиот писмен јазик.

За овој период Мисирков истакнал дека: "Литературните опитуачки на македонцките писачи во XIX век немаа за жал таков значај, да добијат последуачи, затоа, ако и сега во XX век видиме некоји опитуачки да се пишат на македонцки, то тоа се не праит сознателно и од некакви патриотични влечејна и цели, а само за забаа”.

Критичката забелешка на Мисирков кон наследството на XIX век, се однесува на немање национална македонска програма и притоа не е земен предвид целосниот културно-историски развој. Новото време и новите услови носат и нова преоценка во искажувањето на Кочо Рацин: "Делото на Пејчиновиќ, Миладиновци, Жинзифов и други, скршнато еднаш по историските неминовности по друг пат, ќе ѝ се врати сега пак на својата матица и ќе најде свои достојни следбеници”. Тие на најдобар начин ги искажуваат традицијата и континуитетот на македонскиот писмен јазик.

Во XIX век опстојувале две теории по прашањето за јазикот. Првата се застапувала за заеднички јазик за сите Словени во Турција, а втората јасно нагласувала дека Македонците како посебен народ и нација мора да имаат и свој сопствен македонски литературен јазик. Историските и политичките околности придонеле тоа прашање да нема сопствено решение во XIX век. На почетокот од XX век тие ќе бидат решени од Крсте Мисирков, потоа од поколенијата меѓу двете светски војни до кодификацијата на македонскиот литературен јазик во 1945 година.

# ЈАЗИКОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ АВТОРИ КОНСТАНТИН МИЛАДИНОВ, РАЈКО ЖИНЗИФОВ И ГРИГОР ПРЛИЧЕВ

Прашањето за јазикот кај авторите на новата македонска книжевност се јавува во посебни варијанти. Народниот јазик, или уште поточно јазикот на народната песна, е јазикот на кој Константин Миладинов стана вистински претходник на современата македонска поезија. Наспрема него, Рајко Жинзифов останал доследен на сопствениот став за создавање на "среден" бугарско-македонски литературен јазик. Григор Прличев имал свој јазичен експеримент со кој барал врз старословенската основа да биде создаден јазик кој би бил заеднички за сите Словени. "Знам дека тоа е фантазија, но е и голема потреба", истакнувал тој. Така, прашањето за македонскиот литературен јазик останало отворено до појавата на Крсте Мисирков и неговата книга "За македонцките работи" во 1903 година.

## *Запомни!*

Поголемо и значајно упростување на азбуката и правописот, а со тоа и доближување до фонетската азбука, се бележи во втората половина на XIX vek.

Во XIX век опстојувале две теории по прашањето за јазикот. Првата се застапувала за заеднички јазик за сите Словени во Турција, а втората јасно нагласувала дека Македонците како посебен народ и нација мора да имаат и свој сопствен македонски литературен јазик.

Народниот јазик, односно јазикот на народната песна, е јазикот на кој Константин Миладинов стана вистински претходник на современата македонска поезија.

## *Провери ги своите знаења!*

Кои се заслугите за развојот на нашиот јазик на Панајот Ѓиноски и Темелко Попов?

Какви јазични реформи бараа двете спротивставени теории во македонскиот XIX век?

Кои се карактеристиките на јазикот кај Константин Миладинов, Рајко Жинзифов и Григор Прличев?

### *Прошири ги и продлабочи ги своите знаења!*

"Деветнаесеттиот век ја изврши смената на основата на писмениот јазик. Меѓутоа, тој не го реши прашањето кој македонски дијалект ќе обиде во таа основа, бидејќи се пишуваше на повеќе дијалекти. Деветнаесеттиот век го постави прашањето за единствениот облик на писмениот јазик. Ја истакна потребата дека Македонците треба да се образуваат на еден писмен јазик. Но, не го реши прашањето - каков ќе биде тој писмен јазик. Имаше две теории. Ја оставам настрана онаа трета теорија, да се усвои некој од веќе постојните балкански јазици - грчкиот, српскиот или бугарскиот”.

Блаже КОНЕСКИ

## УЧЕБНИКАРСКАТА ДЕЈНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА

Една од позитивните реперкусии во врска со граѓанските превирања во Македонија е учебникарското дело во XIX век, јавено како насушна потреба и, пред сé, поради недостигот од учебници на народен, мајчин јазик, единствено разбирлив за македонските ученици.

Георги Сталев

Учебникарската дејност во XIX век претставува процес кој во своите основи го истакнува самостојниот национален развиток на македонскиот народ. Оттука, таа врз себе ќе ги наметне жестоките реагирања на интересите и пропагандите на соседните земји чија единствена цел била поделбата и завладувањето со територијата и со народот на Македонија.

Прв македонски учебникар е архимандритот Анатолиј Зографски. Во 1838 година, во солунската печатницата на Теодосиј Синаитски излегла од печат книшката "Начално е учение с молитви утренија” која претставува буквар. За учебникот "Славјанскаја граматика” познати се многу податоци, но не и тоа дали бил печатен. Овој доста древен ракопис подготвен за печатење од Зографски, се чува во библиотечниот фонд на Зографскиот манастир.

**Партениј Зографски** (1818, Галичник - 1876, Цариград) бил ученик на таткото на македонското просветителство - Димитрија Миладинов. Во неговата личност го имаме еден од најобразованите Македонци во XIX век. По прашањето за јазикот, Зографски ја застапувал тезата за создавање заеднички македонско-бугарски јазик. Но, јасно нагласувал дека: "Македонското наречие не толко не требет и не може да бидет исклъучено од обштијот писмениј јазик, по добро тја беше ако оно се приимаше за главна негова основа: по таја причина что оно е по плавно и по стројно и во многу отношенија и по богато. Представител на тоа наречие се југозападните страни на Македонија”. Оваа негова теза предизвикала остра реакција на Егзархијата. Автор е на учебниците: "Кратка свјаштенаја историја на Ветхо и Новозаветната црков” (1857) и "Началное учение за децата” (1858), напишан на галички говор. Во 1859 година го објавил учебникот "Кратка словенска граматика”. Со својата дејност ја будел националната свест на Македонците и го отфрлал духовното ропство на Патријаршијата.

Негов следбеник е познатиот македонски преродбеник, учебникар и фолклорист **Кузман Шапкарев** (1834, Охрид - 1909, Софија). Тој е автор на осум учебници и прирачници и со тоа го има првото место меѓу македонските учебникари. Во периодот од 1868 до 1874 година, ги објавил: "Кратка свештенна Повестница од Ветхијт и Новиј Завет и Кратко св. Оглашение (Катихизис)”, "Кратко землеописание”, "Б'лгарскиј Буквар”, "Голема Б'лгарска Читанка”, "Нар'чно св. Благовествование”, "Нар'чниј св. Посланичник”, "Мајчин јазик. Буквар”, "Прво начални познанија за Малечки детца”.

Идеологот на македонското национално будење **Ѓорѓи Пулевски** (1817, Галичник - 1895, Софија) се пројавил како поет, учебникар, граматичар, фолклорист, историчар. Во "Тријазичниот речник” (1875) јасно нагласил: "Славјано-македонскио јазик има пет разлики. Тије се руски, хрватски, бошњачки, бугарски и македонски. Македонскио јазик е најсроден со црковно-славјанските книги и тои је старославјански. Народ се вељит људи који се од еден род и који зборувајет еднаков збор. Тије људите ји викајет народ, а место во које живуват народ се велит отечество од тои народ. Така и Македонциве се народ и местово нивно је Македонија”. Автор е на првата македонска граматика "Слогница речовска” (1880), "Речникот на пет јазици” (македонско-српско-албанско-турско-грчки) напечатен во 1873 година и споменатиот "Тријазичен

речник" (словеномакедонско-албанско-турски) каде што за првпат ја изложил својата македонска национална програма. Негови капитални дела се македонската граматика "Јазичница" која има околу 500 страници и "Славјаномакедонската општа историја" од 1.700 страници, објавена од Македонската академија на науките и уметностите во 2003 година.

Познати македонски учебникари се: Венијамин Мачуковски, Павел Божигропски, Георги Динков, Панајот К. Ѓиновски, Димитар В. Македонски, Атанас Костенцев, Јосиф Ковачев, Јоаким Груев, Димитар Узунов. Тие ја одиграле пресудната улога во формирањето на македонскиот јазик и со нивните учебници го обезбедиле образованието на мајчин јазик на многу македонски генерации. На своите ученици Димитрија Миладинов им се обраќал со зборовите: "Љубезни чеда! Јас ве учам на туѓ јазик, но несправедливо е тоа учење. Едвај ќе се најде друг народ подолен и понизок од нашиот! На друго место никаде не се добива првото образование на туѓ јазик, туку се учи на својот мајчин и таков. Ќе дојде време и блиску е, кога и ние ќе започнеме да учиме на својот мајчин јазик". Тие аманети ги исполнија македонските учебникари.

## ЛОЗАРИТЕ - ПРЕТХОДНИЦИ НА МИСИРКОВ

Во 1891 година, поголема група млади Македонци во Софија ја формирале Младата македонска книжовна дружина. Во јануари 1892 година, бил објавен и првиот број на списанието "Лоза". Негови членови биле: Даме Груев, Димитар Мирчев, Никола Наумов, Петар Поп Арсов, Георги Баласчев, Георги Белев, Климент Караѓулев, Христо Поп Коцев, Никола Дејков, Тома Карајовов, Евтим Спространов, Коста Шахов, Лука Џеров, Христо Матов, Наум Туфекчиев и други. Дружината, според пишувањата на Блаже Ристовски, имала за задача да го разбудува и да го еманципира македонскиот патриотизам кај народот во татковината и во емиграцијата за отпор против сите надворешни мешања и за народно обединување во претстојната решавачка борба. Заедно со тоа како долгорочна и системна работа била и изградбата на македонскиот литературен јазик.

Како претходници на Крсте Мисирков се потврдуваат со јазикот на првите четири броја на "Лоза", кој не може да се име-

нува македонски, но содржи многу македонизми во лексиката, фонетиката и морфологијата. Фонетскиот правопис нагласено го издвојува од бугарскиот литературен јазик. Биле установени и посебни графеми за карактеристичните македонски меки консонанти, образувани со дијакритички знак, како што подоцна тоа го сторил Крсте Мисирков.

### *Запомни!*

Прв македонски учебникар е архимандритот Анатолиј Зографски.

Кузман Шапкарев е автор на осум учебници и прирачници и со тоа е меѓу првите македонски учебникари.

Идеологот на македонското национално будење Ѓорѓи Пулевски се пројавил како поет, учебникар, граматичар, фолклорист и историчар.

Во 1891 година, поголема група млади Македонци во Софија ја формирале Младата македонска книжовна дружина. Во јануари 1892 година бил објавен и првиот број на списанието "Лоза”.

### *Провери ги своите знаења!*

За кои македонски дијалекти како основа на заедничкиот македонско-бугарски јазик се залагал Партениј Зографски?

Зошто македонскиот комита, револуционер и војвода Ѓорѓи Пулевски се именува како меѓнички идеолог на македонското национално будење?

Зошто Лозарите се претходници на Крсте Мисирков?

### *Задача*

Внимателно разгледај ги ставовите на македонските учебникари од XIX век во врска со македонското јазично прашање! Потоа извлечи заклучок во врска со прашањето - кој став преовладува кај повеќемина учебникари!?

## КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ

***Крсте Петков Мисирков не е само кодификатор на современиот македонски литературен јазик и основоположник на современата македонска научна историографија, туку и синоним за вековната континуирана ослободителна борба на македонскиот народ за културно национална и државно-политичка афирмација. Тој е несомнено не само најпремолчуваната, туку и најжестоко напаѓаната и упорно прогонуваната личност во новата македонска историја. Но, животот на знаменитите дејци не се мери по должината на векот, туку по значењето и зрачењето на нивното дело во историјата.***

***Блаже Ристовски***

Единството на личноста и делото на Крсте Петков Мисирков го издигнаа на пиедесталот како најзнаменит Македонец во XX век. Тој е знак на равенство меѓу човекот и неговата татковина. Кога се споменува името на Мисирков притоа неминовно се мисли на Македонија. Кога се изговара името на Македонија во исто време тоа во себе го содржи и името на Мисирков. Човекот кој најдлабоко и трајно ја заора браздата во конституирањето и афирмацијата на македонската мисла и акција. Трајно ги одбележа традицијата и континуитетот на македонската посебност и непокор.

Крсте П. Мисирков е роден на 6/18 ноември 1874 година во селото Постол, некогашната престолнина на Александар Македонски - Пела, во Егејска Македонија. Основното грчко училиште го завршил во родното место, учителска школа во Белград, духовна академија во Полтава и Историско-филозофски факултет во Санкт Петербург. Бил еден од основоположниците на Младата македонска книжовна дружина во 1891 година. Во руската престолнина го формирал Тајниот македонско-одрински комитет (1900) и бил негов претседател. Еден е од основачите на Македонското научно-литературно другарство во 1903 година, исто така во Санкт Петербург. Постојано прогонуван, како осамен и несреќен откорнатик, во голема сиромаштија, починал на 26 јули 1926 година во Софија.

## ПОГЛЕДИТЕ НА МИСИРКОВ ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЛИТЕРАТУРЕН ЈАЗИК

Во 1900 година ги објавил првите текстови на македонски јазик со македонска азбука. Објавувани на страниците во повеќе московски и софиски списанија ("Македонски голос”, "Мир”, "Илинден”, "Славјанскија Известија”) тие предизвикувале жив интерес и жестоки реакции. Самите наслови укажуваат на тоа: "Самоопределувањето на Македонците”, "Македонија и словенството”, "Македонски национализам”, "Македонска култура”, "Нашата вера”, "Борба за автономија”.

Во статијата "Патот на помирувањето” нагласува: "Македонците ѝ се нужни на Македонија, зашто само со Македонци Македонија ќе биде на Македонците, а не без нив!”. Националното самочувство безрезервно го потврдува во текстот "Самоопределувањето на Македонците” како највисока етичка мерка: "Нека ми биде простено, но јас како Македонец на прво место ги поставувам интересите на мојата татковина и на моите сонародници и само потоа интересите на Бугарија и на Југославија. Јас сум Македонец, со македонска национална свест и како таков си имам свое, македонско, гледиште за минатото, сегашноста и иднината на мојата татковина и на целото јужно словенство, и затоа сакам и нас, Македонците, да нé прашаат за сите прашања што нé засегаат нас и нашите соседи, а не сé да свршува со спогодбите меѓу Бугарија и Србија, а без нас”.

Во Одеса на 1 септември 1905 година, го објавил првиот и единствен број на првото научно-литературно и политичко списание на македонски јазик "Вардар”.

## "ЗА МАКЕДОНЦКИТЕ РАБОТИ”

Македонската библиска книга на Крсте Петков Мисирков била објавена во септември 1903 година во Софија. Таа не успеала ни да излезе од печатницата, зашто бугарските власти веднаш ја заплениле и ја уништиле. Како сведоштво останале десетина примероци. Во неа извонредно прецизно, аргументирано и трајно ги одредил посебностите на македонскиот јазик и се залагал за формирање на македонски литературен јазик.

Книгата, по предговорот, содржи пет статии: “Шчо напраифме и шчо требит на праиме за однапред?”, " Имат ли се

нужда од македонцки национални научно-литературни другарства?", "Националнијот сепаратизам: земјишчето, на које се имат развијено и ке се развијат за однапредé, "Состауала, состауат и можит ли Македонија да состауат от себе оддел'на етнографцка и политичка јединица?" и "Неколку зборои за македонцкијот литературен јазик".

## "НЕКОЛКУ ЗБОРОИ ЗА МАКЕДОНЦКИЈОТ ЛИТЕРАТУРЕН ЈАЗИК"

Еден народ постои само со својот јазик. Милоста кон народниот јазик е наш долг и наше право, повикува, потврдува и опоменува Мисирков во завршниот текст од книгата. Тој има посебно место и значење, зашто единствено со аргументите на науката и со компаративно проследување на историската генеза на индоевропските народи и јазици ги поставува трајните теоретски основи за создавање на македонскиот литературен јазик. Притоа, клучни се правилата дека тој ќе се формира врз основата на централните македонски дијалекти: велешкиот, прилепскиот, битолскиот и охридскиот, а правописот ќе биде создаден врз фонетски принципи со мали отстапувања во етимологијата.

Јазикот на еден човек и на еден народ е негов знак на распознавање. Мисирков пишува: "Јазикот јет средство, со које није познааме, шчо мислит, шчо осек'ат и шчо сакат нашијот собеседник. Во јазикот се имаат оддел'ни гласовни знакои или зборои за сите мисли, осек'ајн'а и сакајн'а на једен чоек, за тоа јазикот на једен народ јет негоо дуовно богатство и наследство, во кое се закл'учуваат, отпечатени во гласовни знакои или зборои, сите народни мисли, осек'ајн'а, со који имат живено и живит једен народ и који се предаваат, како нешчо свето от једно поколејн'е на друго. Да сочуат некој својот народен јазик и да го бранит као светијн'а, значит, да останит он верен на дуот на својитепредедовци и да уважават се, шчо имаат они напраено за својето потомство. Да се откажит чоек от својо народен јазик, значит, да се откажит он и от народнијот дух. Со тоа само се објаснуат сакајн'ето и усилијата на покорителите, да напраат покорените, да се откажат от својот јазик и да изучат на негоо место нивнијот; исто така со тоа се објаснуат упорството на

покорените народи да сочуваат сето своје духовно народно наследство, а особито јазикот”.

### *Запомни!*

Крсте Петков Мисирков е автор на повеќе статии и на знаменитата книга "За македонцките работи”.

Книгата "За македонцките работи” е објавена во 1903 година во Софија. Оваа книга ги разработува најзначајните политички и културни прашања за Македонија и за Македонците.

Според погледите на Мисирков од 1903 година, македонскиот литературен јазик треба да се формира врз основата на централните македонски дијалекти: велешкиот, прилепскиот, битолскиот и охридскиот.

### *Провери ги своите знаења!*

Зошто Крсте Петков Мисирков е најзнаменит Македонец во XX век?

Во својата капитална книга "За македонцките работи” Мисирков јасно ги одредил принципите врз кои ќе се создава македонскиот литературен јазик. Кои се тие?

### *Задача!*

Да се разгледа и да се прокоментира содржината на првиот број на списанието "Вардар”!

### *Прошири ги и продлабочи ги своите знаења!*

"Македонците немаа добиено позначајна, пополна и поактуелна книга од делото на Крсте Мисирков 'За македонцките работи'. Тоа е огледало на целиот животен опит на една македонска историски пресудно важна генерација и истовремено силен продор во иднината затемелена врз фундаменталното познавање на минатото на народот и татковината во контекст на познавањето на историјата и современоста на околните народи и држави”.

Блаже РИСТОВСКИ

# МОРФОЛОГИЈА И МОРФОСИНТАКСА

**Морфологијата** е наука за јазикот што ги проучува формите на зборовите, правилата за нивното градење и граматичкото значење.

**Морфосинтаксата** е наука што се занимава со функцијата на зборовите во реченицата.

## Морфема

**Согледај!**

**ѕ и д а р** – одделни гласови (фонеми) како делови од зборот кои немаат сопствено значење

**ѕи – дар** – слогови, како делови од зборот кои, исто така, немаат сопствено значење

**ѕид – ар** – делови од зборот што имаат свое значење

| ѕид ↓ | ар ↘ |
|---|---|
| општ дел или корен коренска морфема | додаден дел наставка (суфикс) |

Општествениот дел од зборот, односно коренот (коренската основа) има свое сопствено значење и е најважен, носечки дел на зборот без кој другите делови на зборот не се во можност да образуваат збор што ќе има некакво значење.

Деловите, пак, што и се додаваат на коренската основа се викаат **наставки** или **суфикси**.

Најмалите делови од зборот кои имаат свое значење се викаат **морфеми**.

Зборот може да има една или повеќе морфеми.

**Спореди:**

**ѕид** → една морфема

**ѕид - ар** → две морфеми

**ѕид - ар - ство** → три морфеми итн.

Морфемата што ја означува коренската основа е најважниот и единствениот дел од зборот што има свое значење, а другите делови, односно другите морфеми, се придружуваат кон коренската основа за да го дополнат, но немаат свое посебно значење.

*На пример:*

**пат — ник**

пат → морфема која има свое значење

ник → морфема која употребена самостојно нема свое значење

## ВИДОВИ МОРФЕМИ

Има два вида некоренски морфеми:

1. **Зборообразувачки морфеми**, односно морфеми што служат за изведување на зборови со ново значење.
2. **Формообразувачки морфеми**, односно морефеми што служат за изменување на формите на зборовите.

*На пример:* ѕид, ѕидот, ѕидов, ѕидон, ѕидови и сл.

Освен морфемите, односно **афиксите** по општиот дел на зборот кои се викаат **наставки**, постојат и морфеми, односно афикси пред општиот дел на зборот и се викаат **претставки**.

***Спореди***



## *Зборoформа*

Под зборoформа се подразбираат различни форми во кои можат да се јазват одделни видови зборови во македонскиот јазик.

На пример: брег, бреже, брекче, брегот, брегови, (два) брега...

Во македонскиот јазик најголем број зборoформи разликуваат глаголите.

На пример: учи, учам, учиме, учиш, ќе учиме, би учеле, ќе учат, сте учеле итн.

### *Провери ги своите знаења!*

Што е морфема?

Која е разликата меѓу зборообразувачките и формообразувачките морфеми?

Кои од морфемите се викаат наставки, а кои претставки?

Што се подразбира под зборoформа?

# ЗБОРОВНИ ГРУПИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЛИТЕРАТУРЕН ЈАЗИК

## ОСТАНАА САМО ЖЕЛБИТЕ

На улица играат
три русокоси момчиња.
Заврна дожд
И тие побегнаа некаде.

На улицата останаа
само три цртежи:
едното дете плачеше,
една добра баба тагуваше,
една желба беше недоречена.

На улицата играа
три русокоси момчиња.
Заврна
и на асфалтот останаа
само три малечки желби.

**Васил ТОЦИНОВСКИ**





***Согледај***

Меѓу одделните зборови во стиховите на оваа песна постојат големи разлики, но и големи сличности. Тие, пред сè, се разликуваат по видот на кој му припаѓаат, а зборовите што припаѓаат на ист вид се многу блиски и како да сочинуваат едно семејство.



**Спореди!**

Зборовите: ***желба (желби), улица, момчиња, дожд, цртежи, дете, баба*** и ***асфалт*** се блиски еден со друг зашто со нив се означуваат имиња на суштества, предмети, појави или поими и се викаат **именки**.

Заедничко за зборовите: *русокоси* (момчиња), *добра* (баба), *недоречена* (желба) и *малечки* (желби) е тоа што со нив се означуваат некакви карактеристики на предметите, суштествата или појавите. Ваквите зборови образуваат посебна зборовна група наречена **придавки**.

Зборот *тие* укажува на суштества, има форма за лице и спаѓа во зборовната група **заменки**.

Зборовите: *три, еден* и *една* означуваат определено количество на суштества или предмети и спаѓа во зборовната група наречена **броеви**.

Сите зборови во македонскиот литературен (стандарден) јазик според своето значење можат да се распоредат во следниве единаесет зборовни групи:

1. именки,
2. придавки,
3. заменки,
4. броеви,
5. глаголи,
6. прилози,
7. предлози,
8. сврзници,
9. извици,
10. честички,
11. модални зборови.

**Внимавај!**

Меѓу одделните видови зборови, односно зборовни групи, нема строга граница, така што нивното значење доаѓа до израз во составот на реченицата.



**Спореди!**

Јадранка е **убаво** девојче. → појаснува именка

Јадранка **убаво** пее. → појаснува глагол

Сите видови зборови, односно зборовни групи во македонскиот литературен јазик, според нивното значење и

според службата што ја вршат во реченицата, можат да се распоредат во две основни групи:

1. Зборови коишто се менуваат по род, број, лице или време (именките, заменките, придавките, броевите и глаголите) и се викаат **менливи** зборови.

2. Зборовите коишто никогаш не ја менува својата форма (прилози, предлози, сврзници, извици, честички и модални зборови) и се викаат неменливи зборови.

**Запомни!**

***Во македонскиот литературен јазик има единаесет видови зборови кои можат да се распоредат во две основни групи: менливи и неменливи зборови.***

**Шематски приказ на одделните видови зборови во македонскиот литературен јазик**

**Видиви зборови**

- менливи
  - именки
  - заменки
  - придавки
  - броеви
  - глаголи
- неменливи
  - прилози
  - предлози
  - сврзници
  - извици
  - честички
  - модални зборови

***Провери ги своите знаења!***

♦ Колку зборовни групи има во македонскиот литературен јазик?

♦ Кои видови зборови се менливи, а кои неменливи?

# ИМЕНКИ

## ИМЕНКА

Како убава плетенка на моме
низ читанките се влече
и низ сите книги во книжарниците.
Личи на цутна градина,
на расплодена семка,
на црвена дренка,
а има чудно име -
И м е н к а!
Голема, голема, голема,
како нашето име
и колку имињата на сите родени,
на сите планини, езера, реки,
на сите животни:
питоми, лакоми, диви,
на мравките и тревките,
на детските игри и насмевките...

***Трајан Петровски***

### *Согледај!*

Неколку зборови од оваа песна го оправдуваат нејзиниот наслов, бидејќи означуваат имиња на:

- **суштества:** моме, животни, (питоми и диви), мравки, тревки и др.
- **предмети:** плетенка, читанки, книги, книжарници и др.
- **појави или поими:** именка, име, планина, езеро, река, игра и др.

*Запомни!*
**Именките се зборови кои означуваат имиња на суштества, предмети, појави или поими.**

## Класификација на именките

Според значењето именките се делат на **сопствени** и **општи.**

***Сопствените именки*** означуваат имиња на поединечни суштества или поими: Трајан, Милица, Струга, Кичево, Радика, Попова Шапка, Мурго...

***Општите именки*** означуваат имиња на суштества, предмети, појави или поими што имаат општи (заеднички) карактеристики: читанка, книга, моме, книжарница, мравка, планина, езеро, река, игра, насмевка и др.

Општите именки се делат на ***конкретни*** и ***апстрактни*** (мислени).

***Конкретни именки*** се оние со кои се именуваат предмети и суштества што можеме да ги видиме и допреме: плетенка, книга, семка, дренка, моме, мравки и др.

Има два вида конкретни именки: ***избројливи*** и ***неизбројливи*****.**

***Избројливи именки*** се оние што означуваат имиња на предмети или суштества и поими кои можат да се избројат: едно моме, две плетенки, четири читанки, седум-осум книжарници итн.

**Неизбројливи именки** се оние што означуваат имиња на предмети и суштества кои не можат да се избројат затоа што се претставени како множество или како составен дел од нешто. Овој вид именки се делат на: ***збирни*** (дрвја, војска, стадо, рој, јато и др.) и ***материјални*** (песок, сол, шеќер, брашно и др.).

*Шематскиот преглед на одделните видови именки може да се претстави вака:*




***Провери ги своите знаења!***

- Што се именки?
- Какви видови именки има според нивното значење? Кое е посебното значење на секоj од тие видови?
- Коj вид именки се пишуваат со голема печатна буква? Зошто?

## Граматички категории на именките

Именките во македонскиот jазик разликуваат три граматички категории: **род, броj** и **определеност.**

### *Род каj именките*

Именките во македонскиот литературен jазик имаат форми за машки род, женски род и среден род.

Секоjа именка му припаѓа на еден од овие три рода.

Родот каj именките полесно ќе го определиме ако се послужиме со формите на личната заменка за 3л. еднина: **тоj, таа, тоа.**

Именките пред кои може да стои личната заменка **т о j** се од машки род, именките пред кои може да стои личната заменка **т а а** се од женски род, а именките пред кои може да стои личната заменка **т о а** се од среден род.

***Запомни!***

***Именките во македонскиот литературен јазик разликуваат три рода: машки род, женски род и среден род.***

Освен со помошна формите од личната заменка за 3л. еднина, родот кај именките го препознаваме и по нивните завршоци.

Од примерите што досега се дадени можеш да извлечеш заклучок дека најголем број од именките во машки род завршуваат на согласка: човек, ученик, брег, волк, зајак, даб, молив и др.

Именките од женски род најчесто завршуваат на самогласката **а-**: жена, клупа, планина, ученичка, бреза, ластовица, книга и др.

Именките од среден род секогаш завршуваат на самогласката **о-** или **е-:** село, дете, јагне, огледало, цвеќе и др.

***Внимавај!***

Мал број именки од машки род завршуваат на самогласките **а-** или **е-**: судија, слуга, дедо, вујко, Мирче, павле и др., а мал број именки од женски род завршуваат на согласка: радост, болест, сол, крв, пепел, песок и др.

***Провери ги своите знаења!***

- ♦ Колку рода разликуваат именките во македонскиот литературен јазик?
- ♦ Како полесно ќе определиме на кој род им припаѓаат именките?
- ♦ Што е карактеристично за мал број именки од машки род и од женски род во поглед на нивните завршоци?

## ***Број кај именките***

Со именките во македонскиот јазик може да се означува едно суштество, односно еден предмет или појава, но и повеќе такви суштества, односно предмети или појави.

Именките со кои се означени поединечни предмети, суштества или појави се во **еднина**, а именките со кои се означени повеќе предмети, суштества или појави се во **множина.**

Оваа граматичка категорија се вика **број кај именките.**

*Запомни!*

***Во македонскиот литературен јазик именките имаат два броја: еднина и множина.***

## *Видови множина кај именките*

Многу ***птици*** над ***дрвјата***
се вивнале в лет,
а вредните ***пчели,*** гледај,
летаат од цвет на цвет.

Кротки ***овци*** пасат мирно
под ***сенките*** на два ***даба,***
а покрај нив лае песот
му се гледаат два-три ***заба.***

Во стиховите има повеќе именки. Едни од нив се во еднина, а други во множина. Каква разлика забележуваш во множината на овие именки?

Именките што се употребени во множински форми можеме да ги распоредиме во три групи:

а) птици,
пчели,
овци,
сенки.

б) дрвја;

в) даба (два),
заба (два-три).

Со именките ***птици, пчели, овци*** и ***сенки*** се означени повеќе предмети или суштества од ист вид. Овој вид множина се вика ***обична множина.***

Со именката ***дрвја*** е означено множество во неговата целост, односно со таа именка е означено множество, збир од истородни суштества и затоа ваквиот вид множина се вика ***збирна множина.***

Со именката ***даба*** (два) и ***заба*** (два-три) се означени предмети или суштества во определено, односно во избројано количество и затоа овој вид множина кај именките се вика ***избројана множина.***

Обична и збирна множина разликуваат именките од сите три рода, а избројана множина само именките од машки род кои во еднина завршуваат на согласка.

Трите вида множина кај именките сликовито може да се претстави вака:



листови



листа (три)



лисја (лисје)

### Провери ги своите знаења!

Колку броја разликуваат именките во македонскиот литературен јазик?

Кои именки се во еднина, а кои во множина?

Во кои видови множина можат да се јават именките?

## Определеноста на именките

Еден од основните белези на македонскиот литературен јазик е определеноста на некои видови зборови која се изразува преку членските форми. Додавајќи им на општите именки некоја од формите на членот, всушност, предметите, појавите или поимите означени со именките, стануваат определени, односно поблиски, попознати.

Во македонскиот литературен јазик ги има следниве членски форми кои уште се викаат ***членски наставки*** или ***морфеми.***

| Еднина | | | Множина | |
|---|---|---|---|---|
| за. м. р. | за ж. р. | за. с. р. | за м. и ж. р. | за ср. р. |
| -ОТ | -ТА | -ТО | -ТЕ | -ТА |
| -ОВ | -ВА | -ВО | -ВЕ | -ВА |
| -ОН | -НА | -НО | -НЕ | -НА |

Членските форми освен што служат за определување на именките, односно на предметите, појавите и поимите означени со нив, тие имаат и просторно значење. Членските форми ***-ов, -ва, -во*** за еднина и ***-ве*** и ***-ва*** за множина се користат за означување на суштества и предмети кои се блиску до говорителот.

На пример: Отвори ја *вратава* да влезам во *собава.*

Членските форми: ***-он, -на, -но*** за еднина и ***-не*** и ***-на*** за множина се користат за суштества и предмети оддалечени од оној кој говори, но тој сепак ги гледа.

На пример: На *врвон од планинана* сé уште има снег.

Сопствените именки се самоопределени и не се членуваат. Исклучок од ова прават сопствените именки кога преку нивните членски наставки е изразен личниот став на говорителот.

На пример: Денес *Вардаров* е многу матен. Тој многу го почитуваше *Верчето.*

***Провери ги своите знаења!***

Што се именки?

По што се разликуваат сопствените од општите и конкретните од апстрактните именки?

Кои граматички категории ги разликуваат именките?

## ФУНКЦИИТЕ НА ИМЕНКИТЕ ВО РЕЧЕНИЦАТА

***Согледај!***

***Ивана*** чита. → (подмет)

Ивана чита ***книга***. → (директен предмет)

И зборувам на ***Ивана***. → (индиректен предмет)

Ивана е ***ученичка***. → (именски дел од прирокот)

Ивана седеше до ***масата***. → (прилошка определба)

***Заклучок***

Именките во реченицата можат да бидат употребени во функција на подмет, предмет (директен или индиректен), именски дел од прирокот, прилошка определба и др.

# ПРИДАВКИ

## СЕЛО

Крај бистра планинска река
си лежи нашето село,
ко мало орлово гнездо
во дрвја скриено цело.

Сред село широко гумно
кај в лето жито се врши,
а после, в празнични денови,
со радост оро се крши.

В крај село куќичка бела,
до неа школо ново -
кај прва осетив радост
кај прво научив слово.

***Лазо Каровски***

Покрај кој вид зборови стојат истакнатите зборови во стиховите на оваа песна? што означуваат тие?

Истакнатите зборови: *бистра, планинска* (река), *нашето* (село), *орлово* (гнездо), *широко* (гумно), *празнични* (денови), куќичка) *бела,* (школо) *ново, прва* (радост) и *прво* (слово) стојат покрај именките (пред нив или по нив) и именуваат некои карактеристики, односно својства на суштествата, предметите и појавите.

***Согледај: бистра, планинска река***

↓ речната вода е бистра

↓ реката ѝ припаѓа на плажата

Ваквите зборови се викаат ***придавки***.

> ***Запомни***
>
> ***Придавки се зборови со кои се именуваат карактеристики, односно својства на суштествата, предметите и појавите означени со именките.***

## ПОДЕЛБА НА ПРИДАВКИТЕ СПОРЕД ЗНАЧЕЊЕТО

### *Размисли и заклучи!*

Разгледај ја шемава и обиди се да заклучиш за видовите придавки според значењето.




| присвојни | количествени | квалитативни | прашални | општи | неопределени |
|---|---|---|---|---|---|
| мој | онолкав | ваков | каков | секаков | некаков |
| твој | толкав | таков | колкав | инаков | никаков |
| негов | олкав | онаков | | | |
| нејзин | | | | | |

Од приказов може да се види дека основни видови придавки се: ***описни, заменски, односни*** и ***бројни***.

***Описни придавки*** се оние со кои се опишуваат предметите, суштествата или појавите: ***високо*** (дрво), ***тажен*** (глас), ***силен*** (дожд) и др.

***Односни придавки*** се оние што означуваат припадност, потекло и сл. Во оваа група придавки најголем е бројот на ***материјалните*** и ***присвојните придавки***: ***свилена*** (шамија), ***конопна*** (кошула), ***стаклена*** (чаша), ***селски*** (мост), ***планинарски*** (дом) и др.

***Бројни придавки*** се оние што се образувани од броеви: ***прв, втор, трета, двоен, троен, четворен*** и др.

***Заменски придавки*** има повеќе видови, а секој од тие видови има свое посебно значење. (Претставени се на шемата.)

## Граматички категории на придавките

### *Род на придавките*

**БЕЛА ПЕСНА**

***Бела*** коса,
***бела*** брада,
***бело*** руно,
***бела*** зграда.

***Бело*** теле,
***бела*** крава,
***бело*** млеко
нам ни дава.

***Бело*** утро,
***бела*** среда,
***бел*** вторник
што не гледа.

***Стојан Тарапуза***

Која граматичка категорија откриваш кај придавките преку истакнатите зборови во стиховите на оваа песна?

*Согледај!*

***бел*** → ***вторник*** → ***бела*** → песна, коса, брада, зграда, крава, среда ***бело*** → руно, теле, млеко, утро

Забележуваш дека пред именката од машки род вторник стои придавката ***бел***, пред именките од женски род: *песна, коса, брада, зграда, крава* и *среда* – стои придавката ***бела***, а пред именките од среден род: *руно, теле, млеко* и *утро* – стои придавката ***бело***.

Значи, придавките имаат посебни, различни форми за сите три рода во еднина, а заедничка форма за сите три рода во множина, но тие секогаш родот го примаат преку именките на кои се однесуваат. Ако именката е од машки род и придавката ќе биде од машки род (***бел*** цвет) – ако именката е од женски род и придавката ќе биде од женски род (***бела*** рада), ако именката е од среден род и придавката ќе биде од среден род (***бело*** лале), ако именката е во множина и придавката ќе биде во множина (***бели*** цветови) итн.

## *Број на придавките*

### ПЕСНА ЗА МЕСЕЧКО

*Месечко*
*понекогаше златна пара*
*фрлена во речен вир до зори.*

*Понекогаше сончоглед убав*
*расцветан*
*над заспани гори.*

*Понекогаше светнат срп*
*избеган*
*од весели жетварски дланки.*

*Понекогаше канарка жолта*
*слетана*
*сред зелени гранки.*

*Понекогаше*
*од некој зрел плод*
*голема семка.*

*Но најмногу ми личи*
*на добар продавач*
*што чука на мојот прозорец*
*и ми нуди*
*пријатна дремка.*

**Бошко Смаќоски**

*Размисли!*

- Кои зборови се придавки во оваа песна?
- По што се разликуваат тие освен по значењето и по родот на кој му припаѓаат.

*Спореди!*

а) ***златна*** пара, ***речен*** вир, сончоглед ***убав, расцветан, зрел*** плод...

б) ***заспани*** гори, ***весели жетварски*** дланки, ***зелени*** гранки.

*Согледај!*

Именките во првата група примери се во еднина. Затоа и придавките што се пред нив или по нив се во еднина.

Именките во втората група примери се во множина. Затоа и придавките што се однесуваат на нив се во множина.

Значи, освен по род, придавките се согласуваат со именките и по број.

***Запомни!***

***Придавките во македонскиот литературен јазик разликуваат два броја: еднина и множина.***

Бројот на придавките зависи од бројот на именките. Ако именката е во еднина и придавката што стои покрај неа и ја појаснува ќе биде во еднина. Ако именката е во множина, и придавката што ја појаснува ќе биде во множина.

## *Функции на придавката во реченицата*

Во реченицата придавката може да ги има следниве функции:

- ***атрибут***: Скокајќи од гранка на гранка ***малата*** верверичка падна врз ***сонливиот*** волк.
- именски дел од прирокот: Ова дете навистина е ***вредно***.
- ***предмет***: Ги нахранивме ***гладните***.
- подмет: ***Премрзнатиот*** тропна на нашата врата.

### *Провери ги своите знаења!*

Што означуваат придавките?

Какви видови придавки има според нивното значење?

Кои граматички категории ги имаат придавките?

Какви функции можат да вршат придавките во реченицата?

# БРОЕВИ

*Примери:*

а) На ***една*** гранка стоеја ***три*** птици: ***две*** врапчиња и ***една*** чавка.
б) Одеднаш на небото се појавија **седум-осум** темни облаци.

Што означуваат истакнатите зборови во овие реченици?
Со зборовите: ***една, две*** и ***три*** означена е одредена (точна) бројност на суштества, а со зборовите ***седум-осум*** означена е приближна бројност на појави.
Ваквите зборови се ***броеви.***

*Запомни*

***Броевите се зборови со кои се означува одредена или приближна бројност на суштества, предмети или појави.***

Броевите разликуваат и посебни форми за лица.
***На пример:*** Одејќи кон шумата сретнав ***двајца*** ловџии.
Истакнатиот збор (*двајца)* се однесува на лица од машки род.
Формите од броевите што служат за означување на лица од машки род се образуваат со наставките - ***ина*** и ***мина:*** *двајца, четворица, петмина, десетмина, стомина* итн.

## Граматички категории на броевите

### *Род и број на броевите*

Броевите немаат посебни форми за род и број. Исклучок од ова прават само броевите ***еден*** и ***два.*** Првиот од овие два броја ги има сите три форми за род: ***еден*** -за м. р; ***една*** - за ж. р. и ***едно*** - за ср. р. Овој број има и множинска форма која гласи **едни,** меѓутоа таа форма повеќе има заменско значење, отколку множинска

форма за бројот еден.

Бројот ***два*** има две форми за род: ***два*** - за м. р. и ***две*** - за женски и за среден род.

## *Определеност на броевите*

Својата определеност броевите ја добиваат со членските форми но преку поврзаноста со именките.

Така, на пример, броевите еден и два коишто имаат форми за род, ги добиваат истите членски форми како и именките: едниот, едната, еднава, двете, двата, двеве, двана итн.

Кога бројот се наоѓа пред именка, обично е определен, односно е во членувана форма.

На пример: Двете ластовички изградија ново гнездо под стреата.

Единаесетте фудбалери на нашата репрезентација извојуваа висока победа во средбата со репрезентацијата на Заир.

Броевите составени од повеќе зборови од кои последните два се сврзуваат со сврзникот **-и** не се членуваат.

На пример: За учебниците платив илјада осумстотини педесет и четири денари.

Меѓутоа, понекогаш има исклучоци од ова правило.

На пример: Врати ми ги триста педесет и седумте денари.

Обично не се членуваат и броевите кои означуваат приближна бројност.

На пример: Во текот на оваа година прочитав **три-четири** романи.

Но: Од **три-четирите романи** што ги прочитав во текот на оваа година најсилен впечаток ми остави романот ,,Папокот на светот" од современиот македонски писател Венко Андоновски.

## *Провери ги своите знаења*

**Ш**то означуваат броевите?

Кои граматички категории ги разликуваат?

# ЗАМЕНКИ

Заменките се зборови што укажуваат на лица и предмети или директно ги посочуваат.

На пример: **Вие** ќе се грижите за одгледувањето на **овие** цвеќиња.

Со заменката **вие** укажуваме на лица кон кои се обраќаме во говорот, а со заменката **овие** се посочуваат нешта, а во конкретен случај тоа се цвеќињата.

Според значењето има три вида заменки: **лични, лично – предметни** и **показни**.

Личните заменки во македонскиот литературен јазик се следниве зборови:

| **Еднина** | **Множина** |
|---|---|
| 1 л. јас | 1 л. ние |
| 2 л. ти | 2 л. вие |
| 3 л. тој (за м. р.) | 3 л. тие |
| таа (за ж. р.) | |
| тоа (за ср. р.) | |

Со личните заменки се означуваат односи меѓу учесниците во говорот.

На пример: **Јас** и **ти** ќе се грижиме за папагалот.

Со личната заменка **јас** е означено лицето кое говори (1 лице еднина), а со личната заменка **ти** е означено лицето кон кое се обраќаме во говорот (2 лице еднина).

Со личните заменки за трето лице: **тој, таа, тоа** (за еднина) и **тие** (за множина) се означуваат лица кои само се споменуваат в говорот, а нивното присуство не е задолжително во моментот на зборувањето.

На пример: **Тој** ми рече дека ќе задоцни на состаноков.

Во македонскиот литератуен јазик има една лично – повратна заменка **себе се**.

Личните заменки имаат долги и кратки форми за директен и индиректен предмет, како и форми што се употребуваат само со предлози.

На пример:

**Го** видов **него**. (Форми за директен предмет).
**Му** реков **нему**. (Форми за индиректен предмет).

# Преглед на долгите и кратките форми на личните заменки

| | Еднина | | | | | Множина | | | еднина и множина |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 лице | 2 лице | 3 лице | | | 1 лице | 2 лице | 3 лице | |
| | | | м.р. | ж.р. | ср.р. | | | | |
| основна (подметска) форма | јас | ти | тој | таа | тоа | ние | вие | тие | |
| форма за директен предмет | мене, ме | тебе, те | него, го | неа, ја | него, го | нас нé, | вас, ве | нив, ги | Себе (си) се |
| форма за индиректен предмет | мене, ми | тебе, ти | нему, му | нејзе, ѝ | нему, му | нам, ни | вам, ви | ним, им | Себе (си) си |
| форма што се употребува со предлози | мене | тебе | него | неа | него | нас | вас | нив | Себе (си) |



## ЗНАЧЕЊЕ НА ЛИЧНО – ПРЕДМЕТНИТЕ ЗАМЕНКИ

**Лично - предметните заменки** се однесуваат на лица и предмети и имаат различни значења; **прашално значење, односно значење, одречно значење, неопределено значење** и **општо значење**.

**Прашално значење** имаат следниве лично – предметни заменки: што? кој? (која? кои?) и чиј? (чие? чии?).

Примери: **Што** рече? **Кој** дојде? **Чија** е книгава?

**Одречно значење** имаат следниве лично – предметни заменки: ништо, никој (никоја, никое, никои) и ничиј (ничија, ничие, ничии).

Примери: Не зборувај **ништо!** На парламентарната седница **никој** не се пријави за дискусија по таа точка од дневниот ред.

**Односно значење** имаат следниве лично - предметни заменки: што, кој (која, кое, кои), чиј (чија, чие, чии), којшто (којашто, коешто, коишто) и чијшто (чијашто, чиешто, чиишто).

Пример: Човекот **што** дојде не го познавам. Кој учи, ќе научи.

**Неопределено значење** имаат следниве лично – предметни заменки: нешто, некој (некоја, некое, некои), нечиј (нечија, нечие, нечии), кој било (која било, кое било, кои било) и кој годе (која годе, кое годе, кои годе).

Пример: Ми се причини дека имаше **некој** во дворот.
**Кој било** да е ќе дојде дома.

**Општо значење** имаат следниве лично – предметни заменки: сешто; секој (секоја, секое, секои) и сечиј (сечија, сечие, сечии).

Пример: На состанокот се зборуваше **сешто**.
**Секој** се обидуваше да докаже дека тој е во право.

## ПОКАЗНИ ЗАМЕКИ

Показните заменки служат за посочување лица или предмети што се блиску до оној кој зборува (овој, оваа, ова, овие); за посочување на пооддалечени лица или предмети (оној, онаа, она, оние) или за посочување лица или предмети без просторно определување (тој, таа, тоа, тие).

Пример: **Овој** трактор е наш.

Сѐ уште не сум се искачил на врвот од **онаа** планина.

**Таа** (куќа) е на Никола.

## ФУКЦИЈАТА НА ЗАМЕНКИТЕ ВО РЕЧЕНИЦАТА

Во составот на реченицата заменките можат да вршат повеќе функции од кои поважни следниве:

а) **Подмет во реченицата:**
**Ние** секогаш го следиме дневниот печат.

б) **Атрибут во реченицата:**
**Секој** човек мора да има примерно однесување кон другите.

в) **Предмет во реченицата:** (директен, индиректен и предлошки);
**Нив ги** сретна во паркот. **Ним им** реков да си одиме. Се загрижившме **за неа**.

г) **Прилошка определба во реченицата:**
Попладне дојдете **кај нас**.

*Запомни!*

Заменките се зборови што укажуваат на суштества, предмети и појави или ги посочуваат нив.

Според значењето заменките се делат на лични, лично – преметни и показни и имаат различни функции во реченицата.

*Провери ги своите знаења!*

- Кое е основното значење на заменките?
- Кои се формите на личните заменки во македонскиот литературен јазик?
- Кои видови лично – предметни заменки постојат?
- Кои заменки се викаат показни?
- Кои се поважните функции на заменките во реченицата?

# ГЛАГОЛИ

Глаголите се зборови кои означуваат дејство (*трча, плива, чита, пишува, зборува*) или состојба (*спие, лежи, дреме, седи, стои*) во врска со вршителот на дејството. Во рамките на реченицата, глаголот е прирок кој се однесува на дејството што го врши субјектот (подметот).

## ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ НА ГЛАГОЛОТ

Во македонскиот стандарден јазик се разликуваат повеќе граматички категории кај глаголите: **време, начин, лице, вид, преодност, род и број.**

## ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА ВРЕМЕ

Оваа граматичка категорија го определува времето во кое се врши дејството што го означува глаголот во однос на моментот на зборувањето. Во таа смисла, се разликуваат три основни глаголски времиња: минато, сегашно и идно.

На пример: **Испратив порака.** (минато време);
**Испраќам порака.** (сегашно време);
**Ќе испратам порака.** (идно време).

Во овие три временски плана (минато, сегашно, идно) се сместуваат и различните времиња што му се својствени на македонскиот стандарден јазик: сегашно време, минато определено време (свршено и несвршено), минато неопределено време (свршено и несвршено), предминато време, идно време, идно прекажано време и минато-идно време.

## ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА НАЧИН

Говорителот најчесто зазема определен субјективен, личен став кон глаголското дејство. Тој став може да биде искажан на три начини: а) како констатација, односно како исказ; б) како заповед (наредба) или како желба да се изврши дејството; в) како можност да се изврши дејството под определен услов.

Според тоа, разликуваме три граматички начини: **исказен начин** (индикатив), **заповеден начин** (императив), **можен начин** (потенцијал).

На пример: **Весна дојде.** (исказен начин);
**Весна, дојди!** (заповеден начин).
**Весна би дошла, ако ја викнете.** (можен начин).

## ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА ЛИЦЕ

Граматичката категорија лице се однесува на вршителот на дејството. Како и кај личните заменки, и кај глаголите се разликуваат три лица во еднина и три лица во множина. Лицето најчесто е определено со самата форма на глаголот:

| На пример: | еднина | множина |
|---|---|---|
| Прво лице: | **Читам** | **Читаме** |
| Второ лице: | **Читаш** | **Читате** |
| Трето лице: | **Чита** | **Читаат** |

Во реченицата вообичаено е овие форми на глаголот да се сврзуваат со соодветните лични заменки (*јас читам, ти читаш, тој чита, ние читаме, вие читате, тие читаат*).

Кај некои глаголи сретнуваме и безлични форми. Такви се, на пример, повратните глаголи: *Во недела не* ***се работи.***

## ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА ВИД

Според видот, глаголите ги делиме на **свршени** и **несвршени**. Свршените глаголи изразуваат дејство што се сфаќа како целосно завршено: *купи, дојде, продаде, научи*. Со несвршените глаголи се изразува дејство што не е завршено во однос на моментот на зборувањето: *купува, доаѓа, вика, паѓа*.

На пример: **Напишав**. (свршен вид).
**Пишувам**. (несвршен вид).

Во рамките на несвршените глаголи се разликуваат **трајни** и **повторливи** глаголи. Трајните глаголи изразуваат несвршено дејство во неговото одвивање, во неговото последователно вршење: *носи, оди, плива, копа*. Повторливите глаголи изразуваат несвршено дејство чие извршување ни се претставува во една редица од моменти, во периодично повторување: *чукнува, тропнува, потскокнува, послужува*.

## ГРАМАТИЧКА КАТЕГОРИЈА ПРЕОДНОСТ

Оваа граматичка категорија го подразбира односот меѓу глаголското дејство и предметот во реченицата. Се разликуваат **преодни** и **непреодни** глаголи.

Преодни се оние глаголи чие дејство се сврзува, односно "преоѓаé врз предметот: *Петре* ***ја чита книгата***. Непреодни се оние глаголи кои не се сврзуваат со предметот во реченицата: *оди, трча, спие, патува.*

## ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ РОД И БРОЈ

Родот (**машки, женски, среден**) се јавува кај безличните глаголски форми, и тоа само во еднина: глаголска придавка (*легнат, легната, легнато*), глаголска л-форма (*легнал, легнала, легнало*). Глаголските именки, пак, спаѓаат во граматичкиот среден род: *ова спиење, тоа викање*.

Во однос на граматичката категорија број, кај глаголите (исто како кај именките) се разликуваат два броја: **еднина** и **множина**.

На пример:

| | еднина | множина |
|---|---|---|
| 1 л. | *Трчам* | *Трчаме* |
| 2 л. | *Трчаш* | *Трчате* |
| 3 л. | *Трча* | *Трчаат* |

### *Запомни!*

Глаголите се зборови кои означуваат дејство (*трча*) или состојба (*спие*) во врска со вршителот на дејството.

Кај глаголите се разликуваат неколку граматички категории: време, начин, лице, вид, преодност, род и број.

### Провери ги своите знаења!

Што се искажува со глаголите?

Кои граматички категории се карактеристични за глаголите?

Како се делат глаголите според граматичката категорија вид?

### *Задача*

Во следниот текст пронајди ги глаголите и посочи ги конкретно формите од граматичките категории!

СПОМЕН

1.

Суштествува страшен миг - кога и споменот се распаѓа, се разлага. Јас те молам не да ми вратиш нешто од животот, ами да ми ги обновиш спомените.

- Зачувај ги, ако можеш, сам своите спомени!

2.

- Ја гледам подобро од тебе сенката, ги гледам појасно нејзините шарки под лозницата на трева, под столот на сончев под; густиот сплет на лисјата ми е поразбирлив одошто на други, - затоа ти сепак често ќе зажалиш што не си со мене.

Блаже КОНЕСКИ

## КЛАСИФИКАЦИЈА НА ГЛАГОЛИТЕ

Во зависност од тоа на која самогласка завршува формата за трето лице еднина во сегашно време, глаголите се класифицираат во три глаголски групи - *а-група, и-група, е-група*:

| | **Трето лице еднина, сегашно време** |
|---|---|
| 1. **а-група:** | *шета, скока, вика, бега*; |
| 2. **и-група:** | *носи, моли, коси, вели*; |
| 3. **е-група:** | *бере, плете, везе, пее*. |

Поголем број глаголи од втората и од третата група (*и-група* и *е-група*) покажуваат свои специфичности. Поради тоа, глаголите во овие две групи и натаму се систематизираат (се класифицираат) во подгрупи, односно во таканаречени раздели.

Поделбата на глаголите на раздели во рамките на групите се врши според самогласката која доаѓа пред личната наставка ***-в*** кај формата за прво лице еднина во минато определено свршено време (*носе-в, веле-в, бере-в, плете-в, кажа-в*).

### Глаголи од а-група

Кај глаголите од *а-група* доследно се јавува самогласката *а* кај третото лице еднина во сегашно време: *шета, скока, вика, бега* и слично. Затоа во оваа глаголска група нема подгрупи, односно раздели.

### Глаголи од и-група

Глаголите од *и-група* се класифицираат во три раздели: ***и-раздел, е-раздел, а-раздел***.

Најголем број од глаголите во оваа група спаѓаат во ***и-раздел***:

| **3. л. едн., сегашно време (група)** | **1 л. едн., мин. опр. свршено време (раздел)** |
|---|---|
| *згази* | *згазив* |
| *прати* | *пратив* |
| *згреши* | *згрешив* |

Во ***е-раздел*** влегуваат глаголите: *остари - остарев, оздрави - оздравев, оглуви - оглувев, ослепи - ослепев*, *изгори - изгорев, потемни - потемнев* и слично.

Во ***а-раздел*** од *и-група* спаѓаат глаголите: *брои - бројав, стои - стојав, гнои - гнојав*, *лежи - лежав, држи - држав* и други слични на нив.

### Глаголи од е-група

Во оваа глаголска група се разликуваат четири раздели: ***а-раздел, е-раздел, о-раздел*** и ***раздел без основен вокал***.

Најбројни се глаголите од ***а-раздел***. Овде спаѓаат глаголите: *падне - паднав, викне - викнав, пише - пишав, брише - бришав, каже - кажав* и слично.

Во ***е-раздел*** спаѓаат неколку глаголи: *умре - умрев, запре - запрев, навре - наврев, сотре - сотрев, спростре - спрострев, нaѕре - нaѕрев* и други слични на нив.

Во редот на ***о-раздел*** се вбројуваат глаголите: *пече - пеков, рече - реков, влезе - влегов, плете - плетов - плел, преде - предов - прел* и слично.

Во *разделот без основен вокал* спаѓаат глаголите: *пие - пив, мие - мив, чуе - чув, блуе - блув*.

**Забелешка:** Како исклучок од ваквите граматички правила се јавуваат формите од неколку неправилни глаголи: *бере - брав, дере - драв, коле - клав, седе - зедов - зел, спие - (за)спав* и слично.

### *Запомни!*

Глаголите се класифицираат во три глаголски групи врз основа на самогласката на која завршува формата за трето лице еднина во сегашно време: *а-група, и-група, е-група.*

Глаголите од *и-група* и од *е-група* и натаму се класифицираат во подгрупи, односно во таканаречени раздели. Тоа се врши според самогласката која доаѓа пред личната наставка ***-в*** кај формата за прво лице еднина во минато определено свршено време.

### *Провери ги своите знаења!*

Колку глаголски групи постојат во македонскиот стандарден јазик?

На кој начин се врши класификацијата на глаголите во групи и во подгрупи (раздели)?

Колку раздели постојат во глаголската *и-група*? Кои се тие?

На колку раздели се поделени глаголите од *е-група*? Кои се тие раздели?

### *Задача*

Пронајди ги глаголите во текстот што следува! Посочи ги нивните форми за трето лице еднина во сегашно време и за прво лице еднина во минато определено свршено време! Врз основа на тоа, определи во која глаголска група и во кој раздел спаѓаат тие глаголи!

## ФАКТОРИТЕ И ПОЕТСКАТА МИСЛА

Ќе звучи необично, меѓутоа со заедничката мисла на песните од "Бели мугри", особено со структурата на мислата во "Ленка", се чини како поетот да се обидел, притоа успешно, да ја прошири и да ја помести библиската граница на човековата мисла - од нашето библиско да ја пренесе во некое далечно време до кое мислата на Библијата не стигнала.

Димитар БОШКОВ

## ФОРМИТЕ НА ГЛАГОЛОТ

Во македонскиот стандарден јазик се разликуваат два вида глаголски форми: **прости** и **сложени**.

Простите глаголски форми претставуваат изменување на основниот глаголски дел со различни наставки со што на глаголот му се придаваат различни граматички значења: *плива - пливав - пливај - пливање - пливајќи*.

Сложените глаголски форми претставуваат состав од помошна форма и форма од глаголот што се менува: *сум пливал - ќе пливам - би пливал*.

## ПРОСТИ ГЛАГОЛСКИ ФОРМИ

Во прости глаголски форми спаѓаат: **сегашно време, заповеден начин, минато определено свршено време, минато определено несвршено време, глаголска л-форма, глаголска придавка, глаголски прилог** и **глаголска именка**.

### СЕГАШНО ВРЕМЕ

Сегашното време означува дејство кое се врши во сегашноста, односно во моментот кога говорителот зборува за тоа дејство: *јас одам, ти пливаш, тие играат*. Тоа е неговото основно значење.

Сегашното време се образува на тој начин што на основниот глаголски дел прво му се додава основната самогласка, а потоа и следните наставки:

| еднина | множина |
|---|---|
| 1 л. **-м** | 1 л. **-ме** |
| 2 л. **-ш** | 2 л. **-те** |
| 3 л. - | 3 л. **-ат** |

На пример:

| | еднина | множина | еднина | множина |
|---|---|---|---|---|
| 1л. | **викам** | **викаме** | **пеам** | **пееме** |
| 2 л. | **викаш** | **викате** | **пееш** | **пеет** |
| 3 л. | **вика** | **викаат** | **пее** | **пеат** |

Покрај основното значење, сегашното време се

употребува за изразување и на други значења:

а) За искажување минати дејства - историско сегашно време: *Тогашвојската* ***ја преминува*** *реката и* ***го напаѓа*** *непријателот.*

б) За искажување идни дејства: *Задутре* ***заминувам*** *на одмор.*

в) За изразување вонвременско значење (дејства кои се однесуваат на минато, сегашност, иднина): *Упорната работа* ***носи*** *успех.*

**Забелешка:** Сегашното време се образува само од несвршени глаголи. Формите на сегашното време од свршени глаголи не се сретнуваат самостојно, туку во сложени глаголски форми: *ќе паднам.*

## ЗАПОВЕДЕН НАЧИН

Со формите на заповедниот начин говорителот изразува желба или заповед (наредба) да се изврши определено дејство. Се разликуваат **директен** и **индиректен заповеден начин**.

Директниот заповеден начин има форми само за второто лице во еднина и во множина: *(ти) викај - (вие) викајте; носи - носете; пеј - пејте.*

Индиректниот заповеден начин се образува со честичките **да** или **нека** и со глаголските форми за сегашно време: *да носиш; нека пее*.

На пример: **Весна, пишувај!** (директна заповед).
**Весна нека пишува!** (индиректна заповед).

Со помош на овие честички се образува заповеден начин и за другите лица: *Тој нека дојде!; Тие нека пишуваат!; Да одиме!*

## МИНАТО ОПРЕДЕЛЕНО СВРШЕНО ВРЕМЕ

Со формите на минато определено свршено време се означуваат дејства кои се извршиле во минатото во присуство на говорителот и кои ги сфаќаме како веќе завршени: *јас паднав, тој дојде, тие викнаа*.

Ова минато време се образува кога на основниот глаголски дел ќе му се додаде основната самогласка, а потоа и следните наставки:

| еднина | множина |
|---|---|
| 1 л. **-в** | 1 л. **-вме** |
| 2 л. **-** | 2 л. **-вте** |
| 3 л. **-** | 3 л. **-а (ја)** |

На пример:

| | еднина | множина | еднина | множина |
|---|---|---|---|---|
| 1 л. | **скокнав** | **скокнавме** | **отворив** | **отворивме** |
| 2 л. | **скокна** | **скокнавте** | **отвори** | **отворивте** |
| 3 л. | **скокна** | **скокнаа** | **отвори** | **отворија** |

Минато определено свршено време се употребува и за означување на идни дејства: *Ако ме налутиш, те* ***заклав****!;* ***Дадовме*** *ли први гол, победуваме.*

## МИНАТО ОПРЕДЕЛЕНО НЕСВРШЕНО ВРЕМЕ

Со минато определено несвршено време се означува минато дејство што е засведочено од говорителот и кое ни се претставува во своето одвивање: *јас паѓав, тој пливаше, тие одеа.*

Минато определено несвршено време се образува од основниот глаголски дел, основната самогласка и од следниве наставки:

| еднина | множина |
|---|---|
| 1 л. **-в** | 1 л. **-вме** |
| 2 л. **-ше** | 2 л. **-вте** |
| 3 л. **-ше** | 3 л. **-а (ја)** |

На пример:

| | еднина | множина | еднина | множина |
|---|---|---|---|---|
| 1 л. | **читав** | **читавме** | **мислев** | **мислевме** |
| 2 л. | **читаше** | **читавте** | **мислеше** | **мислевте** |
| 3 л. | **читаше** | **читаа** | **мислеше** | **мислеа** |

Покрај основното значење, формите на ова време се употребуваат и за искажување на блага заповед, условно значење и готовност за извршување на некое дејство.

*Да* ***дојдеше*** *вечер на разговор, не е лошо*. (блага заповед).

*Да* ***заврнеше*** *дожд, ќе имавме богат род.* (условно значење).

*Доаѓав, бездруго, ако не ме* ***оставеше*** *автобусот.* (готовност за извршување на некое дејство).

### *Запомни!*

Глаголските форми се делат на прости и сложени.

Кај простите глаголски форми се менува основниот глаголски дел со различни наставки со што се добиваат различни граматички значења.

Сложените глаголски форми претставуваат состав од помошна форма и форма од глаголот што се менува.

Прости глаголски форми се: сегашно време, заповеден начин, минато определено свршено и несвршено време, глаголска л-форма, глаголска придавка, глаголски прилог, глаголска именка.

### *Провери ги своите знаења!*

Кои глаголски форми ги нарекуваме прости глаголски форми?

Како се образува сегашното време?

Која е разликата меѓу директниот и индиректниот заповеден начин?

Какви дејства означува минато определено свршено време?

Како се образува минато определено несвршено време?

### *Задачи*

а) Посочи ги сите форми од сегашно време, заповеден начин и минато определено несвршено време од глаголот *патува*!

б) Во следниот текст определи ги и посочи ги формите на глаголите и нивните значења:

Врнеше снег. Тој тргна кон продавницата што се наоѓаше веднаш до училиштето. - Мислам дека одам премногу брзо - си рече во себе. Одеднаш се слизна на мразот и падна.

- Станувај! - му викна бабата која внимателно чекореше по тротоарот. - Ако внимаваше, немаше да паднеш.

Од дворот на училиштето доаѓаше смеа.

## БЕЗЛИЧНИ ГЛАГОЛСКИ ФОРМИ

Во рамките на безличните глаголски форми се вбројуваат: **глаголска л-форма**, **глаголска придавка**, **глаголска именка** и **глаголски прилог**.

### ГЛАГОЛСКА Л-ФОРМА

Глаголската л-форма најчесто ја сретнуваме во сложените глаголски форми заедно со помошниот глагол **сум**. Граматички категории коишто се карактеристични за глаголската л-форма се родот и бројот.

Глаголската л-форма само во еднина се јавува со посебни форми за трите рода - машки, женски и среден род: *носел - носела - носело*. Во множина таа има една форма за трите рода - *носеле*.

Кај глаголската л-форма се разликува еднина и множина. Таа има една форма за трите лица во еднина и една форма за трите лица во множина.

| На пример: | | еднина | | множина |
|---|---|---|---|---|
| | 1 л. | | 1 л. | |
| | 2 л. | **спиел (а, о)** | 2 л. | **спиеле** |
| | 3 л. | | 3 л. | |

Глаголската л-форма се образува така што на глаголската основа и се додаваат наставките: **-л, -ла, -ло, -ле** (*праша-л; праша-ла; праша-ло; праша-ле*).

Кај определен број глаголи се формираат неправилни глаголски л-форми: *преде* - ***прел***; *јаде* - ***јал***; *даде* - ***дал***; *дојде* - ***дошол*** и слично.

### ГЛАГОЛСКА ПРИДАВКА

Глаголската придавка претставува преодна категорија меѓу глаголот и придавката. Со неа се искажува резултатот од вршењето на глаголското дејство врз определен предмет во вид на својство на тој предмет како моментна или трајна особеност: *паднат, ранет, скршен*.

Глаголската придавка се образува така што кон основниот глаголски дел се додава основната самогласка, а потоа и наставките кои овде се појавуваат во два вида, односно со **-н** и со **-т**:

| | еднина | множина | еднина | множина |
|---|---|---|---|---|
| м. р. | **-н** | ↓ | **-т** | ↓ |
| ж. р. | **-на** | **-ни** | **-та** | **-ти** |
| ср. р. | **-но** | ↑ | **-то** | ↑ |

На пример:

| | еднина | множина | еднина | множина |
|---|---|---|---|---|
| м. р. | **виден** | ↓ | **познат** | ↓ |
| ж. р. | **видена** | **видени** | **позната** | **познати** |
| ср. р. | **видено** | ↑ | **познато** | ↑ |

Наставките со **-т** се додаваат кај глаголите со основен глаголски дел на **н** и **њ**: *станат, бањат*.

Од наставките се гледа дека за глаголската придавка се карактеристични граматичките категории род и број.

Кај некои глаголи, глаголската придавка се јавува во двојна форма: *бран - берен*; *дран - дерен*; *пран - перен*; *ткан - ткаен* и слично.

## ГЛАГОЛСКА ИМЕНКА

Глаголската именка се образува од несвршени глаголи на тој начин што кон основниот глаголски дел и основната самогласка се додаваат наставките **-ње** (за еднина) **и -ња** (за множина). Притоа, основен вокал кај глаголите од *а-група* е **а**, додека кај другите две глаголски групи (*и-група*, *е-група*) како основна се јавува самогласката **е**: *викање, читање, патување, носење, пеење*.

Најчесто, глаголската именка означува одвивање на некое дејство. Ова нејзино својство е најочигледно кога таа се јавува како замена за личните глаголски форми. На пример, во "Крпен живот" од Стале Попов среќаваме ваква употреба на глаголските именки:

***Месење, печење, ткаење, куќа гледање, сето остана на Митра.***

Овие глаголски именки ги заменуваат личните форми:

***Да месе, да пече, да ткае, куќа да гледа, сето остана на Митра.***

Сепак, кај помал број глаголски именки доминантно станало именското значење, односно кај нив преовладуваат именските особености: *прашање, јадење* и слично.

Од глаголските именки се образуваат и множински форми:

еднина:
**патување кажување свиркање ткаење мислење**
множина:
**патувања кажувања свиркања ткаења мислења**

Глаголската именка често влегува во состави со предлозите **на**, **со**, **по**, **во**, **за**: *пеењето на птиците*; *со влегувањето внатре...*; *по носењето дома...*; *во одењето на тој човек се забележува...*; *се прибра со влечкање до аголот...* итн.

## ГЛАГОЛСКИ ПРИЛОГ

Исто како глаголската именка, и глаголскиот прилог се образува од несвршени глаголи. Неговото образување се врши на тој начин што кон основниот глаголски дел се додава основниот вокал (**а** за *а-група* и **е** за другите две глаголски групи), а потоа и наставката **-јќи**: *читајќи, патувајќи, носејќи, мислејќи, сеејќи*, *миејќи*.

Со глаголскиот прилог се изразува дејство што се врши истовремено со дејството изразено од личната глаголска форма во реченицата, а двете дејства се поврзуваат со еден подмет.

На пример: *Тој шеташе во паркот* ***размислувајќи*** *за убавото време.*

Глаголските форми ***шеташе*** и ***размислувајќи*** означуваат дејства што се одвиваат во исто време (*шеташе и истовремено размислуваше*) и се однесуваат на еден подмет (*тој*).

*Запомни!*

Безлични глаголски форми се: глаголската л-форма, глаголската придавка, глаголската именка и глаголскиот прилог.

Глаголската л-форма најчесто ја сретнуваме како составен дел на сложените глаголски форми.

Глаголската придавка е преодна категорија меѓу глаголот и придавката.

Глаголската именка и глаголскиот прилог се образуваат само од несвршени глаголи.

### *Провери ги своите знаења!*

Како се образува глаголската л-форма?

Колку вида наставки постојат за глаголската придавка? Кои се тие?

Што означува најчесто глаголската именка?

Какво дејство се искажува со глаголскиот прилог?

### *Задача*

Во следниот текст определи ги и посочи ги формите од глаголската л-форма, глаголската придавка, глаголската именка и глаголскиот прилог!

ПОСЛЕДНО ПРИБЕЖИШТЕ
(фрагмент од роман)

Знаејќи ѝ го времето на излегување и враќање, излегувал од својата поткровна соба и слегувал по скалите за да ја сретне. И така ја поздравувал со поткревање на капата. Таа, пак, ќе клепнела со своите долги клепки, ќе подништела со главата исправена како балерина, ќе поцрвенела и со молчење ќе се поттргнела настрана за да се разминат по скалите. Тој нејзин поглед, иако кус, му се чинело како да го допира, како да му остава трага. Понекогаш тој одел по неа и ја следел по скалите.

Јован СТРЕЗОВСКИ

## СЛОЖЕНИ ГЛАГОЛСКИ ФОРМИ

Сложени глаголски форми се: **минато неопределено време, предминато време, идно време, минато-идно време, идно прекажано време, можен начин** и **глаголските конструкции со сум и има**.

## МИНАТО НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ

Минато неопределено време се образува од сегашното време на помошниот глагол **сум** и глаголската л-форма:

На пример:

| | еднина | множина | еднина | множина |
|---|---|---|---|---|
| 1 л. | **сум паднал** | **сме паднале** | **сум читал** | **сме читале** |
| 2 л. | **си паднал** | **сте паднале** | **си читал** | **сте читале** |
| 3 л. | **паднал** | **паднале** | **читал** | **читале** |

Минато неопределено време се образува и од несвршени и од свршени глаголи.

На пример:

*Таа го **читала** романот "Папокот на светоте́ од Венко Андоновски.*

*Таа го **прочитала** романот "Папокот на светоте́ од Венко Андоновски.*

Формата **читала** е употребена во минато неопределено несвршено време, а формата **прочитала** во минато неопределено свршено време.

Во третото лице еднина и множина се изоставаат формите од помошниот глагол **сум**, а значењето е изразено само преку глаголската л-форма.

Со минато неопределено време се искажува минато дејство што се вршело или се извршило во време кое не е точно определено. Оваа глаголска форма најчесто искажува незасведочено дејство, односно дејство кое се одвивало во отсуство на говорителот: *Ми кажаа дека тој заминал*.

Сепак, формите за прво лице еднина и прво лице множина прават извесни отстапувања од ова значење и означуваат засведочено дејство: *Јас повеќепати сум зборувал за тоа*; *Ние сме оделе често на риболов*.

## ПРЕДМИНАТО ВРЕМЕ

Формите за предминато време се образуваат со помошниот глагол **сум** во минато определено несвршено време и глаголската л-форма. Помошниот глагол **сум** ги има следните форми во минато определено несвршено време:

| | еднина | множина |
|---|---|---|
| 1 л. | **Јас бев** | **Ние бевме** |
| 2 л. | **Ти беше** | **Вие бевте** |
| 3 л. | **Тој беше** | **Тие беа** |

Значи, кога кон овие форми на помошниот глагол **сум** ќе се додаде глаголската л-форма, се добиваат формите за предминато време:

На пример:

| | | еднина | множина |
|---|---|---|---|
| | 1 л. | **Јас бев заспал** | **Ние бевме заспале** |
| | 2 л. | **Ти беше заспал** | **Вие бевте заспале** |
| | 3 л. | **Тој беше заспал** | **Тие беа заспале** |

Предминатото време означува дејство што се случило во минатото пред некое друго минато дејство. На пример:

*Кога отидов кај него, тој веќе **беше заминал.***

Во своето основно значење, предминатото време изразува директно, односно засведочено кажување.

## ИДНО ВРЕМЕ

Идно време се образува со честицата **ќе** и сегашно време од глаголот.

На пример:

| | еднина | множина | еднина | множина |
|---|---|---|---|---|
| 1 л. | **ќе одам** | **ќе одиме** | **ќе паднам** | **ќе паднеме** |
| 2 л. | **ќе одиш** | **ќе одите** | **ќе паднеш** | **ќе паднете** |
| 3 л. | **ќе оди** | **ќе одат** | **ќе падне** | **ќе паднат** |

Со идното време се искажуваат дејства што ќе се вршат или ќе се извршат по моментот на зборувањето, односно во иднина: *Утре **ќе одиме** на екскурзија*.

Покрај основното значење, идното време има и други, споредни значења:

а) Со идното време може да се искажува заповед:

*Ќе станеш, ќе се измиеш и ќе одиш на училиште!*

б) Со формите за идно време се искажува и претпоставка:

*По сѐ изгледа, денес ќе заврне дожд.*

в) Со идното време се искажуваат и минати дејства:

*Си дошол дома домаќинот и што ќе види: на куќната врата - катанец.*

г) Со формите за идно време се искажува и услов за извршување на дејството:

*Учениците кои редовно учат ќе постигнат солидни резултати.*

д) Со идното време се искажуваат и дејства што се повторуваат:

*Тој ќе дојде дома, ќе ја остави чантата, ќе си ги измие рацете, ќе руча и ќе седне да ја напише домашната задача.*

Идното време се образува и од свршени и од несвршени глаголи.

## МИНАТО-ИДНО ВРЕМЕ

Минато-идно време се образува од честицата **ќе** и минато определено несвршено време од глаголот.

На пример:

| | еднина | множина | еднина | множина |
|---|---|---|---|---|
| 1 л. | **ќе читав** | **ќе читавме** | **ќе викнев** | **ќе викневме** |
| 2 л. | **ќе читаше** | **ќе читавте** | **ќе викнеше** | **ќе викневте** |
| 3 л. | **ќе читаше** | **ќе читаа** | **ќе викнеше** | **ќе викнеа** |

Со минато-идно време се искажува минато дејство кое се определува како идно од гледна точка на некој друг минат момент: *Се договараа,* ***ќе одеа*** *на прошетка*.

Покрај ова основно значење, минато-идно време има и неколку други, споредни значења:

а) Со минато-идно време се искажува глаголско дејство чие извршување е можно ако се исполни определен услов:

*Да дојдеше порано, ќе одевме на фудбалскиот натпревар.*

б) Со формите од минато-идно време се искажуваат повторливи глаголски дејства:

*Кога ќе се вратеше од работа, татко ми ќе ја извадеше капата, ќе ја издуваше прашината од неа, ќе ја наместеше на закачалката и ќе седнеше пред телевизорот.*

в) Со минато-идно време се искажува и претпоставка:

*Момчето што помина покрај нас не ќе имаше повеќе од десетина години.*

### *Запомни!*

Со минато неопределено време се искажува минато дејство што се вршело или се извршило во време кое не е точно определено.

Формите за предминато време се образуваат со помошниот глагол сум во минато определено несвршено време и глаголската л-форма.

Со идното време се означуваат дејства што ќе се вршат или ќе се извршат по моментот на зборувањето.

Минато-идно време искажува минато дејство кое се определува како идно од гледна точка на некој друг минат момент.

### *Провери ги своите знаења!*

Кои глаголски форми се сложени?

Како се образуваат формите за минато неопределено време?

Какво дејство се искажува со предминато време?

Како се образува идното време?

Како се образуваат формите за минато-идно време?

### *Задача*

Определи ги и посочи ги формите за трите лица во еднина и множина за минато неопределено време, предминато време, идно време и минато-идно време од следниве глаголи: *пишува, седи, скока*.

## ИДНО ПРЕКАЖАНО ВРЕМЕ

Во редот на сложените глаголски форми влегува и идно прекажано време.

Формите на идно прекажано време се образуваат со честицата **ќе** и минато неопределено време од глаголот.

| ***На пример:*** | ***еднина*** | ***множина*** |
|---|---|---|
| 1 л. | **ќе сум купувал** | **ќе сме купувале** |
| 2 л. | **ќе си купувал** | **ќе сте купувале** |
| 3 л. | **ќе купувал** | **ќе купувале** |

Идно прекажано време најчесто се образува од несвршени глаголи: *купува, игра, паѓа, оди, чита* и слично. Меѓутоа, како исклучоци, во ретки случаи, можно е образување на форми за идно прекажано време и од свршени глаголи: *ќе сум паднел, ќе си викнел, ќе сте напишеле*.

Со идно прекажано време се искажуваат незасведочени, односно прекажани дејства што треба да се извршат во иднина.

Значи, ова време се нарекува идно затоа што означува дејства што треба да се извршат во иднина. Ова време се нарекува и прекажано затоа што за тие дејства говорителот дознава од некое друго лице. На пример:

*Разбрав дека утре **ќе си купувал** нов компјутер.*

Покрај основното значење, идно прекажано време се употребува за искажување на некои други значења:

а) Со формите за идно прекажано време се прекажуваат повторливи дејства:

*Секој работен ден **ќе излезел** од дома, **ќе седнел** во автомобилот и **ќе заминел** на работа.*

б) Со идно време се прекажуваат и условни дејства:

*Во саботата тој не бил на училиште, ама **ќе отидел** ако морал.*

## МОЖЕН НАЧИН

Можниот начин, исто така, е сложена глаголска форма. Се образува со честичката **би** и л-формата од глаголот:

| На пример: | еднина | | множина | |
|---|---|---|---|---|
| 1 л. | **Јас** | ↓ | **Ние** | ↓ |
| 2 л. | **Ти** → | **би дошол** | **Вие** → | **би дошле** |
| 3 л. | **Тој** | ↑ | **Тие** | ↑ |

Од дадениот пример се гледа дека можниот начин има една форма за сите три лица во еднина (*јас, ти, тој* - ***би читал***) и една форма за сите три лица во множина (*ние, вие, тие* - ***би читале***). Тоа значи дека за можниот начин е својствена граматичката категорија ***број*** (еднина и множина), но кај него отсуствува граматичката категорија ***лице*** (прво, второ, трето лице).

Сепак, во формите за еднина, поради присуството на л-формата, можниот начин ја разликува граматичката категорија ***род*** (машки, женски, среден род). Во множина, пак, можниот начин има иста форма за трите рода:

На пример:

| | еднина | множина | |
|---|---|---|---|
| м. р. | Тој маж **би читал** | Тие мажи | ↓ |
| ж. р. | Таа жена **би читала** | Тие жени → | **би читале** |
| ср. р. | Тоа дете **би читало** | Тие деца | ↑ |

Со можниот начин се искажуваат можни, но и посакувани дејства или, пак, дејства чие извршување зависи од определени услови.

На пример:

а) *Јас би можел да трчам.* (можно дејство).

б) *Јас би сакал да трчам.* (посакувано дејство).

в) *Јас би трчал ако не врне дожд.* (условно дејство).

## ГЛАГОЛСКИ КОНСТРУКЦИИ СО СУМ И ИМА

Во македонскиот стандарден јазик помошни глаголи се **сум** и **има**. Помошниот глагол **има** се употребува и со формата за негација - **нема**.

Глаголот **сум**, како што веќе видовме, влегува како составен дел на поголем број сложени глаголски форми. Меѓутоа, и глаголот **сум** и глаголот **има** влегуваат во сложени глаголски конструкции со глаголската придавка: *Јас сум легнат*; *Ти имашвидено*. Притоа, помошниот глагол ги определува сите граматички категории, а придавката се сведува на чиста ознака за глаголското дејство и таа воопшто не се менува.

На пример:

| | |
|---|---|
| **имам носено**; | (сегашно време) |
| **имав носено;** | (минато определено време) |
| **сум имал носено;** | (минато неопределено време) |
| **бев имал носено;** | (предминато време) |
| **ќе имам носено;** | (идно време) |
| **ќе имав носено;** | (минато-идно време) |
| **ќе сум имал носено;** | (идно прекажано време) |
| **би имал носено.** | (можен начин). |

Во зависност од формата на помошниот глагол, ваквите конструкции означуваат минати, сегашни и идни дејства во однос на моментот на соопштувањето:

а) *имам дојдено* (дејство извршено во минатото сé до моментот на соопштувањето);

б) *имав дојдено* (дејство што се извршило до еден одреден момент во минатото);

в) *ќе имам дојдено* (се претпоставува извршување на дејство во иднина).

Во ваквите глаголски конструкции се употребува и негацијата од помошниот глагол **има** со формата **нема**: *немам дојдено, немаш читано, немате носено* и слично.

### *Запомни!*

Формите на идно прекажано време се образуваат со честицата **ќе** и минато неопределено време од глаголот.

Со идно прекажано време се искажуваат незасведочени, односно прекажани дејства што треба да се извршат во иднина.

Со можниот начин се искажуваат можни, но и посакувани дејства или, пак, дејства чие извршување зависи од определени услови.

Глаголот **сум** и глаголот **има** влегуваат во сложени глаголски конструкции со глаголските придавки.

### *Провери ги своите знаења!*

Како се образува идно прекажано време? Какво дејство се искажува со оваа сложена глаголска форма?

Како се образува можен начин?

Какви дејства означуваат формите за можен начин?

Кој член ги определува граматичките категории кај глаголските конструкции со помошните глаголи **сум** и **има**?

### *Задача*

Кај глаголите *плива* и *пишува* определи ги и посочи ги формите за идно прекажано време, можен начин и глаголските конструкции со помошниот глагол **има**!

# П Р И Л О З И

## ПАТУВАЊЕ

***Денеска многу*** патував и се изморив.
Седнав да се одморам.
Се смрачи.
Месечината, како добра и грижлива мајка, целото поле **грижливо** го покри со својата срмена покривка.

*З. В.*

### *Помош*

Истакнатите зборови во овој текст стојат покрај глаголот во реченицата и го појаснуваат дејството изразено со него на тој начин што означуваат време, место, начин или количество во кое се врши тоа дејство.

Така, на пример, во реченицата: ,,Денеска многу патував и се изморив" со зборот ***денеска*** е означено времето во кое се вршело глаголското дејство, а со зборот ***многу*** е означено количеството во кое тоа дејство се вршело или се извршило. Во реченицата: ,,Месечината, како добра и грижлива мајка, целото поле грижливо го покри со својата срмена покривка" со зборовите ***како*** и ***грижливо*** означен е начин на кој се вршело, односно се извршило дејството изразено со глаголот во реченицата.

Ваквите зборови се викаат ***прилози*.**

***Запомни!***
***Прилозите се вид зборови што стојат покрај глаголот во реченицата и го појаснуваат дејството изразено со него по време, место, начин, количество и сл.***

Во ретки случаи прилозите можат да појаснуваат именки, придавки или други прилози.

На пример: Тој се напи ***малку*** вода и заспа.
појаснува именка

Тој е ***многу*** добар човек.
појаснува придавка

Тој постапува ***мошне*** коректно со нас.
појаснува прилог

Според своето значење прилозите се делат на:

1. прилози за време;
2. прилози за место;
3. прилози за начин и
4. прилози за количество.

Прилозите за време означуваат време во кое се врши или ќе се врши дејството изразено со глаголот и се бараат со прашањето ***кога.***

На пример: *Денеска* рано станав.

Прилозите за време се: денес(ка), вчера, утре, кога, сега, после, тогаш, некогаш, одамна, подоцна, веднаши др.

Прилозите за место означуваат место каде што се врши, се вршело или ќе се врши дејството изразено со глаголот и се бараат со прашањето ***каде.***

На пример: Навечер, кога сонцето ќе зајде
и кога *горе* треперат ѕвезди,
на небо Месечко ќе се најде –
на чудно коњче тој *таму* езди...
*Ванчо Николески*

Прилози за место се: каде, ваму, таму, горе, долу, лево, десно, внатре, надвор, дома, назад и др.

Прилозите за начин означуваат начин на кој се врши дејството изразено со глаголот и се бараат со прашањето ***како.***

На пример: *Како* ќе си надробиш, *така* ќе сркаш.

Прилози за начин се: како, така, вака, добро, лошо, полека, брзо, внимателно, грижливо, тивко, гласно, вешто и др.

Некои прилози за начин имаат исти форми со придавките во среден род и затоа треба многу да внимаваме при определувањето на нивното значење.

*Спореди!*

Во ливадата остана вечерното ***палаво*** ветре.
придавка во ср. род

Ветрето ***палаво*** си играше со високите тревки во ливадата.
прилог

Прилозите за количество означуваат количество во кое се врши, се вршело или ќе се врши дејството изразено со глаголот и се бараат со прашањето ***колку***.

На пример: Јане *многу* зборува, ама *малку* учи.

Прилозите за количество се: колку, толку, малку, многу, премногу, повеќе, двојно, неколку, доволно и др.

***Провери ги своите знаења!***

- ♦ Кои зборови се викаат прилози?
- ♦ Како се делат прилозите според своето значење?
- ♦ Освен што појаснуваат глаголски дејства по време, место, начин или количество, што уште можат да појаснуваат прилозите?

# ПРЕДЛОЗИ

*Согледај!*




*Размисли!*

- Што се искажува со зборовите на оваа слика?

*Помош*

Зборовите: **низ, над, зад, покрај, кон, во, на, од, под** и **пред** искажуваат различни односи на предметите и суштествата во однос на куќата.

Изразени во реченицата тие односи би изгледале вака:

**Низ** оџакот на куќата излегува густ, црн чад.
**Над** куќниот покрив летаат птици.
**Зад** куќата има високо дрво
Скалата е исправена **покрај** куќата.
Жената оди **кон** куќата.
**Во** куќата нема никој.
Чичкото излегува **од** куќата.
**Пред** куќата има масичка.
**На** масичката има книга, а **под** масичката – малечка топка.

*Запомни*

Зборовите со кои се искажуваат различни односи меѓу предметите и суштествата, односно меѓу зборовите што ги означуваат нив се викаат предлози.

Предлозите се неменливи видови зборови и немаат свое, самостојно значење, туку само заедно со другите зборови во составот на реченицата добиваат поконкретно, најчесто просторно значење, односно најчесто означуваат место. Во речениците што досега ги приведовме предлозите имаат просторно значење. Меѓутоа. освен просторното значење, предлозите имаат и уште неколку други значења, меѓу кои и овие:

- ***временско значење:***
  Кај баба ми ќе одам **утре**.
  **Во** средата училиштето не работеше.
- ***начинско значење:***
  Го гледаше **со** потсмев.
  Така му реков **на** шега.
- ***целно значење:***
  Отиде **по** печурки.
  Собираше пари **за** екскурзија.
- ***присвојно значење:***
  Тетраткава е **на** Милка.
  Пенкалово е **од** Никола.
- ***причинско значење:***
  Поцрвене **од** срам.
  Трепери од страв.

Според составот има два вида предлози:

а) **прости:** в, во, на, за, од, до, со, без, над, зад, пред, кон, по, низ и др.
б) **сложени:** покрај, накај, откај, помеѓу, поради, заради, наспроти и др.

***Провери ги своите знаења!***
Што означуваат предлозите?
Кои значења ги имаат предлозите?
Колку вида предлози има според составот?

# СВРЗНИЦИ И СВРЗУВАЧКИ ЗБОРОВИ

***Согледај!***

Зоран од продавницата купи леб **и** млеко. Таму ги сретна Никола **и** Младен. Зоран, Никола **и** Младен се ученици во исто одделение. Никола **и** Младен си отидоа дома.

x x x x x

Зоран тргна кон куќата на чичко му **и** заѕвони на вратата.

Заѕвони уште неколку пати, **но** никој не се јавуваше.

Наоколу немаше жива душа, **само** Зоран упорно чекаше пред вратата.

Вратата на куќата беше заклучена, **веројатно** немаше никој во неа.

***Размисли!***

Во каква функција се истакнатите зборови во овие реченици?

***Спореди!***

Зоран од продавницата купи **леб** и **млеко.**

*збор* *збор*

*врска*

**Никола** и **Младен** си отидоа дома.

*збор* *збор*

*врска*

**<u>Зоран тргна кон куќата на чичко му</u>** и **<u>заѕвони на вратата</u>**.

*реченица* *врска* *реченица*

**<u>Заѕвони уште неколку пати</u>** но **<u>никој не се јавуваше.</u>**

*реченица* *врска* *реченица*

*Заклучуваме!*

Истакнатите зборови во првата група примери поврзуваат одделни зборови во составот на реченицата, а истакнатите зборови во втората група примери поврзуваат одделни реченици во составот на сложената реченица.

Сврзниците се неменливи видови зборови.

***Запомни!***

***Зборовите што служат да поврзуваат одделни зборови во простата реченица или одделни реченици во составот на сложената реченица се викаат сврзници.***

## *Научи повеќе!*

*Поделба на сврзниците*

Има неколку начела од кои се поаѓа при поделбата на сврзниците:

а) Според односот на зборовите и на речениците што ги поврзуваат, сврзниците можат да се поделат во две поголеми групи:

1. Сврзници што поврзуваат две реченици во една независносложена реченица и се викаат ***координациски*** (приредувачки).

Примери: Поетот читаше свои песни, ***а*** учениците внимателно го слушаа.

Овошните дрвца расцутеа, ***но*** не заврзаа плод.

Во оваа група спаѓаат следниве сврзници: ***а, ама, ами, но, туку, меѓутоа, или, или-или, ни-ни, де-де, ту-ту*** и др.

2. Сврзници кои поврзуваат две реченици во една зависносложена реченица и се викаат ***субординациски*** (подредувачки).

Примери: Поетот читаше гласно ***за да*** го слушаат сите во салата.

Овошните дрвца не заврзаа плод, ***бидејќи*** во цветањето фати голем студ.

Во ваквите случаи сврзниците секогаш ѝ припаѓаат на зависната реченица.

б) Според структурата, односно според составот, сврзниците се делат на:

1. прости: ***и, а, но, туку, па, та*** и др.

2. сложени: ***иако, макар што, така што, пред да, за да*** и др.

Во некои случаи во сложените реченици на местото од сврзниците се употребуваат ***сврзувачки зборови***.

Во редот на сврзувачките зборови спаѓаат:

♦ Односните заменки: кој-којшто, чиј-чијшто и што.
♦ Прашалните заменки: што? кој? чиј?
♦ Неопределените заменки: што и да е, кој и да е, чиј и да е.
♦ Заменските придавки: каков што, колкав што, каков и да е, колкав и да е.
♦ Заменските прилози: каде, кога, како, колку, каде и да е, кога и да е, како и да е, колку и да е.

Во поретки случаи кај зависните исказни реченици како сврзувачки зборови се употребуваат честичките *дали* и *ли,* а кај зависните условни реченици честичката *ли.*

***Провери ги своите знаења!***

♦ Кои видови зборови се викаат сврзници?
♦ Кои сврзници се викаат координациски, а кои субординациски?
♦ Колку вида сврзници има според структурата, односно според составот?
♦ Кои видови зборови можат да вршат сврзувачка служба во зависните реченици?

# ЧЕСТИЧКИ

*Задача:*

• Разгледај ги внимателно приведените реченици, а посебно внимание обрни на истакнатите зборови во нив и обиди се да го откриеш нивното значење.

а) **Да,** јас го скршив прозорецот.
**Не,** јас не го скршив прозорецот.
**Дали** ти го скрши прозорецот? Ти **ли** го скрши прозорецот?
**Барем** да си признаеше дека си го скршил прозорецот?
**Само** ти си можел да го скршиш прозорецот.
**Еве,** стаклото е парчосано.

б) Јас сум **по**мал од брат ми, а сестрами е **нај**мала во нашето семејство.
Кога **ќе** научам, **ќе** поиграм кошарка.
И Лазо **би** играл, но го боли главата.

Истакнатите зборови во првата група примери служи за истакнување на други зборови, а истакнатите зборови во втората група примери служат за степенување на описните придавки или за образување на некои глаголски форми. Таквите зборови се викаат **честички**.

*Запомни!*

**Честичките се неменливи зборови што служат за истакнување на други зборови, за степенување на описните придавки или за образување на некои глаголски форми.**

Поаѓајќи од службата што ја вршат во реченицата, честичките имат повеќе значења меѓу кои и следниве:

- потврдно значење: **Да**, го сретнав вчера на улица.
- одречно значење: **Не**, првпат слушам за тоа.
- прашално значење: **Дали**, ќе ручаш?
- показно значење: **Еве** ја ластовичката наша.

### *Провери ги своите знаења!*

Кои зборови се викаат честички?
Какви значења можат да имаат честичките во ерченицата?

### *Задача*

Употреби ги во состав на реченици следниве честички: ***барем, да, не, дали, ене, по, нај, ќе, би***.

# ИЗВИЦИ

## *СТАРИОТ РИБАР*

Близу едно село, во еден голем град со својата баба живееше еден стар и прочуен рибар. Рибарот беше многу сиромашен, но многу добродушен и чесен човек. Тој секое утро ќе ја земеше прачката со јадицата, торбата со леб, кутијата со глисти и ќе викнеше:

– ***Еј,*** бабо, одам на риболов!

Тоа утро дедото стана порано, се зготви и тргна.

Кога виде дека реката беше малку заматена, на лицето му се разлеа насмевка.

– ***Хи, хи, хи!*** Денеска ќе падне богат лов! – рече тој и ја фрли јадицата во вода. Го запали лулето и почна да чека.

Дедото чека час, два, три, но тапата ни да мрдне.

– ***Ех,*** лоша среќа! – воздивна дедото, ја зеде трската со јадицата и ја премести во друг вир, но и таму ништо не мрда.

– ***Бре,*** несреќа! – рече дедото и ја фрли јадицата во третиот вир.

Јадицата веднаш потона. Рибарот ја потегна, а во вирот нешто направи:

– ***Шлап, плас! Шлап, плас!***

Рибарот сега уште посилно тргна. Прачката се свитка и тој со голема мака извлече на брегот од реката многу голема риба.

Според **Ванчо НИКОЛЕСКИ**

Кои зборови се истакнати во овој текст? Што се изразува со нив?

Зборот ***еј*** служи за обрнување внимание, односно за повикување. Со зборовите: ***хи, хи, хи, ех*** и ***бре*** се изразуваат различни чувства, а со зборовите ***шлап, плас*** се подражаваат звуци.

Ваквите видови зборови се викаат ***извици.***

***Запомни!***

***Извиците се вид неменливи зборови со коишто се изразуваат разни чувства, служат за обрнување внимание, односно за повикување, или за подражавање на различни звуци.***

Според нивното значење разликуваме повеќе видови извици:

а) Извици со кои се изразуваат разни чувства (радост, страв, бол, жалост, чудење, восхит, изненадување и сл.).
Вакви се: ***их, ах, уф, оф, леле*** и други.

б) Извици што служат за обрнување внимание, односно за повикување: ***еј, ај, море, бре*** и други.

в) Извици што служат за подражавање на разни звуци: ***шлап, плас, трес, бум, кукурику, мјау, мау, иш, ајс, фуи, крц*** итн.

Но, овде треба да спомeнеме дека не постои строга граница меѓу одделните видови извици што ги наброивме. Често со ист извик се означени различни значења.

**На пример:**

***Море,*** Мирко, дојдиваму!
***Море,*** што кажа!

Во првата реченица извикот ***море*** служи за обрнување внимание, односно за повикување. Но, со истиот извик во втората реченица е искажано чувство на чудење. Од ова гледаме дека извиците го добиваат своето значење во реченицата.

Често, извиците, особено оние што служат за подражавање звуци, се удвојуваат и на тој начин се образуваат сложени извици.

**На пример:**

Тик – так, тик – так, чукаше часовникот.
Гу – гу, гу! – гукаше гулабот итн.

***Правописни правила:***

Извиците редовно ги издвојуваме од другите делови во реченицата со следниве интерпункциски знаци:

1. Ако со извикот е искажано силно чувство, зад него стои извичник (!).

**На пример:**

***Ура!*** Ние сме победници!
***Иш!*** Ќе ти ги искубам пердувите!

2. Ако, пак, чувството искажано со извикот не е така силно, зад него се пишува запирка, а извичникот доаѓа на крајот од реченицата.

**На пример:**

*Уф,* што е жешко денеска!

*Задача:*

а) Пронајди ги и објасни го значењето на извиците во оваа басна:

### *ГАВРАНОТ И РАКОТ*

Гавранот леташе над езерото. Догледа рак и го фати. Потоа слета на врбата и се готвеше да го изеде. Сети ракот дека ќе умира, па рече:

- Ах, гавране, гавране! Ги познавав и татко ти и мајка ти. Какви прекрасни птици беа!

- Ухү! – рече гавранот не отворајќи го клунот.

- И сестра ти, и браќата твои ги познавав. Ех, колку добри птици беа!

- Ухү! – рече гавранот и широко го отвори клунот. Го испушти ракот и – плас во вода.

- Еј, гавране, гавране – викна тој од водата, - ти сепак си глупа птица!

**Константин УШИНСКИ**

б) Со секој од извиците употребени во оваа басна напиши по две реченици.

# МОДАЛНИ ЗБОРОВИ

Прочитај ги внимателно следниве реченици:

Петре денес не дојде на училиште, ***сигурно*** е болен.
Да беше здрав, тој ***бездруго*** ќе дојдеше в училиште.
Петре, ***веројатно,*** отишол на лекар.
По завршувањето на часовите ***секако,*** ќе го посетиме, зашто Петре, навистина, го заслужува нашето внимание.

Што означуваат истакнатите зборови во овие реченици?
Со нив е искажан личен однос на говорителот спрема она што го соопштува.
Ваквите зборови се викаат ***модални зборови.***

***Запомни!***

***Зборовите со кои се изразува личен однос на говорителот спрема она што соопштува се викаат модални зборови.***

***Задача:***

- Запиши четири реченици. Во секоја реченица употреби по еден модален  збор.



# ЛЕКСИКОЛОГИЈА

*Лексикологијата е наука што го проучува зборот како елемент на лексичкиот систем, неговата смисловна страна, врските и односите со другите зборови, потеклото, застапеноста, употребата и стилската искористеност.*

Вкупниот збир на зборови што им припаѓаат на еден народ се вика **лексика, речнички фонд** или **речник на јазикот**.

Лексикологијата се дели на неколку поддисциплини:

а) **Семантика** – наука за смисловната, односно значенската страна на зборовите;

б) **Етимологија** – наука за настанување и развитокот на одделните зборови;

в) **Фразеологија** – наука за фразеологизмите, односно за постојаните зборовини состави;

г) **Лексикографија** – наука која се занимава со принципите за составување речници и нивното практично изведување.

Зборот како јазичен елемент е најмала јазична единица што се остварува како посебна целост. Зборовите се составени од повеќе гласови. Многу ретко зборот може да има само еден глас, но и во таков случаи тој претставува посебна целост.

На пример: Јанко и Јана читаат, а Бојан гледа филм.

| | |
|---|---|
| збор од<br>еден лас | збор од<br>еден глас |

## Основни типови лексички значења на зборовите

Макар што секој збор во јазикот е посебна единка, сепак, секој збор и според формата и според значењето е во тесна врска со другите зборови. Во зависност од тоа дали конкретниот збор има едно или повеќе значења, зборовите се делат на **еднозначни** и **повеќе значни**.

Голем број зборови во македонскиот литературен јазик имаат по неколку значења и затоа се викаат повеќезначни.

На пример:

**крило**
- дел од врата или прозорец
- дел од авион
- дел од телото на птица или инсект
- дел од зграда
- учесник во ногомет или ракомет исл.

**глава**
- дел од телото на човек или животно
- дел од автомобил
- дел од книга
- главен член, глава на семејството и сл.

Повеќезначните зборови можат да имаат **директно**, односно **основно** значење и **преносно**, односно **метафорично** значење.

Со директнто значење непосредно се изразува предметот или појавата: училиште, ученик, рака и сл.

Често на зборовите им се дава преносно, односно метафорично значење.

### *Спореди!*

Тој на прстот носеше **златен** прстен, а во градите му чука **златно** срце.

основно значење на зборот — преносно значење на зборот

### *Заклучок*

Зборовите најчесто се употребуваат во своето основно значење, но можат да бидат употребени и во преносно значење.

### *Провери ги своите знаења*

Што проучува лексикологијата?
Што подразбираш под: семантика;

етимологија;
фразеологија;
лексикографија?

Во што е разликата помеѓу основното и преносното значење на зборовите?

Кои се лексичките значења на зборовите?

## ЛЕКСИКАТА СПОРЕД ПРОЦЕСОТ НА ОБНОВУВАЊЕ

За да може своите мисли и чувства да ги искаже точно, прецизно и јасно, човекот треба да располага со богат лексички фонд. Токму затоа е потребно секој човек постојано да го обновува и да го збогатува зборовниот состав, односно да го збогатува јазикот.

Паралелно со развитокот на културата и на цивилизацијата на луѓето во едно општество се развива и нивниот јазик. За да задоволат едни или други потреби во изразувањето, често на местото од застарените зборови луѓето, а особено научниците, уметниците и јазичарите создавале нови зборови. Така, во процесот на обновувањето на лексичкиот фонд во јазикот дошло до поделба на зборовите: на зборови кои веќе застареле и на новосоздадено зборови. Застарените зборови се познати како **архаизми**, а новосоздадените како **неологизми**.

### Архаизми

Архаизмите се застарни зборови кои со својата форма и со своето значење не се во духот на современиот македонски литературен јазик, но и покрај тоа тие сé уште се употребуваат во секојдневниот говор на луѓето, а присутни се и во делата на народната и уметничката литература.

Пример: *еким* – **лекар**, *собитие* – **настан**, *кујунџија* – **златар**, *шнајдер* – **шивач**, **кројач**, *параход* – **брод** итн.

Архаизмите се употребуваат со цел да се истакне нешто посебно за определено јазично подрачје.

Посебен вид архаизми претставуваат историзмите, односно застарените зборови кои веќе се исфрлени од употреба и се заменети нови со зборови. Сепак, во некои литературни текстови,

а особено во народните умотворби, можат да се сретнат повеќе историзми: цар, кмет, дворјани и др.

## Неологизми

Паралелно со развитокот на културата и цивилизацијата кај секој народ се чувствувала потреба од создавање на нови зборови и изрази со чија помош луѓето би ги означувале новите поими, појави, новите откритија во областа на науката и техниката, новите општествени односи итн. Вака новосоздадените зборови се викаат **неологизми**. Нивното име доаѓа од грчките зборови neos – **нов** и logos – **збор**.

Неологизмите ги истакнуваат туѓите, но и застарените зборови од јазикот и знатно придонесуваат за чистотата на сопствениот јазик.

Неологизмите навлегуваат во јазикот на еден од следниве начини:

1.Со прифаќање на новиот предмет заедно со туѓите зборови.

На пример: *компјутер, миксер, солитер* и сл.

2. Преку создавање на нови зборови карактеристични за сопствениот јазик.

На пример: *стремеж, стојалиште, вработување, врвица, залез* и сл.

3. Преку давање на нови смисли на зборовите.

На пример: пајак (превозно средство што служи за отстранување на погрешно паркираните возила), глувче (кај компјутерот), снег ( појава на екранот од телевизорот) и сл.

Неологизмите се важен извор за збогатување на лексиката на еден јазик, но нивното прифаќање зависи од тоа дали тие одговараат на нормите и духот на јазикот во кој навлегуваат.

**“Некои неологизми наоѓаат широк и брз прием во говорната средина, додека пак други бавно си пробиваат пат или дури веднаш се заборават”.**

***Блаже Конески***

Има два вида неологизми:

1. **Прифатливи неологизми**, односно зборови и изрази кои

науката ги прифаќа и кои остануваат како трајна своина на луѓето во нивното усно и писмено изразување на сопствените мисли, чувства и желби.

2. **Неприфатливи неологизми**, односно зборови и изрази кои се јавуваат во определен момент, траат кусо време, но нив науката и практиката не ги прифаќа, не ги усвојува и многу брзо ги отфрла. Таквите неологизми најчесто се зборови и изрази кои не се во духот на нашиот јазик, а настанале како резултат на желбите и стремежите на нивните творци да дадат свој придонес за чистотата на јазикот, за неговото ослободување од големиот број туѓи зборови кои по разни патишта и во различен временски период влегле во нашиот јазик. Носени од желабата да помогнат во чистотата на јазикот, многу луѓе, пред сé, писатели и други културни работници, странските зборови и изрази ги заменувале со други, нови, домашни зборови и изрази при чие создавање не се почитувани јазичните закони и духот на јазикот. Затоа таквите кованки немаат место во литературниот јазик и треба максимално да се избегнуваат.

*Запомни!*

**Архаизам е збор, односно израз, јазична конструкција што не е во духот на современиот јазик.**

**Неологизам е новосоздаден збор со кој се заменува некој застарен збор или се означува некој нов поим, ново дејство**.

**Провери ги своите знаења!**

Кои зборови се викаат:
- архаизми?
- неологизми?

На кој начин навлегуваат неологимите во еден јазик?
Колку видови неологизми има?

*Задача*

Запиши неколку архаизми што се карактеристични за местото во кое живееш.

# ЛЕКСИКАТА СПОРЕД ПОТЕКЛОТО НА ЗБОРОВИТЕ

Во македонскиот јазик, како и во сите други јазици, навлегле многу зборови од најразлично потекло и станале дел од неговиот зборовен состав. Некои од тие зборови се задржале во употреба и до денешни дни, а други, опстојувале извесно време и биле отфрлени или заменти со други зборови.

Сепак, најголем број од зборовите што ја сочинуваат лексиката на македонскиот литературен јазик се од домашно потекло. Тоа се зборови кои потекнуваат од старословенскиот и црковнословенскиот јазик и со тек на времето преку народниот јазик навлегле во стандардниот јазик. Овие зборови се викаат црковнословенизми.

Црковнословенизмите се зборови од другите словенски јазици што најчесто биле употребувани во богослужбите по црквите.

Појавата на нашите први писатели Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ и нивните дела печатени во почетокот на XIX век ги ги означуваат почетоците на навлегувањето на црковнословенизмите во македонскиот зборовен состав.

Со делата на нашите преродбеници Димитар и Константин Миладиновци, Григор Прличев и други, но и во делата на Крсте Петков Мисирков среќаваме многу црковнословенизми. Црковнословенизмите ги користат и многу наши современи писатели што придонесуваат за збогатување на јазикот.

## Зборови од туѓо потекло

Освен зборови од словенските јазици, во македонскиот јазик има сé уште многу зборови од туѓо потекло: **интернационализми, турцизми, варваризми** и др.

## Интернационализми

Интернационализмите се зборови кои во слична форма постојат во повеќе современи јазици и имаат исто значење.

Пример: *шеашар, циркус, радио, шелевизија, химна. хиīиена, īимназија, сфера, оūера, аеродром, асшронаушш* итн.

Многу интернационализми толку се одомаќиле во нашиот јазик, така што дури и не ги чувствуваме како туѓи зборови. Сепак

тоа не значи дека по секоја цена треба да го збогатуваме сопствениот јазик со интернационализми. Напротив, треба да ја користиме секоја можност стандардниот јазик да го збогатуваме најмногу со зборови исцрпени од народните говори, а туѓите зборови да ги користиме само кога тие одговараат на духот на нашиот јазик и кога немаме соодветни зборови за нивна замена.

## Турцизми

Турцизми се зборови или изрази што водат потекло од турскиот јазик. Нивното бројно присуство во нашиот јазик е резултат на петвековното турско ропство. Некои турцизми се употребуваат само во разговорна форма, а други нашле примена и во литературниот јазик.

Меѓу другите, турцизми се и следниве зборови: *мерак, ќумур, ќебап, фенер, саатчија, јамболлија* и др.

## Варваризми

Варваризми се туѓи, странски зборови и изрази што не се во духот на нашиот литературен јазик, а сепак често ги употребуваме како во усното изразување, така и при изразувањето во писмена форма.

Ниеден јазик нема без присуство на поголем или помал број туѓи зборови. И во македонскиот литературен јазик влегле и се одомаќиниле многу странски зборови преземени од народите со кои сме имале врска во минатото, а и денес. Така, на пример, од странско потекло се овие зборови: *индустрија, инструкција, музеј, манифест* и др. (од латинскиот јазик); *баклава, сарма, чивте, куршум* и др. (од турскиот јазик) итн.

Иако варваризмите се надвор од граматичките и стилистичките норми на нашиот јазик, не треба по секоја цена да се отфрлаат од употреба, но да не се оди во крајности па да се користат и тогаш кога за нивна замена постојат домашни зборови.

Преку варваризмите во делата на уметничката литература му се дава посебен белег на времето, се отсликува амбиентот во кој дејствуваат литературните јунаци, а преку нив се исмеваат и негативностите во општествениот поредок.

### *Запомни!*

Црковнословенизми се зборови од другите словенски јазици што се користеле при богослужбите во црквите.

Интернационализми се зборови со исто значење во повеќе современи јазици кои потекнуваат од старогрчкиот или од латинскиот јазик.

Турцизми се зборови што водат потекло од турскиот јазик.

Варваризми се туѓи (странски) зборови што не се во духот на нашиот литературен јазик.

### *Провери ги своите знаења!*

Кои зборови се викаат:

- црковнословенизми;
- интернационализми;
- турцизми;
- варваризми?

### *Задача*

Во секоја колона од табелава запиши неколку збора според барањата.

| црковнословенизми | интернационализми | турцизми | варваризми |
| --- | --- | --- | --- |
| | | | |

# ЛЕКСИКАТА СПОРЕД ФОРМАТА И СПОРЕД СФЕРАТА НА УПОТРЕБА

Класификацијата на лексиката, односно на речничкиот состав на еден јазик, може да се врши и според следниве два критериуми:

а) Според формата на општење

б) Според сферата на употреба

Според првиот критериум, односно според формата на општење, лексиката на јазикот се дели на: **разговорна**, **книжно - литературна** и **експресивна**, односно **поетска лексика**.

Разговорната лексика се остварува низ усната форма на стандардниот јазик.

Книжно - литературната лексика се изразува низ писмена форма на јазикот во уметничките дела на писателите при што тие користат зборови од надворешниот јазик, но и самите создаваат зборови со кои го збогатуваат јазикот.

Книжно-литературната лексика што се користи во поезијата се одликува со поголема експресивност и сликовитост за разлика од онаа лексика што е карактеристична за прозата.

Според сферата на употребата се разликуваат следниве видови лексика: **општонародна, дијалектна, терминолошка, професионална** и **жаргонска**.

**Општонародната лексика** ја сочинува зборовниот фонд што се користи во народната и во книжно - литературната форма на јазикот.

**Дијалектна лексика** е онаа која е презаситена со **дијалектизми**.

Дијалектизмите се зборови што им припаѓаат на определен дијалект, односно што ги употребуваат луѓето од определена територија на еден јазик.

*Согледај!*



Со употребата на дијалектизмите се постигнува локален колорит односно посебна јазична обоеност на исказот. Дијалектизмите помагаат и за типизирање и индивидуализирање на личностите, како и за збогатување на јазикот.

Голем број дијалектизми има во народните умотворби, но и во некои дела на уметничката литература.

**Терминолошката лексика** наоѓа примена во науката, техниката и културата за точно именување на предмети, појави и поими од овие области. Зборовите, односно термините, што служат за оваа цел се земени од другите јазици.

**Професионална лексика** е онаа со која се служат луѓе од одредени професии: **спортисти, ѕидари, рибари** и сл.

**Жаргонската лексика** опфаќа зборови и изрази карактеристични за некои професионални или социјални групи. Жаргонизмите, всушност, се неправилни јазични изрази поради што се и неразбирливи за оние кои не ги користат.

***Провери ги своите знаења!***

Според кои критериуми се врши поделба на лексиката?
Кои лексики се дел од:
а) форма на општење;
б) сферата на употреба?

## ЛЕКСИКАТА СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА УПОТРЕБА

Човекот во своето секојдневно општење со другите користи многу зборови преку кои ги искажува своите мисли, чувства, желби, потреби, стремежи и сл. Според некои податоци добиени од иследувачИте на јазикот во општењето со другите нормално е човекот да користи околу 6 000 зборови. Се смета дека човекот кој при своето секојдневно општење користи приближно олкав фонд од зборови има **активен речник**.

Многу луѓе го разбираат значењето на некои зборови што ги слушаат при комуницирањето со другите, но самите не ги употребуваат во својот речник. Таквиот речник се вика **пасивен**.

***Порвери ги своите знаења!***

Зошто луѓето комуницираат едни со други?
Кој речник се вика активен, а кој пасивен?

## ЛЕКСИКОГРАФИЈА

Зборот *лексикографија* потекнува од грчките зборови Леџиком = книга, речник и грапхеин – пишува.

Лексикографијата е посебна научна дисциплина што се занимава со составување речници.

Основна задача на лексикографијата е да ги собере зборовите, да ги подреди во еден установен ред, да го протолкува нивното значење и да ги подреди по азбучен или по некој друг ред во посебна книга, - **речник.**

Под поимот речник подразбираме книга која ги содржи сите зборови или група зборови на еден јазик или на едно наречје. Тие зборови според однапред утврдени правила се средени по азбучен ред или на поинаков начин.

Секој од тие зборови е објаснет на мајчиниот или на некој друг јазик.

### *Основни типови речници*

Има два основни типа речници: **енциклопедиски** и **лингвистички.**

Основна карактеристика на енциклопедиските речници се исцрпните податоци за лицата, предметите и појавите што се означени со зборовите во речникот.

За разлика од енциклопедиските речници, во лингвистичките речници се дава објаснување за потеклото на зборовите, за нивното значење и употреба.

### *Лингвистички речници*

**Лингвистика** е наука за јазикот која се занимава со проучување на природата на јазикот, неговата структура, со развитокот на јазикот и со неговата класификација.

Лингвистиката не само што ги констатира јазичните појави, туку и ја објаснува и толкува сегашната состојба на јазикот за разлика од претходната. Оваа наука не проучува само поединечен јазик или збир од повеќе јазици, туку воопшто јазикот како појава.

Има повеќе видови лингвистички речници.

Подредувањето на зборовите, односно на изразите во еден речник зависи од целта што составувачот сака да ја постигне.

Поаѓајќи од ова начело лингвистичките речници можат да бидат: *толковни, дијалектни, етимолошки, фразеолошки,* речници на синоними, речници на туѓи зборови и изрази и др.

**Толковните речници** имаат за цел да го објаснат, односно да го протолкуваат значењето на јазичниот фонд на еден јазик при што најпрво се тргнува и се објаснува основното значење на зборот, а потоа и другите негови значења.

**Дијалектните речници** ги содржат само зборовите што се карактеристични за определен дијалект (говор) на едно наречје, или дијалектните зборови кои ги нема во литературниот јазик.

**Етимолошките речници** ги објаснуваат зборовите поаѓајќи од нивното потекло, од коренот на зборот и неговиот развој. Составувачите на вакви видови речници се служат, главно, со компаративни методи, односно зборовите се разгледуваат со посочување на соодветни зборови по значење и по гласовен состав во јазиците што се сродни на јазикот на кој му припаѓаат зборовите што се појаснуваат.

**Фразеолошките речници** ги толкуваат фразеологизмите по азбучен ред, а по пат на описно дефинирање. Во фразеолошките речници се појаснуваат значењето, потеклото и стилистичките особености на фразеологизмите, односно фразеолошките изрази.

**Во рečениците на синоними** по азбучен ред се подредени сите синоними, односно сите зборови различни по форма, а со исто или слично значење, во еден јазик.

Синонимните речници се од особена важност за збогатување на изразот.

**Во речниците на туѓи зборови и изрази** се објаснуваат потеклото и значењето на туѓите зборови.

Во македонскиот јазик има многу туѓи зборови, а наша обврска е зборовите од туѓо потекло да ги заменуваме со наши зборови и изрази, но таа замена не треба да биде пренасилена И извештачена.

*Провери ги своите знаења!*

- ♦ Од каде води потекло зборот лексикографија? Кое е неговото значење?
- ♦ Која е основната задача на лексикографијата?
- ♦ Која е целта на толковните речници?
- ♦ Што содржат дијалектните речници?
- ♦ Кој вид речници го објаснуваат потеклото на зборовите, нивниот корен и нивниот развој?
- ♦ Која е задачата на фразеолошките речници?
- ♦ Кој вид зборови се предмет на речниците на синоними?
- ♦ Во кој вид речници се појаснува потеклото и значењето на туѓите зборови.

## РЕЧНИКОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Речникот е од особена важност на еден народ, зашто во него се содржи зборовното богатство на јазикот.

Најстариот македонски речник потекнува од XVI век. Во него се собрани околу 300 македонски зборови, карактеристични за костурскиот крај – Егејска Македонија. Овој речник бил отпечатен со грчката алфабета, а значењето на зборовите било појаснувано со грчки зборови.

Кон крајот на XVIII и во текот на XIX век биле издадени повеќе речници со македонски зборови меѓу кои и малиот речник поместен на страниците од ,,Зборникот” на браќата Димитар и Константин Миладинови.

Во поново време, а особено по ослободувањето и по прогласувањето на македонскиот јазик за службен јазик на македонската држава (2 август 1944 година), се чувствуваше сé поголема потреба и се јавуваше сé поголем интерес за издавање на македонски речник што ќе даде целосен преглед на лексичкиот фонд на Македонија. Таков речник беше подготвуван подолго време од страна на група составувачи меѓу кои Тодор Димитровски, Благоја Корубин и Трајко Стаматовски, а беше отпечатен во три тома: првиот том беше отпечатен 1961, а вториот и третиот том беа отпечатени во 1965 и 1966 година под редакција на Блаже Конески. Овој тритомен речник содржи повеќе од 64.500 зборови, но тоа не значи дека со создавањето на овој тритомен речник веќе е завршена целата работа на тоа

поле. Напротив, според Блаже Конески, речникот на македонскиот литературен јазик треба постојано да се збогатува со зборови од народниот јазик и тоа од сите наши дијалекти. Тоа збогатување на македонскиот литературен јазик се прави на разни начини. Еден од тие начини е и оној кога на коренот, односно на основата од зборот му се додаваат преставки или наставки.

| | | | |
|---|---|---|---|
| из<br>до<br>пре<br>со<br>над<br>под | ѕид(а) | ѕид | ар<br>арство<br>ен<br>ови<br>арење |

Во тритомниот речник на македонскиот јазик има голем број дијалектни зборови, многу архаизми земени од народните умотворби. Во овој речник значењата на зборовите се појаснети на српскохрватски јазик при што најпрвин се истакнува основното значење на зборот, а потоа и другите негови значења, односно преносните значења.

Речникот на македонскиот јазик по својот карактер е нормативен, а според начинот на кој се појаснува значењето на зборовите – толковен.

### *Провери ги своите знаења:*

- Што подразбираш под терминот речник?
- Какво значење има речникот за еден народ?
- Кога се направени првите почетоци за издавање речници со македонски зборови.
- Кога се издадени трите тома на македонскиот речник?
- Кои се негови составувачи?
- Колку зборови содржи овој речник?
- Каков е нашиот речник, според тоа на кој начин го толкува значењето на зборовите?

## ПРАКТИЧНО - ПРОФЕСИОНАЛА КОМУНИКАЦИЈА

За да можат да ги изразат своите мисли, чувства, желби, потреби и сл. луѓето секојдневно комуницираат меѓу себе.

Секој учесник во комуникацијата треба да ги контролира и да ги насочува своите мисли, да ги промислува, но и да ги прифаќа туѓите мисли и ставови.

Преку комуникацијата секој учесник треба да се труди да го збогатува својот речник.

Има повеќе форми за практично - професионална комуникација, меѓу кои и следниве: разговор, опишување - дескрипција, раскажување и прераскажување, известување, вест, соопштение, покана, реферат, телеграма и сл.

Која од овие форми ќе биде користена во меѓусебната комуникација на луѓето зависи од повеќе околности, а во прв ред од целта што треба да се оствари во конкретниот случај.

### Разговор

Комуникацијата во форма на разговор е секојдневна потреба на луѓето, независно од нивната возраст, пол, место на живеење и сл.

Разговорот е едно од најважните и најсовршените средства за размена на информации меѓу луѓето. Оваа форма на изразување често наоѓа примена и во делата на народната и уметничката литература.

Пожелно е разговорот да се одвива во пријатна атмосфера, а неговата содржина да е осмислена, јасна и прифатлива како за учесниците во разговорот, така и за оние кои го слушаат или читаат нивниот разговор.

Многу често разговорот се остварува преку прашања и одговори на поставените прашања.

На пример:

## ДЕТЕТО И ПИСАТЕЛОТ

Едно дете шетајќи крај морскиот брег, го препознало славниот писател Ернест Хемингвеј, го поздравило и го прашало:

– Вие сте Хемингвеј?

– Да.

– Сега ловите?

– Како што гледаш, ловам . . .

– Вие ја напишавте книгата “Старецот и морето?”

– Да.

– Па вие воопшто не сте Хемингвеј! Разговарате како да знаете само неколку зборови. А Хемингвеј има напишано книги, полни со зборови.

Писателот срдечно се насмевна.

– Е, сега навистина ме расположи за **разговор**. Затоа ќе ти кажам нешто интересно: да не е ова молчење на, брегот не би постоеле ни оние илјадници зборови во моите книги!

Р.В.

Разговорот е најексплоатираната форма на комуникација меѓу луѓето. Тие низ меѓусебниот разговор најбрзо и најлесно ги презентираат своите сфаќања и погледи по одредени прашања од животот.

Од особена важност е учесниците во разговорот што почесто да ги користат зборовите: **молам, повелете, извинете, благодарам** и др. Овие зборови имат волшебна моќ и можат да го смекнат дури и најтврдото срце.



## Опишување – дескрипција

Дескрипција е збор што води потекло од латинскиот јазик (*describere*) и значи опис, опишување, оцртување.

Предмет на опишувањето може да биде сѐ она што нѐ опкружува: живата и мртвата природа, појавите и односите во општеството, ликовите во литературните дела итн.

Уметнички е оној опис кој на читателот му овозможува да си создаде оживотворена слика, односно да се чувствува како пред себе да го гледа она што е предмет на опишување.

На пример:

Созреало житото и ги сведнало своите класја, па не може да види: срцата на сливовите стебла се топат од птичји песни и сонце и цедат златни капки смола.

Низ посребрен друм патува штурец со виолина под мишка. Мало е срцето во градите на виолинистот, помало од пиперова семка. Но весело е. Ќе седне штурецот под голем чадор од печурки и ќе засвири, а полето ќе го обвие веселост. Трепе-рат црвените булки и капиновите цветови. Зад нив - од глог, од дрен, од млада врба – птиците ќе и се придружат на виолината со својата песна.

Ноќта се спушта од планината. Цветовите се затворија и ги наведнаа главите. Заспаа и бубачките и птиците. Месецот, жолтоглав овчар, дојде да ги пасе на небесната ливада ѕвездите и да бдее - був да не исплаши некоја сеница.

**Славко ЈАНЕВСКИ**

## Раскажување и прераскажување

**Раскажувањето** е форма на практично - професионална комуникација преку која се изнесуваат настани во кои раскажувачот директно учествувал или бил очевидец, или раскажува за сопствени доживувања.

На пример:

“Не можев со часови, не можев со денови, ни со денови и ноќи да се одделам од бреговите на Охридското Езеро. Колкупати само на тие брегови ги пречекував пурпурните вечери, кога западот во оган пламти, а далеку, од околните села се слуша блеењето на овците и лаењето на селските пци. Старата свиткана врба и младите грмушки тивко се брануваат, допирајќи ја темно осенчената површина на мирното езеро, чија средина во тој миг се чини како разлеано злато” . . .

**Бранислав НУШИЌ**

Раскажувањето може да биде **опширно** и **скратено**.

Опширно раскажување е она кога при раскажувањето се изнесуваат сите поеделности од некој настан или доживување, а скратено е она раскажување кога се изнесува само она што е најважно, а она што е помалку важно се изоставa.

Раскажувањето мора да е поврзано и да претставува заокружена целина.

За разлика од раскажувањето, **прераскажувањето** е форма на комуникација во која се изнесуваат настани слушнати од други извори: прочитана книга, гледан филм или театарска претстава, слушната радио или ТВ емисија и сл.

На пример:

“Некогаш во една далечна земја живеел рибар што се викал Ти. Само тој ловел риби што живееле во големите длабочини. Тие риби имале очи што личеле на ѕвезди . . .”

Извадок од персиска народна приказна

## Известување

Известувањето е форма на усна или писмена практично - професионална комуникација чија цел е да се презентираат податоци за конкретен настан, односно за текот на настанот во определено место или земја.

Известувачот не се задржува само на обично регистрирање (констатирање) на еден или повеќе настани туку тој го коментира текот на настанот при што зазема и личен став спрема фактите за кои известува.

На пример:

Вечерва, со почеток во 19 часот, во Центарот за култура и информации ќе биде отворена изложба на цртежи од познатиот македонски сликар Петар Мазев. Цртежите се работени во комбинирана техника гваж и датираат од последните неколку години. Бидејќи ќе има околу педесетина експонати, поставовката ќе се организира во двата изложбени салони на Центарот.

“Нова Македонија”

8.10.1985 година

## Вест

Вест е форма на усно или писмено известување преку која во најкратки црти со зборови или со слики или и со едниот и со другиот систем од знаци, јавноста се информира за еден или повеќе настани, за некој општествен проблем, природна појава, за некоја личност и сл.

Веста мора да биде нова, актуелна, вистинита, важна и интересна и да дава одговор на следниве прашања: **кој, што, каде, кога, како** и **зошто**.

На пример:

### КАНАДА ЈА ПРИЗНА МАКЕДОНИЈА ПОД УСТАВНОТО ИМЕ

Канада ја призна Македонија под уставното име, соопшти Обединетата македонска дијаспора. Одлуката за признавање под уставното име се очекува да биде официјално соопштена од канадските власти. Канада силно ја поддржува Македонија на нејзиниот пат кон НАТО.

И од македонското Министерство за надворешни работи ја потврдија ваквата вест, додавајќи дека кандската влада ќе го користи уставното име во сите билатерални односи.

Во обликувањето на веста најважни се изборот и распоредот на фактите.



## Соопштение

Соопштение (fr. communiguer – соопштување, објавување, давање на знаење) е вид практично - професионална комункација која претставува официјално соопштение издадено од надлежно место во кое се изнесуваат релевантни податоци за некој настан или проблем.

Соопштението понекогаш може да има значајна улога дури и во меѓудржавните односи, бидејќи преку него може да се изнесе ставот на владата или на одредена политичка партија за конкретните односи во светот.

**ФЗО**
**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

### СООПШТЕНИЕ

**ЗА ДАВАТЕЛИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА 2008 ГОДИНА**

Фондот за здравствено осигурување на Македонија објавува дека започнува со трансарентно склучување договори за 2008 година со сите заинтересирани даватели на здравствени услуги кои ги задоволуваат критериумите согласно позитивните законски прописи. За таа цел ги известува сите јавни и приватни здравствени установи како и приватни лица кои вршат дејност од областа:

- примарна здравствена заштита
  - општа медицина (педијатрија, училишна медицина и медицина на трудот)
  - гинекологија
  - стоматологија
- специјалистичко – консултативна здавствена заштита
- болничка здравствена заштита
- издавање на лекови на рецепт (аптекарска дејност)
- изработка и издавње на ортопедски и други помагала

доколку имаат интерес за склучување на нови договори за буџетската 2008 година и ги задоволуваат критериумите предвидени со Законот за здравствено осигуру-вање и со општите акти на фондот, да достават понуда за склучување на договор и да приложат комплетна документација.

Понудите за склучување на договорот треба да се придружени со комплетна документација, се поднесуваат во архивата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, во подрачните служби на Фондот на чие подрачје се наоѓаат здравствените установи или по пошта на адреса: ул. Македонија бб, 1000 Скопје, во периодот од 01.09.2007 до 30.09.2007 година.

Текстот на понудата со бараната документација потребна за склучување на нови договори е објавен на интернет страната на Фондот: www.fzo.org.mk, а може да се добие и во сите Подрачни служби на Фондот.

Буџетот на Фондот за 2008 година за оваа намена изнесува околу 13 милијарди денари.

За подетаљни информации заинтересираните може да се обратат на тел. 02/3289-034 и 02/3289-032.



## Покана

### ПОКАНА

Пријателе, сврати во оваа питома земја -
тревите и дрвјата насмеано
ќе те пречекаат,
од длабок и чист бунар
студена вода ќе ти дадат
да се напиеш
топол лебец да каснеш,
со насмевка ќе ти речат
со црвено вино да наздравиш,
душата да ја закрепнеш.
Пријателе, сврати во оваа мала земја
кроткоста на луѓето
ќе те затопли,
ако во срцето ти е студено.

**Славка АРСОВА**

Кого поканува поетесата?
Каде го поканува?
Со каква цел?

Поканата како форма на усно и писмено изразување во практично - професионалната комуникација, всушност, претставува информирање на некого за негово присуство на некава манифестација: прослава, изложба, спортски натпревар, литературно читање и сл.

На пример:

**П О К А Н А**

ДО ______________________________
______________________________
________________

Учениците од О.У.”Св. Кирил и Методиј” во с. Драчево - Скопје, ве поканувaат да присуствувате на прославата организирана во чест на словенските просветители Кирил и Методиј, со што ќе биде одбележан патрониот празник на нашето училиште.

Свеченоста ќе се одржи на 23 мај оваа година со почеток во 17 часот во просториите на училиштето.

*ОУ “Св. Кирил и Методиј”*
*с. Драчево - Скопје*



## Реферат

Рефератот, како форма за изразување во практично – професионалната комуникација се остварува усно или во писмена форма, а третира некое важно прашање од општествено – политичкиот живот, некој проблем од општо значење, некој научен труд и сл.

На пример:

### РЕФЕРАТ НА НИКОЛА ВАПЦАРОВ НА ОСНОВАЧКОТО СОБРАНИЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЛИТЕРАТУРЕН КРУЖОК

(1938, октомври)

Не се прават реферати во ваков момент и суво и догматски, со теоретски однос кон еден проблем којшто ни е во крвта, мислам со богохулство. Не затоа што не треба да се расчистат објективните и субјективните претпоставки, туку, ми се чини, нам, како на Македонци што пишуваат, ни е неопходна една правична емоционална сила, што ќе ни ја раздвижи крвта, ќе ни раздвижи емоционално многу претони чувства, многу спомени и ќе не врати на местото на нашата предзнаеност. Зашто, ако последниве години македонската револуционерна борба тапка на едно место, ми се чини дека причината не е недостигот на теоретичноста, дека не е во недостигот на теоретски однос кон прашањето, туку повеќе во недостиг на жива творечка сила. Макар и нецелосно, макар и несестрано, македонското прашање во теоретски однос е многу понапред, но кога требаше да се извлече реална практична корист, кога требаше да се пристапи кон поширока масовна работа, народната македонска душа здраво ја затвораше својата врата, зашто ние бевме далеку, многу далеку од неа.

Ние не најдовме една колку - годе пригодна форма за да разбудиме жива вера во пекарскиот работник, во чевларот, во гладниот земјоделец, во ситниот часовничар, ние теоретизиравме, класно расклативме едно сосема конкретно прашање, едно просто прашање што е спомен, едно прашање чие име е Татковина. А тоа со родилни болки живееше во тие луѓе, тоа ги тераше да сонуваат една малечка куќа со расцветани дрвја во Тетово или насмолен рибарски чун во Костур, или една стара легенда што ја раскажуваат покриените со мов ѕидови во Прилеп и колку уште спомени што го бараат спознанието на секој.

## Телеграма

Телеграма е кратка вест испратена телеграфски.

Телеграмата содржи малку зборови со кои на примателот му се соопштува нешто важно, нешто што е од итен карактер.

*Образец*

Лок.бр. ________
Вид ________

**ПОЈДОВНА ТЕЛЕГРАМА**

Наплатено
______________________
Основен износ __________
За посебно ракув. __________
______________________
Вкупно __________

СЛУЖБЕН ДЕН ИСПРАТЕНА

| број | Зборови | време | | | служб. податоци | примил | на телеграфот | време | | | испратил |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ден | час | мин | | | | ден | час | мин | |
| | | | | | | | | | | | |

ВО ВАШ ИНТЕРЕС Е ТЕЛЕГРАМАТА ДА ЈА ПИШУВАТЕ СО ПЕЧАТНИ БУКВИ

ДЕТСКО ЛЕТУВАЛИШТЕ „ШУЛА МИНА” – КРУШЕВО

ВТОРАТА СМЕНА ПРИСТИГНУВА НА 15 ЈУЛИ ВО 8 ЧАСОТ

Адреса на испраќачот ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ” – СКОПЈЕ
Време на предавањето ______________________

СВРТИ!

Обр. Tr1 (Дим. 210x148)

# ЛИТЕРАТУРНО - НАУЧНИ ВИДОВИ

Литературно-научните видови се творби кои се блиски со лирските, епските и драмските дела и имаат литературна односно уметничка вредност, а во исто време тоа се творби кои содржат веродостојни податоци исцрпени од науката па оттука имаат и научна вредност.

Вакви видови творби има повеќе меѓу кои и следниве: биографијата, автобиографијата, патопис, репортажа и др.

## БИОГРАФИЈА



Марко ЦЕПЕНКОВ е еден од највидните македонски собирачи на народното творештво. Тој ни оставил необично обемен и богат зборник (зборници) од народни умотворби и белешки за различни случки од народниот живот, кој по ништо не отстапува и пред најпознатите такви книги, па дури и ги надминува.

Фамилијата на Цепенков дошла во Прилеп од блиското село Ореовец. А пак самиот Марко е роден во Крушево, во 1829. До својата петнаесетгодишна возраст тој со татка си живеел уште во Охрид и Струга. Писменоста ја стекнал во грчките ќелиијни училишта, а кога во 1844 година најпосле се преселил пак во Прилеп, Цепенков две години учел кај Хаџи поп Константин Динков. Потоа чиракувал кај терзии, учејќи го терзискиот занает. Во 1856 година во Прилеп за учител дошол Димитар Миладинов. Цепенков се запознал со Димитрија кој му дал непосреден повод да почне да собира народни умотворби. Како што вели и самиот во своите белешки, Марко Цепенков отпрвин собирал само народни песни, а потоа почнал да ги запишува и приказните што ги знаел напамет и чиј број изнесувал околу 150.

Марко Цепенков бил и еден од најсобудените млади луѓе од еснафската средина во Прилеп. Тој и уште неколку како него, во неделите и празниците се собирале и заедно читале весници или книги и живо дискутирале за прочитаното. Тие ја претставувале јатката на читалиштето ,,Надеж", што било основано во 1867 година и одиграло мошне важна културна улога во градот.

Во 1888 година Цепенков се преселил во Софија и таму имал можност да ги објави своите записи и собрани народни умотворби во големиот бугарски Зборник за народни умотворенија, наука и книжнина. Само од 1899 до 1900 –та година излегле над петстотини густи страници на зборникот, исполнети со негов материјал. Освен тоа, во ракопис Цепенков ни оставил уште многу такви материјали, што исполнуваат десет томова, објавени за првпат по ослободувањето кај нас. Останале необјавени уште еден импозантен број забележани материјали.

И покрај таа огромна собирачка дејност, Марко Цепенков умрел, речиси заборавен, во 1920 година во Софија.

Марко Цепенков не бил само собирач на народни умотворби. Тој бил и роден раскажувач. Занел прекрасно да раскажува за луѓето и за нивниот живот и со својата посебна надареност за посматрање и уочување успеал да забележи ред случки и типови од своето време, кои и денес ни се чинат блиски и драги.

**Запомни!**

*Биографијата е вид литературно – научна творба во која се даваат податоци за животот на некоја личност која има посебни заслуги за народот од чии редови произлегува. Такви личности препознаваме во: научните работници, писателите, спортисти те, политичарите и др.*

*Податоци за биографиите црпиме од веродостојни документи или од исказите на современиците на оној кому му е посветена биографијата.*

**Задача:**

Напиши биографија за еден писател по сопствен избор.

## АВТОБИОГРАФИЈА



Роден сум во Охрид на 18 јануари 1830 година. По малку време умре татко ми И ме остави шестмесечно младенче заедно со другите двајца браќа и една сестра, сите маловозрасни...

Бев одвај четиригодишен кога дедо ми достави еден грчки буквар и ме научи на имињата од буквите...

Од десетте учители што се изменија за време на моето школување во Охрид, ниеден не се покажа толку корисен за учениците, колку Миладинов. Тој во својата постапка имаше нешто привлечно. Речта му течеше од устата како мед. Свештен оган му гореше во очите...

Во август 1859 пристигнав во Атина и се запишав како второгодишен студент по медицина, но, се разбира, пишував и стихови.

... Претседател на Комисијата пред многубројната публика даде да ги оценува пристигнатите поеми, почнувајќи од најслабите. Но, кога рече: ,,Најпосле имаме една поема, многу помала од другите и со наслов "О арматолос (Сердарот)” тогаш осетив во себе неизмерна радост каква што никогаш не сум осетил. Тогаш никој не би ме познал: бев вон од себе си. Очигледно, мој беше венецот”.

(Извадок од Автобиографијата) Григор ПРЛИЧЕВ

**Запомни!**

*Автобиографија е вид литературно - научна творба во која авторот го опишува својот живот, но за да ја прикаже што подобро својата личност, ги изнесува и условите во кои живее и работи.*

*Автобиографијата, всушност, е сопствен животопис.*

**Задача:**

- Напиши автобиографија за себе. Во својата автобиографија запиши ги поважните настани во твојот живот од раѓањето до моментот кога ќе ја пишувашавтобиографијата.

## ПАТОПИС

# МЕСЕЧИНАТА НАД ПЕЛАГОНИЈА

Како срп и зелена од гранки се појави месечината: нечуена. Месечината над Пелагонија. Месечината над Драгор. Над широката рамница затворена со Пелистер и Кајмакчалан, отворена кон Прилеп и Грција. Рамница со чудно и необично име: Пелагонија!

Во еден од нејзините катови лежи Битола, свиткана околу рекичката Драгор, која – ако има доволно вода – носи свежина планинска, пелистерска.

Вечер е над Пелагонија.

Битола под светилки. Под неони.

Молчат ридиштата наоколу, темни.



*Дел од мозаикот во Хераклеја во Битола*

Талкам вечерта од излог до излог. Излегувам на плоштадот. Тука се џамијата и Саат – кулата. Проаѓам преку мостот на Драгор, кај стариот безистен кој станал споменик на културата. Тоа е онаа прочуена чаршија во која од сите страни на светот некогаш доаѓале каравани претоварени со стока. Тука без престан се тргувало па течела река од луѓе.

Во XIX век во Битола имало странски конзулат и разни училишта. Битола од стара чаршија станувала сé повеќе европски град. Сé почесто овој град го посетувале дипломати и владејачи.

Во дамнешно време во Битола бил крунисан царот Гаврил Радомир.

Ќемал Ататурк се школувал во Битола за да стане војсководец, а потоа станал претседател на Република Турција.

Битола била јазел на македонската борба: неколку спомен – плочи, врзани за имињата на македонските револуционери Гоце Делчев, Крсте Мисирков и др. се сведоштво за тоа.

Се вратив во сегашноста. Навистина, како да излегов од некое друго време, како да дојдов од лош сон. Му се зарадував на неонот, на излозите, на тротоарите, на новата Битола.

Го отворив прозорецот. Пред мене се простираа покриви, крошнести гранки и пак рамницата под месечина.

Зад крошните спие Хераклеја, во урнатини.

Високо над мене – се темнее Пелистер. Две езера има на него. Зад него е третото: Преспанското.

Душан КОСТИЌ

## *Чишај, размислувај, анализирај, коменширај*

Како авторот ја доживува средбата со Битола?

На кои поодделности се задржува тој при посетата на овој град?

Во кој дел од текстот има ретроспекција на настаните?

Зошто авторот се вратил во минатото, за миг потоа самиот да

истакне: ,,Се вратив во сегашноста”?

На што е сведок културно-историскиот споменик Хераклеја?

Во текстот ,,Месечината над Пелагонија” авторот ги изнесува своите впечатоци од посетата на Битола при неговото патување низ Македонија. Зборувајќи за своите впечатоци, авторот ни дава прекрасни описи на природата што ја окружува Битола и на некои значајни објекти во самиот град, при што до израз доаѓа и неговиот личен став во врска со тие впечатоци. Гледано од тој агол овој текст претставува литературно-научен вид, односно ***йашойис.***

**Запомни!**

*__Патопис__ е литературно - научен вид во кој авторот дава опис на местата што ги посетил, а зазема и личен став во врска со тоа. Патописите најчесто содржат описи на пределите и на луѓето во земјата што е посетена, на животот на луѓето во минатото и во сегашноста, на нивната култура, обичаите што се карактеристични за нив и сл.*

*Во македонската литература познати се патописите на Славко Јаневски, Видое Подгорец, Луан Старова и др.*

**Задача:**

Побарајте некоја книга со патописи и прочитај ја.

# РЕПОРТАЖА

## ГРАДОТ ШТО УМИРА

Нашиот пат влегува во Мелник – градот на песочните конуси и одрони, на црквите со изгубени патрони, на ладните подземја, со повеќегодишно болјарско вино, на урнатините обрастени со бурјан, на ...

Сега е еден град осуден на смрт. Еден град пратен на заточеништво. Една пресушна река.

Туку зошто ли одеднаштолку силно го засакувате? Зошто ли овие урнатини ви стануваат толку скапи? Застанати пред нив, ве натиска невидлива тага, небаре сте пред постелата на неизлечив болник или пред затвореник, осуден на смрт.

Одамна Мелник загубил се: и богатствата, и честа и блесокот.

Сега живее само на името ,,град”.

Денес овој град не е ништо повеќе од едно сиромашно село со петстотини живејачи и околу стотина зачувани куќи.

Туку, кој ли ќе се изнасмее, разбирајќи го ова? И кој ли ќе биде толку жесток, за да му го одземе името ,,град”?

Не, нема да се изнајдат толку бесчувствени луѓе. Дури и кога го напушти и последниот човек, урнатините, кои ќе останат, тие тржествени урнатини на цркви и скапо искишани со икони болјарски куќи ќе бидат пак... град Мелник.

## Запомни!

*__Репортажата__ е литературнонаучен вид творба која во исто време претставува и документ, и убав збор, и откривање на човековите судбини, и проникнување во социјалните драми...*

*Во репортажата на жив стил се опишуваат впечатоците за луѓето и настаните од секојдневниот живот.*

*Врвните остварувања на полето на репортажата остануваат како трајна вредност на човечкиот дух.*

*Репортажата како форма на изразување мора да ги почитува основните принципи на информирање: да е актуелна, вистинита, интересна... Преку ваквиот литературно-научен вид јавноста се запознава со актуелни, автентични настани од животот.*

**Задача:**

Пронајди и прочитај една репортажа.



## *Фељтон*

**Фељтон** е литературно-научен вид творба во која се обработуваат актуелни прашања од областа на науката, литературата, уметноста, од општествениот и политичкиот живот и сл.

Поаѓајќи од содржината, има неколку вида фељтони: фељтон – роман, фељтон – критика, хумористичен фељтон и др.

Фељтонот најчесто се објавува во дневните весници или во периодичните списанија, секогашна одредено место и обично во неколку продолженија.

Во македонската литература фељтони пишуваат: Гане Тодоровски, Благоја Иванов, Венко Андоновски, Глигор Стојковски и др.

## ЗЕНИЦАТА НА МАКЕДОНИЈА

Кои биле тие луѓе, двеилјададелетија пред нас и пред собирачот на народни умотворби од деветнаесеттиот век – Цепенков, кои сигурно не верувале дека космосот е црква, дека небото е таван и дека ангели ги палат ѕвездите како кандила на небото? Тие и не можеле да знаат за ангели ниту за кандила! Па како тогаш знаеле астрономски прецизно да го претворат небото во аритметичка равенка, во геометриска слика, во компјутерски дисплеј, небаре имале компјутерски чипови, па знаеле дури и да ги пресметуваат движењата на небесните тела во Кокино? Каква интелигенција поседувале? Знаеле ли повеќе од нас, склони кон митови, упатени да го толкуваме непознатото само со познато, па ѕвездата што не можеме да ја допреме да ја именуваме како – кандило?

Во близина на Куманово, на надморска височина од 1000 метри, се наоѓа мегалитската опсерваторија Кокино. Станува збор за една од најпознатите стари опсерватории во светот. Опсерваторијата била изградена околу 1800 години пред нашата ера, а ја сочинуваат две скалесто поставени платформи. Нашите стручњаци ги одредиле камените маркери кои на тогашните астрономи им овозможиле да го следат изгревањето на Сонцето во денот на долгоденицата, Месечината во денот на максимално и минимално отстапување во зимскиот период. Сонцето во денот на пролетна и на есенска рамноденица, Сонцето во денот на кусоденица, Месечината во денот на максимално и на

минимално отстапаување во летниот период. Сите маркери се гледаат од централната позиција на опсерваторијата.

Кои биле тие?

Дали ние денес, можеби, откриваме нешто што веќе им било познато? Знаеле ли тие, без телескоп повеќе од нас денес, опремени со силни опсерватории? Знаеле ли и повеќе од оној анонимен македонски монах што во еден средновековен запис запишал нешто што го изненадило, а што можеби не би било изненадување за оние анонимни предци од Кокино:

,,Да се знает кога се јави ѕвезда знаменита на небеси,
Сиреч са барјак месеца декемврија
Да стоит до месеца февруарија
Кога се јави на среде небо и на запад идеше и напред
Мала беше а после по малу бист јасна – јакоже и даница утрења”.

Кокино – зеницата на Македонија.

*Венко Андоновски*
*Глигор Стојковски*



# *ЛИТЕРАТУРА*

***„Ако зборот е основното со кое се изразува човекот, литературата е таа која треба да го сочува и светот и човекот. Литературата е сведоштвото, скровиште на духовните состојби на човекот, на неговите витли и бранувања, отелотворение на неговите сонови и надежи, неговата вера и верба.“***

***Михаил Ренџов***

# *ХУМАНИЗМОТ И РЕНЕСАНСАТА ВО ЕВРОПА*

Кон крајот на XIV и почетокот на XV век во Европа се случува раскин со средновековниот црковен догматизам. Носител на тие промени е северот на Италија каде што на општествен план се случуваат крупни промени, а подоцна сето тоа ќе се прошири и во други европски земји.

Меѓу тие општествени промени најзначајни се: разбивањето на феудалната економска затвореност; развојот на градовите и засилувањето на економската моќ на граѓанството, трговците и занаетчиите; опаѓањето на моќта на феудалната аристократија; развојот на трговијата; слабеењето на авторитетот на црквата; развојот на природните науки од што ќе произлезат неколку значајни пронајдоци (печатницата, компасот, дурбинот и друго), а тоа е и период на големите географски откритија.

Во тие услови на општествени промени во тој период во Европа се појавуваат две значајни културни, но и научни движења - хуманизмот и ренесансата.

## *Хуманизам*

Поимот *хуманизам* потекнува од италијанскиот збор *уманесимо* (според латинската придавка *хуманус = човечно, хумано*), а го означува преминот од средниот век во новото време и создавањето на современиот, слободниот човек. Самиот поим своите корени ги има во средновековието кога световните научни и уметнички дисциплини се нарекувале човечки, хумани, наспроти божествените дисциплини поврзани со религијата.

Хуманизмот како културна појава го подразбира раскинувањето со средновековните сфаќања за природата и за човековиот живот. Се создава нова научна и уметничка визија за светот, а сето тоа е поврзано со борбата против феудалното општество и против црковната идеологија.

Идеалот на слободниот човек се бара во античката традиција. Се јавува едно масовно проучување на античката

(римската и хеленската) култура, а латинскиот во голема мера го потиснува народниот јазик. Делата се пишуваат на латински јазик кој во тоа време на некој начин станал јазик на писменоста во Европа, а тоа придонело во голема мера хуманизмот да се прошири низ целиот европски континент, односно во Франција, Холандија, Германија, Шпанија, па и на Балканскиот Полуостров, односно во Хрватска, во тогашна Далмација.

Основата на хуманизмот лежи во античката култура, односно основниот идеал на хуманизмот е имитирањето на класиката. Од таа античка класика, хуманистите го зеле јазикот на Цицерон и идеите за убавото од Платон. Според хуманистите, поезијата е возвишен дар од небото, а творецот кога создава е во божествен занес и во творечко лудило. Според нив, поетот треба да биде пророк, но и совест и водач на народот.

Најразвиени литературни видови во времето на хуманизмот се љубовните песни и епските форми во стих и во проза. И покрај доминацијата на латинскиот јазик, сепак подоцна авторите се свртуваат кон употребата на народниот јазик.

Најзначајни италијански претставници на хуманизмот се Данте Алигиери (кој е последниот средновековен автор, но и предвесник на хуманизмот) со "Божествена комедија”, Франческо Петрарка со својот "Канцониер” и Џовани Бокачо со "Декамерон”. Претставници од другите европски земји се Еразмо Ротердамски, Лоренцо Вала, Томас Мор и други.

## *Ренесанса*

Нема некоја строга граница меѓу хуманизмот и ренесансата. За хуманизмот се вели дека е научно-духовната содржина, а за ренесансата дека е целокупната култура на тој период (XIV - XVI век). Сепак, поголемиот број литературни историчари се согласуваат дека хуманизмот му припаѓа на периодот од XIV и XV век, а ренесансата е карактеристична за XVI век. Хуманизмот е, всушност, духовната основа за

ренесансата.

Поимот *ренесанса* потекнува од францускиот збор *renaissance* што значи *повторно раѓање*, односно *преродба*. Ренесансата подразбира преродба на античката наука, литература и култура, но и преродба на целокупниот тогашен општествен живот.

Ренесансата се гради и се развива врз отфрлањето и негирањето на средновековните црковни догми. Во средновековието човекот е "слуга" на црквата, односно на теологијата, додека ренесансата создава еден нов, модерен човек ослободен од средновековните црковни пранги. Тоа значи едно свртување на човекот кон образованието и науката. Во тогашните школи и универзитети се воведува настава за изучување на природните и општествените науки. Во епохата на ренесансата, значи, се отфрла црковното учење за постанокот на светот што доминирало во средновековието, а се отфрла и средновековната религиозна претстава за човекот како безлична единка која се губи во христијанскиот колектив и која сонува за задгробниот живот. Човекот се издига на еден висок пиедестал како слободно и сестрано надарено битие кое има право на уживање во овоземниот живот и на постигнување на земската среќа која се состои во телесни задоволства и во духовна исполнетост.

Основа на сите уметности во ренесансата е проучувањето на природата на човековото тело. Во таа смисла, сликарството и вајарството доживеале сестран расцут. Целта на поезијата и на ликовните уметности е изразување на убавината, грациозноста и хармоничноста на човековото тело и човековата душа. Уметноста, а во тие рамки и литературата, во ренесансата добива нови особености: одмереност, сразмерност, рамнотежа, хармонија, духовна ведрина и оптимизам. Уметноста се издига дури и до степен на наука: во сликарството и во вајарството се

проучува анатомијата и се воведува перспективата; во литературата се развива теориската мисла - поетиката, односно теоријата на литературата.

Во времето на ренесансата се појавува поимот за уметничкиот талент и се напушта анонимноста на уметникот од средниот век, односно авторите се потпишуваат на своите дела. Народниот јазик веќе доминира во литературата (се воведува и во школите), а се појавува и едно силно манифестирање на националните и народните елементи во литературните дела.

Ренесансата се појавува во Италија, а потоа се шири и во други европски земји. Најзначајни италијански претставници на ренесансата се: Лодовико Ариосто (1474 - 1533) со епот "Лудиот Орландо" и Торквато Тасо (1544 - 1595) со епот "Ослободениот Ерусалим"; од Шпанија е славниот Мигел де Сервантес Сааведра (1547 - 1616) со романот "Дон Кихот"; во Англија - Вилијам Шекспир (1564 - 1616), најпрочуениот драмски автор; во Франција Франсоа Рабле (1491 - 1553) со романот "Гаргантуа и Пантагруел", поетот Пјер Ронсар (1524 - 1585) и филозофот Мишел Монтењ (1533 - 1592).

**Запомни!**

Поимот *хуманизам* потекнува од италијанскиот збор *уманесимо* (*човечно, хумано*), а го означува преминот од средниот век во новото време и создавањето на современ, слободен човек. Основата на хуманизмот лежи во античката култура.

Најзначајни претставници на хуманизмот се Данте Алигиери, Франческо Петрарка и Џовани Бокачо.

Поимот *ренесанса* потекнува од францускиот збор *ренаиссанце* што значи *повторно раѓање*, односно *преродба*. Ренесансата подразбира преродба на античката наука, литература и култура, но и преродба на целокупниот тогашен општествен живот.

Најзначајни претставници на ренесансата се Лодовико Ариосто, Торквато Тасо, Мигел де Сервантес Сааведра, Вилијам Шекспир, Франсоа Рабле и други.

### *Провери ги своите знаења!*

Каде и во какви услови се појавиле хуманизмот и ренесансата?

Кои се најзначајните особености на хуманизмот?

Кои автори се претставници на хуманизмот во Италија?

Што се подразбира под поимот *ренесанса*?

Кои се основните белези на ренесансата како културна појава?

Кои се најзначајните претставници на ренесансата во Европа?

### *Задача*

Потсети се на основните особености на средновековната литература. Спореди ги тие особености со особеностите на литературата во епохата на хуманизмот и ренесансата и пронајди ги разликите меѓу нив.

# ДАНТЕ АЛИГИЕРИ

Данте Алигиери е италијански поет и филозоф. Роден е 1265 година во италијанскиот град Фиренца. Неговото образование опфаќа неколку степени и повеќе предмети меѓу кои се и латински јазик, реторика, дијалектика, математика, астрономија, а подоцна ги изучува теологијата и филозофијата. Особен интерес покажал кон проучувањето на античката литература и култура. Сепак, се определил за занаетот на лекарите и аптекарите којшто во тоа време бил еден од најценетите занаети.

Данте бил активно вклучен во политичките настани од тоа време. Извесен период бил и член на највисокото политичко управно тело во Фиренца. Тогашните борби меѓу политичките противници (истомисленициите на папата и империјалистите) ќе ја определат натамошната животна судбина на Данте. Во 1302 година, по победата на политичките противници, заминал од родната Фиренца во која никогаш повеќе нема да се врати. По самоволното прогонство од Фиренца пропатувал низ многу италијански и други европски градови. Долго време се борел за помирување, за компромис во рамките на независноста и еднаквоста на световната и духовната власт, односно на државата и црквата. Поради своите политички ставови, често бил клеветен и обвинуван како "непомирлив непријател" на Фиренца, а во негово отсуство дури трипати бил осудуван на смрт.

Данте Алигиери умрел 1321 година во италијанскиот град Равена.

За неговиот живот и за книжевното дело од посебно значење е неговата средба со Беатриче Портинари уште во раното детство. За време на сиот свој живот Данте останал врзан за својата љубов кон Беатриче, иако се оженил со друга жена и во бракот имал три деца, и иако Беатриче се омажила за друг и умрела млада во 1290 година. Нејзиниот лик ќе го следи поетот цел живот и во голем број од неговите дела.

Данте Алигиери е автор на делата "Нов живот", "Гозба", "За народниот говор", "Монархија", "Исповедта на верата", но секако најпрочуен е по својата епска творба "Божествена комедија".

## "Божествена комедија"

Ова свое дело Данте го нарекол "Комедија", велејќи дека таа има "тажен почеток, а среќен крај". Напишана е на италијански народен јазик. Епитетот "божествена" се јавил многу подоцна, некаде по XVI век.

"Божествена комедија" е филозофско-религиозен еп во стихови составен од три дела: "Пекол" (1307 г.), "Чистилиште" (1315 г.) и "Рај" (1320 г.). Секој дел е составен од 33 песни, а "Пеколот" има и една воведна песна. Тоа значи дека "Божествената комедија" е составена од сто песни.

Данте се залага за преродба на тогашното општество. Станува збор, имено, за еден алегоричен приказ на добрите и лошите страни на минатото и на времето во кое живеел Данте, за тогашните судири, но и критика на безвластието и на безредието во тогашното време. Тоа е направено преку замислено патување на авторот низ пеколот, чистилиштето и рајот. Предводник на Данте во "Пеколот" и во "Чистилиштето" е римскиот поет Вергилиј, а во "Рајот" него го води саканата Беатриче. Притоа, славните личности од минатото, но и голем број негови современици, Данте ги става во еден од овие три дела водејќи се од заслугите во текот на нивниот живот.

"Пеколот" е составен од девет круга и таму се грешниците за кои нема простување. Во првиот круг се античките многубошци, во вториот блудниците, во третиот алчните итн. "Чистилиштето", исто така, е поделено на девет круга, а овде се мошне значајни четирите планети кои ги симболизираат четирите особини на човекот - храброста, мудроста, умереноста и праведноста. Тука се наоѓаат оние кои се "чистат" од сторените гревови за време на нивниот земен живот. "Рајот", пак, е поделен на десет сфери, а земјата е нивниот центар. "Рајот" е целосна поетска слика во која е олицетворена љубовта на Данте кон Беатриче која на крајот ќе го добие светото место крај нозете на Богородица.

### *Воведната песна*

Првата (воведна) песна од "Пеколот" е истовремено и првата песна во "Божествената комедија". Овде поетот го опишува начинот на кој се нашол во мрачниот пекол:

"На средина од мојот живот земен
вистинскиот го изгубив јас пат:
се најдов в шума сам, сред густеж темен".

Уште во првата (воведна) песна Данте ја применува алегоријата. Шумата е алегорија за грешниот живот, а во тој непознат мрак пред него се појавуваат три животни - пантер (завист), лав (гордост) и волчица (среброљубие). Стариот римски поет Вергилиј што ќе го води авторот низ пеколот и чистилиштето е, всушност, олицетворение на мудроста.

Во оваа песна, како и во сите други делови на "Божествена комедија", преку алегоријата Данте ги отсликува негативните појави во тогашното италијанско општество користејќи ги средновековните религиозни сфаќања. Токму затоа се вели дека Данте Алигиери со своето дело се наоѓа на границата меѓу средновековието и новото време на хуманизмот и ренесансата.

### *Запомни!*

"Божествената комедија" е филозофско-религиозен еп составен од три дела: "Пекол", "Чистилиште" и "Рај". Напишана е на италијански народен јазик во првите две децении од XIV век.

"Пеколот" е составен од девет круга и таму се грешниците за кои нема простување. Во првиот круг се античките многубошци, во вториот блудниците, во третиот алчните итн.

Во "Божествена комедија", преку алегоријата, Данте ги отсликува негативните појави во тогашното италијанско општество користејќи ги средновековните религиозни сфаќања.

### *Провери ги своите знаења!*

Кога и во какви општествени услови живеел Данте Алигиери?

Што е "Божествената комедија"? Од колку делови е составена таа?

Што прикажува и што критикува авторот во "Божествената комедија"?

Кои се најчестите стилски фигури што ги користи Данте Алигиери во "Божествената комедија"?

Што претставува првата, односно воведната песна во "Пеколот"?

### *Задача*

Спореди го средновековниот апокриф "Одењето на Богородица по маките" со "Пеколот" од Данте Алигиери! Посочи ги сличностите и разликите помеѓу нив!

# ФРАНЧЕСКО ПЕТРАРКА

Франческо Петрарка е италијански поет од XIV век, претставник на хуманизмот. Роден е во градот Арец 1304 година. Уште од детските години започнуваат неговите преселби што ќе го следат во текот на сиот живот. Своето школување го започнал на седумгодишна возраст. Подоцна се запишал и студирал право во Монпеље и во Болоња, но не ги завршил студиите по што се вратил во Авињон. Подолго време бил во служба кај бискупот Џакомо Колоња и кај кардиналот Џовани, а подоцна и кај аристократот Џовани Висконти. Патувал во повеќе градови низ Франција, Германија и родната Италија.

Во 1327 година Петрарка за првпат ќе ја здогледа Лаура де Новес во црквата "Св. Кјара" во Авињон. Лаура веќе била мажена за извесниот Хуго де Сад, но Петрарка ќе се вљуби во неа и нејзе ќе ѝ посвети бројни поетски творби. Таа средба со Лаура ќе изврши огромно влијание врз творештвото на Франческо Петрарка што ќе трае дури и по смртта на Лаура во 1348 година.

За своето поетско творештво во 1341 година во Рим Петрарка ја добил највисоката литературна награда, односно бил овенчан со ловоровиот венец.

Постојаните преселби, патувањата и осаменоста не го напуштале Петрарка дури и во староста. На крај се преселил во Падова каде што и починал во 1374 година.

## *Литературното дело на Петрарка*

Делото на Франческо Петрарка е обемно. Пишувал на латински и на италијански народен јазик. На латински јазик напишал 18 дела, а најпознати меѓу нив се епот "Африка", списот "Мојата тајна", биографиите "За славните луѓе", збирката "Посланија", четирите книги со анегдоти за личности од историјата и други.

На италијански народен јазик го напишал прочуениот "Канцониер", збирка од песни посветени на Лаура, но и алегоричниот спев "Триoнфи".

За време на сиот свој живот Петрарка бил оддаден на проучување на античката литература и култура воопшто. При своите патувања низ Италија трагал по стари латински ракописи и откривал изгубени и заборавени антички текстови.

## *“Канцониер”*

Познатиот "Канцониер" од Франческо Петрарка претставува збирка од 366 љубовни песни. Меѓу нив најбројни се сонетите, а има и канцони, балади и мадригали. Сета збирка ѝ е посветена на Лаура во која Петрарка се вљубил уште во младите години, а песните ги пишувал во период од неколку децении.

Збирката "Канцониер" ја сочинуваат два дела: "За животи на мадона Лаура" и "По смртта на мадона Лаура". Првиот дел ги опфаќа песните кои се пишувани додека Лаура сѐ уште била жива, а во вториот дел се песните напишани откако Лаура починала.

Во љубовната лирика од својот "Канцониер" Петрарка ја искажува бескрајната и безрезервна љубов кон убавата Лаура. Станува збор за невозвратена љубов и токму затоа во овие песни доминира чувството на тага, болка, немир и осаменост. Поетот копнее по убавината на Лаура, мечтае и сонува за нејзиниот допир, но сето тоа ќе остане само копнеж. Сепак, во одреден број песни Петрарка е и оптимист. Тој верува дека таа негова љубов ќе вроди со плод, па има песни во кои среќаваме надеж, светлина, верба, среќа и спокој. На тој начин се јавува контрастот што го забележуваме во бројни песни, а најизразен е во неговиот најпознат сонет "Не, нема мир, ни војна, ниту враг!":

"Не, нема мир, ни војна, ниту враг!
Се плашам в надеж, стинеам и горам;
се влечам в прав, со Небото се борам,
без прегратка го гушкам светов пак!”.

Иако песните од "Канцониерот” во основа ѝ припаѓаат на љубовната лирика, сепак, во нив може да се сретнат и патриотски мотиви, религиозни расположенија, стремежите на Петрарка за слободата на човековото суштество, но и еден морален протест против безредието и расипништвото што било својствено за тогашната аристократија.

Со збирката "Канцониер” Франческо Петрарка извршил реформа на западноевропската љубовна поезија, ја ослободил неа од средновековната мистика, а неговата поезија имала огромно влијание врз идните поетски генерации кои оформиле цело едно поетско движење наречено "петраркизам”.

***Запомни!***

Франческо Петрарка пишувал на латински и на италијански народен јазик. На италијански јазик го напишал прочуениот "Канцониер”, збирка од песни посветени на Лаура.

Збирката "Канцониер” ја сочинуваат два дела: "За животи на мадона Лаура” и "По смртта на мадона Лаура”. Контрастот го среќаваме во бројни песни, а најизразен е во неговиот најпознат сонет "Не, нема мир, ни војна, ниту враг!”.

Во "Канцониерот” може да се сретнат и патриотски мотиви, религиозни расположенија и стремежите на Петрарка за слободата на човековото битие.

Во 1341 година во Рим Петрарка ја добил највисоката литературна награда, односно бил овенчан со ловоровиот венец.

### *Провери ги своите знаења!*

Од што се инспирирани песните во збирката "Канцониер" од Петрарка?

Колку песни има "Канцониерот"? Од колку делови е сочинет и кои се тие?

Какви чувства доминираат во песните за Лаура?

Колкаво е и какво е значаењето на "Канцониерот" за западноевропската поезија од времето на хуманизмот и ренесансата?

### *Задача*

Направи споредба помеѓу ликот на Беатриче од "Божествена комедија" на Данте Алигиери и Лаура од "Канцониерот" на Франческо Петрарка! Најди ги сличностите и разликите меѓу Беатриче и Лаура!

### *Прошири ги и продлабочи ги своите знаења*

"Лаура е *сеприсутност* и *сеотсутност*. Таа е метафора на една маѓепсаност. А *метафората*, воопшто, можеби не е толку распространета како, на пример, рефлексијата поетска, но - сепак - е мошне присутна колку во нејзината почиста форма, толку како и поширок поим што ги обединува стилските фигури/тропите. Неа ја среќаваме уште во првиот стих на првиот сонет, во синтагмата *раштркани рими*, што е очигледна замена за *развеаните* ***мисли*** поетови, за неговата несреденост во сферата на интимата - за да се развие оттука во раскошна блескава фонтана сé до *алегоријата* со нејзината фантазмагорија".

**Георги Сталев**

## ВИЛИЈАМ ШЕКСПИР

Вилијам Шекспир, несомнено, е најславниот драмски автор од времето на ренесансата и тоа не само во Англија туку и воопшто во Европа. За него најчесто се вели дека е најголемиот писател во светската литература. И покрај тоа, за неговиот живот има сосема малку податоци.

Шекспир е роден 1564 година во малото англиско гратче Стратфорд како прво од осумте деца во семејството на Џон Шекспир и Марија Арден. Со основно образование се стекнал во родниот град, а подоцна му помагал на неговиот татко во трговијата. Се оженил на 19-годишна возраст со Ана Хатавеј, а во тој брак им се родиле две ќерки и еден син. Во 1592 година Вилијам Шекспир веќе е во Лондон каде што се појавува како актер во една театарска претстава. Две години подоцна станува член на театарската дружина на лорд Чемберлен која подоцна ќе стане Кралска дружина со посебни привилегии.

Престојувањето на Шекспир во Лондон трае до 1610 година, а тоа е период на интензивно литературно творење и негово активно учество во тамошниот театарски живот. Во 1610 година се враќа во родниот Стратфорд и последните години од животот таму ги поминува. Умрел 1616 година во Стратфорд каде што е и погребан.

### *Творештвото на Шекспир*

Вилијам Шекспир е поет и драматург. Автор е на два спева, една збирка сонети и 37 драми. Прво негово објавено дело е спевот "Венера и Адонис” во 1593 година. Една година подоцна го објавил вториот спев со наслов "Лукреција”. Збирката од 154 сонети е објавена во 1609 година.

Творештвото на Шекспир е создадено во периодот меѓу 1590 и 1612 година. Проучувачите на неговото драмско дело тврдат дека пишувал по две драми годишно. Автор е на комедии, трагедии и историски драми.

Најпознати комедии на Вилијам Шекспир се "Сон на

летната ноќ", "Венецијанскиот трговец", "Како што милувате", "Многу врева за ништо", "Веселите жени виндзорски" и други. Голем број од своите драми Шекспир ги посветил на животите на англиските кралеви, а тоа се историските драми во кои спаѓаат "Ричард III", "Ричард II", "Хенри IV", Хенри V" и други. Од трагедиите на Вилијам Шекспир најзначајни се "Хамлет", "Ромео и Јулија", "Отело", "Магбет" и "Кралот Лир".

Во своите драми Шекспир на еден генијален начин ги разработува универзалните мотиви како што се љубовта, омразата, одмаздата, властољубието, алчноста, лицемерието и слично. Токму затоа, голем број од неговите драми ја зачувале популарноста дури и неколку века по неговата смрт, односно сé до денес.

## "Хамлет"

Трагедијата "Хамлет" е напишана во 1601, а за првпат е објавена во 1603 година. Легендата за данскиот принц Хамлет е позната од данската историја од XII век и таа била популарна долго време. Пред Шекспировиот "Хамлет" постоеле уште неколку драми за овој дански принц. Но, ниту една од нив не е зачувана како целосен драмски текст.

"Хамлет" е трагедија во пет чина. Во основата на оваа Шекспирова драма лежи одмаздата и потрагата по правдата и вистината. Хамлет ја бара вистината за околностите под кои умрел неговиот татко, односно кралот на Данска. Преку оваа потрага, низ драмското дејство се откриваат повеќе аспекти на човечката неморалност - братоубиство, властољубие, неверство, лицемерие, користољубивост, омраза. Хамлет е лик кој ги детектира овие негативни особини и неговата борба е насочена кон задоволување на правдата. Актуелниот крал кој го убил својот брат, поранешниот крал - таткото на Хамлет, и кој се оженил со неговата жена - мајката на Хамлет, според Хамлетовите морални погледи, треба и мора да биде казнет со

смрт за своето злосторство и за својот неморал. Кралицата, која не останала доследна на брачниот завет, исто така, треба да ја носи со себе казната за неморалноста. Интригантот Полониј е казнет со смрт поради своето лицемерие и полтронство. И многу други драмски ситуации во “Хамлет” алудираат на заслужената казна за злосторниците и за неморалните личности.

Меѓутоа, во таа борба за задоволување на правдата и моралот, Хамлет ќе се вплетка во канџите на омразата и одмаздата и самиот ќе мора да посегне по оружјето со што станува убиец, но и ќе биде убиен. Сепак, крајот на драмата го отсликува Хамлет како чесен и добродетелен лик преку зборовите на норвешкиот принц Фортинбрас:

"Нека го однесат на кулата Хамлет
Ко воин четири капетани наши.
Да беше жив ќе станеше крал.
Со музика бојна со бојна парада
Носете го горе неговото тело”.

Во "Хамлет” на еден типичен начин се открива злосторството на кралот. Шекспир за таа цел употребува и фантастични елементи (појавувањето на духот од таткото на Хамлет), но овде се среќаваме и со “драма во драма”, односно Хамлет преку претставата на актерите пред кралот дознава дека татко му навистина е убиен од кралот.

"Хамлет” е драма за вечната борба на доброто против злото. Но, не злото што се наоѓа некаде далеку, туку злото во човекот. Хамлет е лик кој претставува олицетворение на таа борба против злото и благодарение на тој брилијантно прикажан универзален мотив, оваа трагедија на Шекспир и по четири века од нејзиното појавување сé уште е актуелна.

### *Запомни!*

Вилијам Шекспир живеел од 1564 до 1616 година. Автор е на два спева, една збирка сонети и 37 драми.

Во своите драми Шекспир разработува универзални мотиви како што се љубовта, омразата, одмаздата, властољубието, алчноста, лицемерието.

"Хамлет" е трагедија во пет чина. Во основата на оваа Шекспирова драма лежи одмаздата и потрагата по правдата и вистината.

"Хамлет" е драма за вечната борба на доброто против злото. Но, не злото што се наоѓа некаде далеку, туку злото во човекот.

### *Провери ги своите знаења!*

Во кој период се создадени литературните дела на Вилијам Шекспир?

Кои се најпознатите трагедии на Шекспир?

Кои универзални мотиви се обработени во драмите на Шекспир?

Кога е напишана и кога е објавена трагедијата "Хамлет"?

По што трага Хамлет? Во што се состои неговата борба за праведност, односно неговата борба против злото во човекот?

### *Задача*

Во трагедијата "Хамлет" пронајди го делот во кој се одвива "драма во драма", односно "претстава во претстава". Посочи ги елементите од таа "претстава во претстава" кои алудираат на братоубиството во драмата!

## МИГЕЛ ДЕ СЕРВАНТЕС СААВЕДРА

Мигел де Сервантес Сааведра е шпански поет, раскажувач и драмски писател од времето на ренесансата. Роден е во 1547 година. Извесно време студирал на универзитетот во Мадрид и бил во служба на кардиналот Аквиви. Подоцна ја напуштил службата кај кардиналот и се приклучил во борбата против Турците во рамките на италијанската пешадија. Во таа борба бил заробен и поминал пет години ропство во Алжир по што се вратил во Шпанија.

Извесен период Мигел де Сервантес работел како државен службеник, односно бил управник на резервните магацини. Бил обвинет за злоупотреби со финансиите и бил затворен, но подоцна се докажало дека е невин по што бил ослободен.

Во текот на сиот свој живот се борел со сиромаштијата и со напорите да го прехрани своето семејство. Често наидувал на затворени врати при потрагата по покровители за објавување на неговите литературни дела.

Мигел де Сервантес Сааведра умрел во осаменост и сиромаштија во 1616 година, односно една година по завршувањето на вториот дел од романот "Дон Кихот”.

### *Творештвото на Сервантес*

Мигел де Сервантес е автор со разновидно творештво. Тој пишувал песни, драми, романи и раскази. Автор е на пасторалната романса "Галатеја” од 1585 година. Сервантес, исто така, објавил и една голема збирка од осум комедии, но и романсата со наслов "Страдањата на Персилес и Сигисмунда”.

Со овие свои дела тој не успеал да постигне некој голем успех. Другите негови творби останале во сенка на неговото грандиозно романескно дело.

Најголемото и најзначајното дело на Сервантес е романот "Дон Кихот" со кој постигнал огромен успех уште со самото негово појавување на почетокот од XVII век.

## “Дон Кихот”

Романот "Дон Кихот” од Мигел де Сервантес Сааведра се состои од два дела. Првиот дел е објавен во 1605 година, додека вториот дел десет години подоцна во 1615 година. Целосниот наслов на романот е "Славниот благородник Дон Кихот од Ла Манча”.

Првиот дел од романот содржи посвета, пролог, неколку песни и 52 глави. Вториот дел од романот содржи посвета, пролог и 74 глави. Станува збор, значи, за обемно литературно дело чијашто фабула е раскажана во 126 глави. Во романот често се среќаваат вметнати песни, најчесто сонети, а во многу негови сегменти се среќаваме со пословици, поговорки и други народни мудрости од шпанскиот фолклор.

Романот "Дон Кихот” е пародија на витешките романи коишто биле мошне популарни во XV и XVI век. Преку ликот на Дон Кихот (јунакот во романот) Сервантес ги исмева хиперболизираните подвизи и авантури на измислените благородни витези во тие витешки романи.

Ликот на Дон Кихот е еден од најдобро изградените ликови во светската литература воопшто. Станува збор, имено, за благородник од едно село во шпанската област Ла Манча кој е опседнат со содржините на тогашните популарни витешки романи. Неговото вистинско име е Алонсо Кихано. Поттикнат од авантурите на витезите во романите што ги чита, кај него се јавува помислата дека и тој е предодреден да стане витез, да прави добри дела и да го спасува светот од злото. За кратко време си обезбедил опрема и оружје, го јавнал својот стар коњ Росинант и тргнал да трага по авантури кои ќе го прославаат како витез. Во тие походи му се придружува и Санчо Панса, негов сосед, кој во витешката игра на Дон Кихот ја има улогата на оруженосец.

Комичните сцени со кои се среќава читателот безмалку на

секоја страница од овој роман се најдобрата илустрација за тоа дека овој роман е вистинска пародија на витешките романи. Исмевањето на витезите Сервантес го започнува уште од облеката, опремата и оружјето на Дон Кихот, преку неговиот оруженосец кој јава на магаре, а тоа продолжува со неговите авантури како што е, на пример, борбата против ветерните мелници за кои тој мисли дека се џинови или, пак, против двете стада од овци за кои Дон Кихот смета дека се "најсилните војски”. Како и секој вистински витез, и Дон Кихот мора да има избраница на своето срце, жена во која ќе биде вљубен и во чија чест ќе ги извршува своите подвизи, па за таа цел ја измислува "сењора Дулсинеја од Тобосо”.

Во текот на четиривековното толкување на романот "Дон Кихот”, литературната критика и литературната историја имале разни ставови во врска со неговата содржина. Сепак, заедничко за сите нив е дека романот "Дон Кихот” од Мигел де Сервантес претставува една богата слика за Шпанија од времето на крајот од XVI и почетокот на XVII век, зашто во овој роман се опишуваат речиси сите слоеви од тогашното општество со сите нивни доблести и недостатоци, но и начинот на кој луѓето живееле во тогашното време во Шпанија. Преку двата централни лика, Дон Кихот и Санчо Панса, Сервантес успеал во својата основна намера - да го опише своето време, да ги искритикува негативните појави во општеството во коешто и самиот тој живеел и да ги жигоса човечките заблуди со што овој роман добива и една значајна универзална порака.

***Запомни!***

Мигел де Сервантес Сааведра пишувал песни, драми, романи и раскази. Негово најзначајно дело е романот "Дон Кихот” со кој постигнал огромен успех.

Романот "Дон Кихот" од Мигел де Сервантес Сааведра се состои од два дела. Првиот дел е објавен во 1605, а вториот во 1615 година. Фабулата на романот "Дон Кихот" е раскажана во 126 глави.

Романот "Дон Кихот" е пародија на витешките романи коишто биле мошне популарни во XV и XVI век. Преку двата централни лика, Дон Кихот и Санчо Панса, Сервантес го опишува своето време и ги критикува негативните појави во општеството во кое и самиот живеел.

## *Провери ги своите знаења!*

Во кое време живеел и творел Мигел де Сервантес Сааведра и на кој литературен правец му припаѓа?

Од колку делови и од колку глави се состои романот "Дон Кихот"?

Кои се централните ликови во "Дон Кихот"? Што се исмева преку нивните авантури во двата дела од романот?

Кои се најпоказателните авантури на Дон Кихот во кои се согледува пародискиот карактер на овој роман од Сервантес?

Која е универзалната порака што ја читаме во романот "Дон Кихот" од Сервантес?

## *Задача*

Прочитај ја внимателно сцената од романот "Дон Кихот" во која главниот лик се бори против ветерните мелници. Пронајди ги и посочи ги комичните елементи во таа сцена!

## *Истражувај!*

Каков е односот меѓу фантазијата и стварноста во романот "Дон Кихот"? Каква функција имаат бројните имагинации на јунакот Дон Кихот во овој роман?

## *КЛАСИЦИЗМОТ ВО ЕВРОПСКАТА ЛИТЕРАТУРА*

Појавата на класицизмот како посебен правец во литературата, односно како посебна стилска формација, се случува во Франција во почетокот на XVII век. Тоа е време на апсолутизмот, односно на владеењето на апсолутистичката монархија, но и време кога науката и техниката бележат забрзан развој.

Подоцна, односно во текот на XVIII век, класицизмот ќе се појави и во други европски земји како што се Англија, Германија и Русија.

### *Античката уметност и класицизмот*

Поимот *класицизам* потекнува од латинската придавка *classicus* што значи *класичен*. Со тоа е обележана најзначајната особеност на класицизмот како литературен правец. Таа особеност подразбира угледување на класичните вредности од античката уметност. Имено, според естетските сфаќања од времето на класицизмот, авторот требало да се угледува на античката римска и хеленска литература и оттаму да црпи знаења, теми и мотиви, но истовремено да разработува и нови теми од своето време. Претставниците на класицизмот сметале дека литературните дела треба да се пишуваат по примерот на античката литература и врз основа на идејно-естетските ставови на ренесансата.

Класицизмот како литературна стилска формација се одликува со уште неколку свои карактеристики, односно елементи, преку кои тој станува посебен и препознатлив.

Вдахновението и природната дарба се елементи кои треба да ги поседува еден творец. Уметникот треба да се стреми кон што посовршена рамнотежа меѓу природната дарба и силното вдахновение, но и кон што поцелосно знаење, теориско образование и упорна работа. Разумот треба да биде на прво место, односно во литературата не треба да има пренагласеност на имагинацијата и на чувственоста.

Според естетската доктрина на класицизмот, уметникот,

а во тие рамки и писателот, е должен да ги создава своите дела потпирајќи се врз природата. Меѓутоа, едно уметничко дело не смее да биде копија на природата, туку една специфична преобразба на стварноста. Во таа смисла, уметноста треба да создава автономен свет на една фиктивна, односно имагинарна стварност. Уметникот треба да трага по судбината на човекот од аспект на универзалните компоненти. Тој треба да опишува судбини, ликови и настани во кои се допираат спротивностите, односно во кои се јавува синтеза на поединечното и општото, конкретното и апстрактното, современото и вечното. Целите на уметноста треба да се бараат во односот меѓу корисното и убавото, а единството на разумот, убавината и моралот е еден од основните естетски постулати на класицизмот.

### *Култ кон правилата*

За класицизмот како литературен правец е својствен и таканаречениот култ кон правилата, односно придржувањето кон литературните норми кои треба и мора да учествуваат во процесот на уметничкото творење. Во таа смисла, една од позначајните карактеристики на класицизмот е придржувањето кон теоријата за трите единства во драмата и кон теоријата за јасното разграничување на естетските категории. Драмата треба да ги следи класичните правила за единство на времето (настаните мора да се одвиваат во едно определено време), единство на просторот (настаните да се одвиваат на едно место) и единство на дејството (настаните да се одвиваат во причинско-последична логичност). Исто така, во делото треба јасно да се разграничуваат естетските категории, односно не смее да има мешање на комичното со трагичното, убавото со лошото и слично.

Во врска со тој култ кон правилата, во времето на класицизмот била изградена и една посебна теорија на литературните видови кои биле класифицирани во високи, средни и ниски. Во високите литературни видови спаѓале одата,

химната, епопејата и трагедијата. Во нив бил прикажуван дворскиот живот, односно главни ликови биле кралевите и другите припадници на благородничкиот сталеж. Средни литературни видови биле елегијата, идилата, сатирата, басната и епиграмот, а како низок литературен вид била сметана комедијата во која требало да биде опишуван секојдневниот живот на обичните луѓе.

Во однос на стилот, пак, класицизмот се одликува со вистинитост, природност, јасност и чистота на изразот. Авторите се стремеле кон возвишен и едноставен стил и кон совршено вклопување на деловите во целината. Совршенството бил идеал по кој копнееле творците од времето на класицизмот.

Своите највисоки уметнички дострели класицизмот ги постигнал во Франција преку мошне талентираните автори како што се Пјер Корнеј (1606 - 1684), Жан Расин (1639 - 1699), Жан Батист Поклен Молиер (1622 - 1673), Жан де Лафонтен (1621 - 1695) и други. Најзначаен претставник на класицизмот во англиската литература е Александар Поуп (1689 - 1744), додека во Германија се појавуваат повеќе автори меѓу кои најзначајни се Фридрих Шилер (1759 - 1805) и Јохан Волфганг Гете (1749 - 1832) чии дела се непосредно поврзани со античкото минато, но и со современите романтичарски тенденции. Како еден од најпознатите претставници на рускиот класицизам се истакнува поетот Гаврил Романович Державин (1743 - 1816).

***Запомни!***

Класицизмот како посебен правец во литературата се појавува во Франција во почетокот на XVII век. Најзначајната особеност на класицизмот е угледувањето на класичните вредности од античката уметност.

Според естетската доктрина на класицизмот, едно уметничко дело не смее да биде копија на природата, туку специфична преобразба на стварноста. За класицизмот е

својствен и т.н. култ кон правилата, односно придржувањето кон литературните норми при творењето.

Најзначајни претставници на класицизмот се Пјер Корнеј, Жан Расин, Жан Батист Поклен Молиер, Фридрих Шилер, Јохан Волфганг Гете и други.

***Провери ги своите знаења!***

Кога и каде се појавува за првпат класицизмот во европската литература?

Од каде потекнува и што значи поимот *класицизам*?

Која е најзначајната особеност на класицизмот како литературна стилска формација?

Што се подразбира под "култ кон правилата” кој е карактеристичен за класицизмот?

Кои се најзначајните претставници на класицизмот во Европа?

***Задача***

Пронајди ги и посочи ги основните сличности и разлики меѓу ренесансата и класицизмот!

***Прошири ги и продлабочи ги своите знаења!***

"Големиот француски мислител Рене Декарт (1596 - 1654) ја создал рационалистичката филозофија според која разумот бил единствено средство за запознавање на вистината. Оваа Декартова филозофија ја прифатил и разработил францускиот поет и теоретичар Никола Боало (1636 - 1711). Во своето дело **Поетска уметност** Боало се залага тематскиот извор на новата уметност да се бара во античката уметност во која сè било природно и реалистично... Според него, писателите требало да ги создаваат своите творби по примерот на класичната литература, а своите идејно-естетски погледи да ги засновуваат врз разумот што за него претставувал судија на вистината. Многу писатели ги прифатиле идеите на Боало и на таков начин во Франција се создало цело литературно движење познато под името класицизам”.

**Љубен Андреев**

# ЖАН БАТИСТ ПОКЛЕН МОЛИЕР

Жан Батист Поклен Молиер е еден од најголемите француски и светски комедиографи. Роден е во 1622 година во Париз. Неговата мајка починала кога тој имал десет години. Татко му бил во служба на францускиот кралски двор. Таа служба на неговиот татко му овозможила на Молиер да учи на угледниот колеџ Клермон на кој се школувале само деца од благородничко потекло. Подоцна Молиер ги завршил и правните студии на Универзитетот во Орлеан.

Меѓутоа, и покрај можноста да го наследи местото на својот татко во кралскиот двор или да го искористи своето образование и да работи како правник, младиот Молиер се одлучил да се зафати со театарската професија. На дваесетгодишна возраст, заедно со познатото театарско семејство Бежар, Молиер го основал таканаречениот "Илустриран театар", односно основал театарска трупа. За кратко време новооснованиот театар се соочил со финансиски потешкотии, а Молиер бил обвинет за малверзации и бил затворен во Бастилја.

По излегувањето од државниот затвор Бастилја следува тринаесетгодишно патување на Молиер низ Франција со својата театарска трупа. Тоа патување трае од 1645 до 1658 година при што биле изведувани театарски претстави во многу француски градови како што се Нант, Лимож, Бордо, Тулуз, Лион и други. Во таа театарска трупа Молиер учествува како директор, но и како актер.

Во 1858 година Молиер се враќа во Париз и ја започнува својата кариера како комедиограф. Поради жестоката критика упатена кон разните слоеви од тогашното француско општество во своите комедии, Молиер си создал бројни непријатели, особено меѓу свештенството. Поради тоа, кога починал во 1673 година црковните власти забраниле тој да биде погребан.

Неговиот погреб се случил по четири дена од неговата смрт и тоа со интервенција на францускиот крал Луј XIV.

### *Творештвото на Молиер*

Жан Батист Поклен Молиер е автор на триесет и четири комедии. Својата прва комедија со наслов "Смешни прециози" ја напишал во 1659 година и со неа постигнал огромен успех. Успехот го повторил и со втората комедија со наслов "Училиште за жени” од 1662 година. Потоа следува период на активно драмско творештво и директно учество во театарскиот живот во Париз. Негови најпознати и најизведувани комедии се "Тартиф”, "Скржавецот”, "Дон Жуан”, "Мизантроп”, "Вообразен болен”, "Училиште за жени”, "Благородниот граѓанин” и "Господинот од Пурсоњак”.

Голем број од комедиите на Молиер останале актуелни до денес. Причината за тоа е едноставна - во своите комедии Молиер обработува универзални теми и мотиви. Станува збор, имено, за исмевање на негативните човечки особини како што се алчноста, себичноста, суетата, подмолноста, лицемерието, завидливоста, мрзливоста, скржавоста, интригантството, фалбаџиството, вообразеноста и други. Во драмските текстови Молиер ги критикува припадниците на сите слоеви од тогашното француско општество. Токму поради тоа тој е наречен "бич на порочните луѓе”.

Комедиите на Молиер се пишувани врз принципите на класичната драма. Во нив најчесто се застапени петте композициски елементи (експозиција, заплет, кулминација, перипетија, расплет), а нивна особеност е и класичното драмско правило за трите единства (единство на дејството, на местото и на времето).

## “Тартиф”

Комедијата "Тартиф” била напишана во три верзии. Првата верзија е од 1664 година и таа не е зачувана. Втората верзија била напишана во 1667 година со наслов "Измамникот”. Третата, односно последната и конечната верзија Молиер ја напишал во 1669 година и таа го носела насловот "Тартиф”.

Драмата "Тартиф” најчесто се определува како комедија на карактери. Преку оваа комедија Молиер го критикува и го исмева лицемерието и лажната набожност на поголемиот број свештеници од неговото време. За таа цел најдобро ќе му послужи ликот на Тартиф кој спаѓа во групата на ликови-типови. Тој е лик-тип на дволичен набожен свештеник, што значи дека исмевањето на Тартиф подразбира критика и исмевање на сите свештени лица кои се слични на него. Токму поради тоа црквата жестоко реагирала при појавувањето и изведувањето на оваа комедија.

Тартиф ја спроведува својата дволична игра со помошна лесномислениот Оргон. Тој не само што го прима Тартиф во својот дом туку и му го препишува сиот свој имот и има намера да ја омажи својата ќерка Маријана за Тартиф. Лицемерието на Тартиф е прикажано преку говорот на другите ликови од семејството на Оргон, но и преку драмските ситуации во кои се разоткрива неговата двојна улога на набожен човек и заведувач на сопругата од Оргон, Елмира. Кулминацијата е постигната кога сокриениот Оргон лично ќе ги слушне љубовните изјави на Тартиф кон Елмира по што следуваат перипетиите за сопственоста на имотот и среќниот расплет.

Комедијата "Тартиф” е составена од пет чина. Во неа се среќаваат петте драмски композициски елементи, но применето е и начелото за трите единства. На таков начин Молиер успеал да создаде успешно драмско дело кое е актуелно веќе неколку века.

### *Запомни!*

Жан Батист Поклен Молиер е еден од најголемите француски и светски комедиографи. Роден е 1622 година во Париз. Починал во родниот град во 1673 година.

Молиер е автор на триесет и четири комедии меѓу кои најпознати се "Тартиф", "Скржавецот", "Дон Жуан", "Мизантроп", "Вообразен болен", "Училиште за жени" и други.

Во драмските текстови Молиер ги критикува и ги исмева припадниците на сите слоеви од тогашното француско општество.

Драмата "Тартиф" е комедија на карактери. Преку неа Молиер го критикува и го исмева лицемерието и лажната набожност на свештенството од неговото време.

### *Провери ги своите знаења!*

Кога и каде ја започнува Молиер својата комедиографска кариера?

Колку комедии напишал Молиер? Кои се неговите први комедии?

Кои се најпознатите комедии на Жан Батист Поклен Молиер?

Што критикува и кого го исмева Молиер во своите комедии?

Каков лик е Тартиф и што е претставено преку него во комедијата "Тартиф"?

### *Задача*

Пронајди ги и посочи ги петте елементи (експозиција, заплет, кулминација, перипетија, расплет) на драмската композиција во комедијата "Тартиф"! Образложи ги конкретните особености на секој елемент поодделно!

### *Прошири ги и продлабочи ги своите знаења!*

"Од вториот период на творештвото на Молиер значајна е острата комедија *Тартиф* во која реалистички сугестивно е насликана психологијата на набожниот лицемер претставен во лик на католички висок свештеник, што му донело нови непријатности на храбриот комедиограф. Кругот на непријателите се зголемил со појавувањето на комедијата *Дон Жуан* со тема за бездушниот заводник од високите француски општествени кругови кој со своето лицемерие ги злоупотребува и ги користи и законите и религијата. Со следната комедија, *Мизантроп*, Молиер го проширил тематското поле на својот комедиографски опус преминувајќи од дворската на граѓанската средина, на судот, полицијата и писателите”.

**Вукашин Станисавлевиќ**

## *ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО ВО ЕВРОПА*

Просветителството во Европа се појавува кон крајот на XVII век, а својот подем го доживува во наредниот XVIII век. Станува збор, имено, за едно духовно, односно интелектуално движење, а периодот на просветителството се определува уште и како културно-литературна епоха. Поради тоа што оваа епоха се потпира, пред се, врз разумот (лат. *ratio*), односно поради постоењето на култот кон разумот, овој период е познат и како рационализам.

Главен носител на ова движење е граѓанската класа, но него го поддржуваат и некои од владетелите.

### *Карактеристиките на просветителството*

Во епохата на просветителството огромно значење им се придава на училиштето и на просветата. Според сфаќањето на просветителите, преку учењето, односно преку едукацијата, може да се стигне до човековата благосостојба. Во таа смисла, една од основните карактеристики на просветителството е научното гледање на појавите, но и заложбата за спроведување

на реформи. Во тој период продолжува развојот на науката и техниката, а се појавуваат и нови научни дисциплини како што се политичката економија, статистиката, социологијата, емпириската психологија, споредбеното истражување на културите и други. Целта е да се постигне прогрес на човештвото врз темелите на здравиот човечки разум.

Просветителите ја потенцираат филозофската идеја дека секој човек се раѓа како слободно битие, односно дека постојат вродени човекови права на секој поединец кога станува збор за животот, за слободата, за личната сопственост, за стремежот на секој човек кон среќата и дека државата е должна да ги обезбедува и да ги заштитува тие права. Човекот се раѓа добар и душата му е чиста како "неиспишан лист хартија” (*табула раса*) и од искуството зависи како ќе биде испишана таа "хартија”. Тоа значи дека се отвора можноста човекот слободно да се развива потпирајќи се, пред сé, врз своето расудување, односно врз својот разум. Оттука доаѓа и тенденцијата за истакнување на автономијата на разумот и за слободното одлучување на човекот според неговата волја засновано врз принципите на разумот. За предметите и за појавите човекот треба да суди врз основа на своето размислување и на своето искуство.

Во ерата на просветителството продолжува тенденцијата за ослободување од туторството на црквата, за отфрлање на црковните догми и на црковниот мистицизам. Во таа смисла започнува и критичкото разгледување на Библијата. Човекот треба да ги отфрли мистичните објаснувања и ирационалните толкувања на црквата за човекот, за светот и за бога. Исто така, се појавува и една тенденција за толерантност меѓу религиите.

## *Литературата и просветителството*

Во времето на просветителството и натаму се негуваат трагедијата и епот, но доминантни се прозните видови - романот, драмата, поучните списи, трактатите и слично.

Литературата што се создавала во тој период, тргнувајќи од фактот дека станува збор за филозофски или педагошки век, првенствено е воспитна, моралистичка, критичка, сатирична и служи, пред сé, за развеселување на умот и на духот. Тогаш се појавуваат бројни дидактички списи, филозофско-морални расправи, а во голема мера се негуваат граѓанскиот роман и граѓанската драма.

Според сфаќањето на просветителите, популарно-научните и дидактичките списи се најголемата народна потреба, но и најзначајниот долг на писателот кон својот народ. Убавата литература треба и мора не само да забавува туку и да поучува, да просветува. Во литературните дела најчесто се обработуваат теми кои се поврзани со влијанието на воспитанието, на условите, на надворешниот свет врз развојот на човекот како разумно, односно како свесно битие. Литературата се залага за заштита на слободата на човекот и за општонародно просветување ослободено од секакви предрасуди и заблуди. Преку литературните дела се афирмира борбата против општествената нееднаквост.

Првите знаци на просветителството се појавуваат во Холандија, а потоа тие идеи се прошируваат во Англија, Франција, Германија, Русија и во другите европски земји. Најзначајни претставници на литературата од времето на просветителството се Д. Дефо (1660 - 1731), Д. Дидро (1713 - 1784), Волтер (1694 - 1778), Ш. Монтескје (1689 - 1755), Ж. Ж. Русо (1712 - 1778), К. М. Виланд (1733 - 1813), Г. Е. Лесинг (1729 - 1781), А. Н. Радишчев (1749 - 1802), И. А. Крилов (1768 - 1844) и други. Меѓу јужнословенските народи најзначајни претставници на просветителството се Д. Обрадовиќ(1740 - 1811), М. А. Рељковиќ(1732 - 1798) и В. Водник (1758 - 1819).

### *Запомни!*

Просветителството во Европа својот подем го доживува во XVIII век. Поради тоа што се потпира врз разумот, овој период е познат и под името рационализам. Просветителите ја потенцираат филозофската идеја дека секој човек се раѓа како слободно битие.

Во времето на просветителството доминантни се прозните литературни видови - романот, драмата, поучните списи, трактатите и слично. Литературата од тој период првенствено е воспитна, моралистичка, критичка, сатирична и служи за развеселување на умот и на духот.

Најзначајни претставници на просветителството во Европа се Дефо, Дидро, Волтер, Монтескје, Русо, Лесинг, Радишчев, Крилов, Обрадовиќ и други.

### *Провери ги своите знаења!*

Кога се појавува просветителството во Европа и во кој период го доживува својот подем?

Кои се основните карактеристики на просветителството како духовно движење?

Кои се доминантните литературни видови во просветителството?

Кои се најзначајните особености на литературата од времето на просветителството во Европа? За што се залага литературата на просветителството?

Кои се најзначајните претставници на просветителството?

### *Истражувај!*

Кои идеи на просветителството се актуелни и во современата литература? Во што се согледува универзалноста на тие идеи?

# ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА

Македонското просветителство се јави кон средината и како извонредно значајно движење за создавање македонска граѓанска култура и литература, се разви во втората половина на 19 век. Неговото задоцнето доаѓање е резултат на ропската положба и на тешките национални и социјални состојби во Македонија. Нејзиниот народ беше под двојно ропство: политичко под Турците и духовно под Грците. Општите состојби уште повеќе се влошија со процесот на распаѓање на турската феудална империја. Даноците и насилствата од централната турска власт, беа дополнети со тиранството и грабежите на разни одметнички орди.

Македонија како една од централните турски провинации, немала ниту сопствени сили ниту изгледи за ослободување. Биле изневерени сите очекувања за помош од страна. Земјата била оставена на нејзината ропска судбина и по Кримската војна (1853 - 1856), а ветените реформи и ослободителната помош од Европа и од Русија никогашне стигнале. Грчката Цариградска патријаршија се јавува како најопасен непријател која системно и долгорочно работела на претопување на Македонците со духовно ропство. Се уништувало македонското население не само со даноци, туку грчките свештеници и учители жестоко ги наметнувале грчката култура и грчкиот јазик , се користеле подмолно со клевети и поткупи кај Турците и смртно прогонувале било каква просветителска појава.

Економското зајакнување на македонското граѓанство, посебно занаетчииите и трговците кои ги освоиле домашните и европските пазари станале голема пречка за намерите и ги истиснувале Грците. Од Европа македонските трговци со себе ги носеле новите граѓански идеи и погледи, сфаќањата за образованието, културата и уметноста. По нејзниот пример своите деца почнале да ги испраќаат на школување во странство. Од нив и ќе произлезе првата македонска граѓанска интелигенција која со високо издигната свест и совест за народносните потреби ќе го постави и ќе се најде на чело на македонското просветителство.

## *Борба за македонска црква и просвета*

Просветувањето станува и форма и содржина на борбата за ослободување што ја води македонското граѓанство.

Елементарни барања се: за словенска црква и просвета, кои директно се отпор против турското, а посебно против грчкото ропство. Во таа борба се прави обединување со поразвиената бугарска буржоазија, како најблиска по судбина и стремежи. Во таа борба е и одобрувањето на Портата за создавање на Бугарската егзархија (1870), под која потпаднале и македонските епархии. Интересите на бугарската пропаганда не биле поинакви од оние на грчката и на турската, та веднаш почнала црквата да ја користи за остварување на сопствените освојувачки планови кон Македонија. Егзархијата како по некое непишано правило отворала егзархиски училишта во кои се учело на бугарски јазик и по бугарски учебници. Со прогони и смрт биле осудувани македонскиот збор и посебно македонската книга.

Во многу македонски општини како неминовни стремежи се јавуваат барањата за одредена самостојност. Движењето за создавање автономна Охридска архиепископија на најдобар начин ги покажува сенародните македонски барања за осамостојување. Заедно со борбата за македонска црква, се води и борбата за македонска просвета. Се појавуваат првите самостојни основни граѓански училишта кои се назависни од Егзархијата. Таткото на македонското просветителство учителот Димитар Миладинов наставата ја изведува на мајчин јазик, а неговиот пример го следат и многу други учители. Тие никулци набргу прераснале во едно општо барање за воведување на македонскиот јазик во наствата, кое потоа се развило во една повисока фаза со појавата на познатата група македонски учебникари кои издале учебници за користење во македонските училишта.

## *Борба за македонски литературен јазик*

Во борбата за извојување на сопствените национални и социјални права и слободи значајно место има прашањето за создавање на македонски литературен јазик. Егзархистите го наложуваат конституираниот бугарски литературен јазик, а нив остро им се спротивставуваат македонските учебникари се тезата за застапувањето на македонскиот збор и за македонската јазична посебност. Во таа борба се развиваат две струења. Водени од заедничките интереси на просветителската борба, на почетокот одделни македонски учебникари се залагаат за формирање на општ литературен јазик. Станува збор за јазик кој би бил некаква средина меѓу македонските и

бугарските говори.

Најучениот Македонец во 19 век, владиката Партениј Зографски, автор на “Началное учение за децата” и “Кратка свештена историја”, во кои го вовел родниот галички говор, се залагал за еден општ литературен јазик. Притоа, посебно треба да се одбележи неговото настојување во тој општ јазик рамноправно да бидат вклучени македонските наречја, барајќи поради убавината да доминираат и да влезат во неговата основа. Иако поставил компромисно решение, Зографски ја има историската мисија што прв укажал на некои битни разлики меѓу македонскиот и бугарскиот јазик и посебно ја истакнал убавината на македонскиот народен говор да премине во литературен јазик. Во таа група се и Кузман Шапкарев и Венијамин Мачуковски.

Во седумдесеттите години на 19 век, се појавија така именуваните македонисти. Тие поставиле нови и радикални становишта за македонските прашања. На најуверлив начин нивната појава ги претставува традицијата и континуитетот на македонската преродба и неговата еволуција на чистото национално осознавање. Тие јасно и бескомропомисно истакнаа дека Македонците се посебен народ и треба да имаат сопствен литературен јазик.

На чело на македонистите беше Ѓорѓи Пулевски. Во двата речника “Речник од четири јазици - македонски, албански, турски и грчки” (1873) и “Речник од три јазика - македонски, албански и турски” (1875) дава споредбени зборови, преведени изрази и толкувања со родниот мијачки говор. На прашањето “Што се велит народ?”, во вториот речник, категорично одговара: “Така и Македонциве се народ и местово нивно е Македонија!” Оттука ја изразува и мислата за еден општ македонски литературен јазик. Предлага да се соберат учени луѓе од сите македонски наречја и да состават една македонска граматика, што ќе биде “света книга за сиве школја и за други книги писање”. Пулевски не бил само човек од збор, туку и од дело. Неговата “Слогница речовска” (1880) претставува прв обид да се создаде граматика на јазикот “словено-македонски” или “нашински”. Неговата појава и на неговите истомисленици се јасна објава против сите туѓи интереси и пропаганди кон Македонија и македонстите поставија и втемелија јасна визија за самостојноста на натамошните текови на просветителството и на македонското национално ослободително револуционерно дело.

## *Собирање и издавање на народното творештво*

Собирањето и издавањето на народното творештво е една од најзначајните одлики на секое просветителско движење. Така и во системот на македонското просветителство тоа го доби првото и најзначјно место и значење. Таа активност изврши големо дејство во будењето и ширењето на народниот дух, а наедно и ги разгласи пошироко вистините за македонскиот народ и за Македонија. Како први собирачи и издавачи на македонската усна народна книжевност се јавуваат странци: Вук Караџиќ, Виктор Григорович, Станко Враз, Стефан Верковиќ, Петар Драганов и други. Од нив посебно важна е мисијата на Григорович, кој во Охрид се сретнал со Димитар Миладинов, му обрнал внимание на убавината на македонската песна и го поттикнал да се посвети на нејзиното собирање.

Појавата на капиталната книга за македонскиот народ и култура Зборникот на Миладиновци (1861), ја отвора акцијата и ја создава големата златна библиотека од многу томови на македонската усна народна книжевност. Во неа се тестаментира генијалноста на безимениот народен творец и трајните естетски вредности на литературата како верен одраз на народносната традиција и континуитет. Македонските преродебници развиваат вистински култ кон народното творештво, неговото собирање и печатење, а меѓу нив се: Партениј Зографски, Иван Гологанов, Кузман Шапкарев, Марко Цепенков, Васил Икономов, Панајот Гиновски, Јордан Хаџи Константинов Џинот, Ѓорѓи Пулевски, Антон Поп Стоилов, Димитар и Кочо Г. Молерови.

## *Појава на македонската граѓанска литература*

Македонската литература со нагласен црковно-поучен карактер, заедно со растежот и просперитетот на граѓанството кон средината на 19 век, почнува да се остварува со световни содржини. Темите и мотивите од животот, битот на народот и идеите на времето ја исполнуваат литературата со содржини кои се блиски на широките народни маси. Во таа постапка набргу се дефинират одликите на развиениот национален романтизам: славењето на минатото, бунтот против тиранијата и ропството, револтот кон неправдата и копнежите за слобода.

Димитар Миладинов и други преродбеници, на страниците од разни весници и списанија, објавуваат статии и дописки за преродбенски прашања во кои доминираат родољубивите погледи. Будителскиот занес и преродбенските идеи се

вселуваат во литературата. Меѓу првите Јордан Хаџи Константинов Џинот објави повеќе педагошки и трибунски стихотворби, како и драмски сцени со нагласени родољубиви и патриотски чувства. Тие и такви чувства во своите песни и раскази ги нагласуваат Атанас Раздолов и Петар Стојков. Андреј Д. Петкович публикува програмски будителски песни со социјални и патриотски мотиви. Во “Глас од далека земја” низ сатира го разголува бугарскиот владика кој бесмилосно ја ограбувал ропската народна мака. Патриотските чувства доминираат и во поезијата на Константин Д. Петкович со песната Сон султана”, Ѓорѓи Динката во поемата “Самовила”, во мистификацијата “Марко Крале си ја губи силата” на Трајко Китанчев, кај Спиро Гулапчев и Евтим Спространов. Новото време и новите општествени потреби Димитар Г. Молеров во драмскиот текст “Новото учење” ги поставува низ барањето за нови учители-зналци кои ќе воведат современ образовен процес за просветно и културно издигнување на народот.

## *Прошири ги и продлабочи ги своите знаења*

Просветителството е период во кој се повеќе било придавано значењето на националните обележја и на традиционално националната култура. Зборот народ се повеќе го употребувале писателите и со тоа тој добил митско значење. Националната свест започнала се повеќе да се буди. Од посебно значење е што главната тенденција на просветителството била просветеност на целиот народ, па поради тоа литературата повеќе не била наменета само за добро образованите слоеви, туку за целиот народ; писателот станал носител на индивидуалната духовна култура, истомисленик на културната заедница. Просветителските литерати ја имале можноста да го развиваат “јазикот на денот”.

**Валентина Миронска Христовска**

Една од најзначајните личности во културнореволуционерната и националната историја на Македонија во 19 век е несомнено галичкиот ѕидар и македонски комита, револуционер, војвода, поет, учебникар, лексикограф, граматичар, фоклорист, историчар и меѓнички идеолог на македонското национално будење Ѓорѓија М. Пулевски. Неговата многустрана и мошне обемна дејност, со својата елементарност, романтичарска понесеност и безрезервна преданост, ја претставува

идеологијата на широките слоеви на македонските народни маси од втората половина на 19 век што претставуваше решавачка стапка кон Мисирков и Чуповски. Книгите на Пулевски беа израз на стремежите на нашите занаетчии, селани, самоуки попови и учители, а го предизвикаа интересот на многу видни имиња во славистиката.

**Блаже Ристовски**

## ЈОАКИМ КРЧОВСКИ

***Иако чедо на манастирската школа и воспитаник на средновековната црковно–набожна книжевност, со својата учителска работа, со својата писателска дејност, со пропагирањето на народниот јазик, со сето ова Јоаким Крчовски со право го зазема највидното место во првиот период на новата македонска книжевност, во културната историја на македонскиот народ.***

**Харалампие Поленаковиќ**

За првиот книжевник во новата македонска литература Јоаким Крчовски постојат малку биографски податоци. Најзначајни и сигурни се податоците кои ги даваат неговите книги, наспрема оние од народните преданија. Бил роден по 1750 година, во селото Осломеј, Кичевско. Според преданието татко му бил од Кичево и семејството се преселило во Самоков, потоа во Паланка и Кратово. По завршувањето на школата во Цариград, Крчовски се вратил во Кратово и тука учителствувал долго време. Во овој град ги напишал и своите дела. Во 1878 година, бил назначен за свештеник. По смртта на неговата жена, во 1817 година, се покалуѓерил. Заедно со синовите бил патувачки учител и проповедник во Северна Македонија. Во Кратово го отворил првото мешано училиште. Починал некаде околу 1820 година.

Во периодот од 1814 до 1819 година, објавил пет дела на народен говор. Крчовски, како и Пејчиновиќ, потекнува од манастирската школа. Тој е ученик и продолжувач на старата,

средновековна книжевна традиција која животот го гледала и го толкувала врз правилата на црквата и религијата. Севкупното негово дело имало задача да му помогне на својот народ за еден подостоен христијански живот во кој справедливо живеел и работел. Таа своја тенденција ја остварил со користење на популарната лектира од црковно-набожната литература. Највисоката вредност во книжевната работа на Крчовски е воведувањето на ”простиот”, народен јазик во книжевноста. Така таа можела да биде блиска и разбирлива, а со тоа и прифатена од широките народни маси. Како што и самиот истакнува во насловите на своите книги, тој бил нивен составувач и преведувач. Сите пет книги ги печател во Будим.

## *“Слово исказаное заради умирание”*

Ова малечка книшка од триесет страници ја објавил во 1814 година. Нејзината содржина ја составуваат два проповеда: “Слово исказаное заради умирание” и “Слово заради свјатое исповедание на сички христијани, на мужи и на жени”. Првата проповед е скратена верзија на текстот на “Митарства”, подоцна објавен во посебна книшка. Иако нема целосно совпаѓање, расказот за Теодора и св. Василија, во кој не се опишуваат редоследно сите даваесет митарства, исто така, е близок до оној во “Митарства”.

“Повест ради страшнаго и втораго пришествија Христова”

Втората книга на Крчовски која има 46 страници, била печатена во истата 1814 година. И таа содржи два текста: “Слово заради страшен суд божиј и второе пришествие Христово” и “Слово второе свјатаго пророка Данила”.

“Сија книга глаголемаа Митарства”

Три години по појавата на првите две книги, во 1817 година, Крчовски ја објавил и својата трета книга “Сија книга глаголемаа Митарства”, која има 62 страни. Во неа се раскажува како св. Теодора, со помошта на св. Василија, ги минала дваесетте ѓаволски митници и така стиганала во рајот. Книгата доживеала голема популарност и имала пет изданија (Букурешт, 1843; Цариград, 1853; Белград, 1860; Русе, 1868; Белград, 1874).

“Чудеса пресвјатија Богородици”

Оваа пообемна книга од 103 страници, била објавена во 1817 година. Авторот укажал на изворот за неа. Таа е превод на третиот дел од книгата “Арматалон сотириа” од светогорскиот монах Агапиј Ландос Критски, која била печатена во Венеција во 1641 година. За нејзиното место и значење во традицијата и

континуитетот на македонската литература, Блаже Конески има децидна оценка: “Ако сакаме меѓу сите текстови на Јоаким Крчовски да издвелиме еден што ги надминува по значење другите, тоа, според нас, не би биле “Наставленија” ами “Чудеса пресвјатија Богородица”. Можеме да ја сметаме таа книга како прва збирка раскази или приказни преведена на народен македонски јазик. Тие раскази произлегуваат од традицијата на апокрифната литература, често изненадуваат со една причудлива фантазија, делат многу сличности со народната приказна. Не можеме просто да се ослободиме од впечатокот дека еден народен раскажувач, како Марко Цепенков, го усвоил често повторуваниот израз во неговите записи “невидим бист” имено од оваа книга на Крчовски”.

## *“Различна поучителна наставленија”*

Последната и најобемна книга на Јоаким Крчовски , 310 страници, била објавена во 1819 година, една година пред неговата смрт. Нејзината содржина ја исполнуваат толкувања на одделни места од Евангелието, Апостолот, Псалтирот, потоа некои молитви и у символот на верата. Текстот е долг и бил напишан во форма на прашања и одговори. Во нив станува збор за храмот, за свештените сосуди и одежди. Во различни делови од книгата вклучени се повеќе проповеди од црковните отци, посебно од Јован Златоуст, потоа одделни поуки, изреки, како и објаснувања на нејасни зборови и имиња.

Јазикот има посебно место и значење во книжевното дело на Јоаким Крчовски. Неговите книги, како и оние на Пејчиновиќ, претставуваат една етапа од развитокот на современиот македонски писмен јазик. Народната основа на јазикот на Крчовски се североисточните македонски дијалекти. Но, во него посебно е присутен црковнословенскиот јазик. Станува збор за една своевидна синтеза, како што истакнува Конески, на традиционалниот писмен јазик и народниот јазик којшто веќе се налагал како нова основа на нашиот писмен јазик. Во јазикот на Крчовски се видливи и влијанија од бугарскиот и од српскиот јазик. Тоа произлегувало неминовно зависно од изворите кои ги користел во создавањето на своите книги.

Книгите на Јоаким Крчовски по својата содржина целосно се свртени кон минатото и традицијата на средновековната книжнина. Тие се повторувања на поранешните текстови од религиозно-поучителната литература. Во нивната адаптација нема осовременување на содржината и вградување на елементи

од новата стварност, како што тоа го практикувал во својата книжевна дејност Кирил Пејчиновиќ.

### *Провери ги своите знаења*

Под чие влијание како писател се формирал и се развивал Јоаким Крчовски?

На што се должи популарноста на неговите книги кај читателите?

Зошто од неговите пет книги најзаслужено место и се придава на “Чудеса пресвјатија Богородици”?

### *Прошири ги и продлабочи ги своите знаења*

Необично значајно е што Крчовски, впрочем како и Пејчиновиќ, не е тесно локално ориентиран во однос на народниот јазик. Водејќи сметка за тоа да им биде поблизок на своите читатели од различни краишта, тој зема предвид и такви особености што им се својствени на североисточните говори. Таков е, на пример, случајот со изговорните варијанти: мака, пат. Ваквите, и уште ред други случаи ни сведочат недвосмилено дека Крчовски бил човек емпирички доста упатен во дијалектните разлики на македонскиот терен, па и пошироко.

**Блаже Конески**

## ЗАРАДИ ЕДЕН СЛЕПЕЦ ШТО МУ СЕ ОЧИ ОТВОРИЛИ ОТ ЧУДОТВОРНА ВОДА ПРЕСВЈАТИЈА БОГОРОДИЦИ

Чудо 5.

Имало у Цариград еден воин, име тому Лев, милостив и добро чинил. И за негови добри работи после го учил Бог да е цар. И му дошло еден пат, та помине низ един орман близу при Цариград и тамо најде еден слеп човек што беше ослабел од вруќина што го беше пекло слнцето.

И го пожалил Лев и го фатил за рука и тражиха по ормано вода да го напои. И така како ходеха и тражеха вода да најдат, падна слепило, веќе не можеше да стои от жега. И го остави Лев и ходи натам и насам, ега би нашел вода, и не може да најде. И се оскрби многу. Боеше се да не умре слепио заради вода.

И чуе глас низ ормано и му речуе: “Не се грижај, Леве! Тува близу има вода при тебе. И напој тогова слепца а после му омиј и очите, да познаешсила моја. И ти да знаешзашто има да

бидешцар. И тогаја да не заборавиш, тува да ми направишцерква, да седам у неја и да идат на таја церква кој сакаја помошт и да находат здравие на снагата и спасение на душата”.

Това како чул Лев, притреперил и се развеселил, зашто он тражил еден дар, а три нашол. И престапил два три чекора. И најде вода у една чесма. И пил от водата. Усетил многу радост у себе и веселие и сила. И зацрпал вода и напоил слепецо и му омил очите како што му рекла свјата Богородица. И тој час прогледнал слепио и многу се зарадувал.

И по мало време Лев се учинил цар и направил тамо церква дека нашел таја вода што е прогледнал от неја слепило на чест Богородици. И го нерекл живоподателниј источник. И има у таја вода неколку риби и секиј пат се видат. И таја вода не салт тогова слепца што исцелила, во многу чуда биваја и до денеска, и не салт на христиани биват преславни чудеса, ами многу и неверници приимат исцеление. И не салт болни што оздравејуват, ами и мертви оживејуват, како ќе да видиме подоле писано.

## *КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ*

***За разлика од Крчовски, Пејчиновиќне е само составувач и преведувач, ами и автор на оригинални текстови на народен јазик.***

***Текстовите на Пејчиновиќсе одликуваат со личен стил, во кој доаѓаат до израз карактеристиките на народниот начин на прикажување.***

**Блаже Конески**

За основоположниците на новата македонска литература постојат малку податоци. Кирил Пејчиновиќ оставил повеќе биографски податоци за себе во неговите записи и други соопштенија. Се родил околу 1770 година, во село Теарце, Тетовско. Учел во Лешок и во св. Пречиста Кичевска. Останува непотврдена претпоставката дека се школувал во Дебарскиот манастир кај Јоаким Крчовски. За својот макотрпен живот и школувањето, Пејчиновиќпишува во писмото од 1833 година, упатено до кнезот Милош: “не учихом во никое школо, ни па

растехом во некија палати нашего јазика, ни во палати чуждија вери, но од зачала и да нињe пребиваем во гурбетлук во место уничиженија, во запустении свјатих церквеј и манастиреј”.

Од детство целиот негов живот минал во манастирите. Во услови на заостанатост и непросветеност од крајот на 18 и почетокот на 19 век македонски век. Со татко му Пејчин и со чичко му Далманта, заминал во манастирот Хилендар, на Света Гора, каде тројцата се покалуѓериле. На почетокот на 19 век, се вратил во Тетово и некое време како јеромонах минал во кичевскиот манастир Пречиста. Во периодот од 1801 до 1817 година, бил игумен на Марковиот манастир, Скопско. Оттаму се вратил во родното село и го обновил разрушениот манастир св. Атанасија и станал негов игумен (1818 - 1817). Како монах во него го минал остатокот од животот. Умрел на 12 март 1845 година и бил погребан во дворот на Лешочкиот манастир.

Кирил Пејчиновиќ имал постојана грижа да ги прибира книгите, а во Лешочкиот манастир отворил ќелијно училиште и направил обид за создавање на печатница. Како книжевник со формирал под влијанието на дамаскините. Ги составил делата: “Огледало”, “Утешение грешним”, “Житието на кнез Лазар” и “Епитафот”. Од него се познати и дваесеттина записи и писма.

Како Јоаким Крчовски, и Пејчиновиќ, е од онаа традиција што се залагала да му ја приближи на народот религиозно-поучната книжнина. Јазикот на кој ги составувал своите текстови е неговиот роден тетовски говор. Во него се содржани елементи и од централните говори. Исто така, како и кај Крчовски, значајно е присуството на црковнословенскиот јазик. Како што пишува Конески, тој е темпераментен проповедник, што сака да поучува, но знае и остро да укорува. Истапувајќи во прво лице поставува директна комуникација со читателите. Негови најинтересни страници се оние во кои се опишуваат случки од народниот живот. Во нив има кратки и живи описи од животот на нашите селани во 19 век и посебно треба да се истакне убавиот дијалог.

## *“Огледало”*

Првата книга на Пејчиновиќ“Огледало” била објавена во Будим во 1816 година. Покрај четирите непагинирани, таа содржи 148 пагинирани страници. Ракописот за печат бил подготвен уште во 1831 година. Но, неговото издавање во Крагуевац, Србија, не било остварено. Духовната цензура на

Белградската митрополија делото го оценила негативно. Најголемиот дел од книгата му припаѓа на “Словото за празниците”, кое е оригинална проповед на народен јазик. На него се пишувани и сказанијата, а при молитвите само некои кратки објаснувања. Другиот дел е на црковнословенски јазик. Молитивите и последованијата авторот ги земал од повеќе требници. Во ова дело на Пејчиновиќи во “Слово заради страшен суд божји и второе пришествие Христово” на Крчовски се среќаваат исти мотиви. Тоа се говорењето против крвната жртва (курбанот) и пееењето на “песни дјаволски”. Меѓутоа, науката не утврдила текстуални совпаѓања. Но, треба да се нагласи оти Пејчиновиќ нив ги обработува поопширно, поживо и со убави конкретни податоци од катадневието на човекот.

## *“Утешение грешним”*

Во печатницата на Теодосија Синаитски во Солун, во 1840 година, излегла и втората книга на Пејчиновиќ“Утешение грешним”. Таа содржи 47 листа. Првите три страници го содржат предговорот на Синаитски. Освен молитивите и тропарот и кондакот на св. Нифонта на црквенословенски, кои се проследени со кратки објаснувања и другите текстови во книгата се пишувани на народен јазик. При составувањето на својот труд Пејчиновиќ се користел со поучителни книги од други автори.

## *“Житието на кнез Лазара”*

“Житието на кнез Лазара”, за кого Пејчиновиќ сметал дека бил ктитор на Лешочкиот манстир, останало во ракопис. Тоа било дел од книшката “Правилото” на светецот. По негова повела, јеремонахот Арсенија во Лешочкиот манастир текстот го препишал во 1841 година. Книгата има 73 листа. “Правилото” било напишано на црквенословенски, додека на народен јазик биле текстовите “Расказот на Кирила за обновувањето на манастирот” и “Житието на кнез Лазара”. И ова свое дело македонскиот просветител го напишал според некој постар српски текст. Го издал бугарскиот научник А. М. Селишчев, во 1915 година.

## *“Епитафот”*

Во 1835 година, Кирил Пејчиновиќ го врежал својот

“Епитаф” на плочата што ја припремил за својот гроб. Овој надгробен натпис по содржината и по темата е мошне интересен. Содржината кратко ги запишала најбитните податоци од животот на Пејчиновиќ. Пишуван во стихови, по формата претставува прв поетски обид во новата македонска литература. Испеан во десетерци “Епитафот” е близок до народната поезија, со таа разлика што неговите стихови имаат рима. А тоа и самиот го потврдува со исказот оти тие треба да се пеат “на глас трпезечки”, покажувајќи го најживиот извор за инспирација на уметничката, авторска од усната народна книжевност. “Епитафот” на Кириловиот гроб секако е научен податок кој Пејчиновиќ го одредува како прв автобиограф во македонската литература. (Наташа Аврамовска, Автобиографијата во македонскиот литературен 19 век, изд. Институт за македонска литература, Скопје, 2004, стр. 43-52).

### *Провери ги своите знаења*

Одвој ги текстовите на народен јазик во делата на Кирил Пејчиновиќ.

Одреди ги вредностите на “Епитафот” по неговата содржина и по формата.

Што истакнува како цивилизациска придобивка во своето “Предисловие” Теодосија Синаитски кон книгата “Утешение грешним”?

### *Прошири ги и продлабочи ги своите знаења*

Чувствувајќи го недостигот од практична богослужбена литература, а во настојувањата да им се приближува на своите верници на што поразбирлив начин - на црковнословенски и на народен јазик, К. Пејчиновиќ се оглушувал од императивите на Патријаршијата за грчка литурргија. Така, неговите две печатени книги, заедно со делата на Ј. Крчовски, партиципираат на своевидеи начин во отпорот против туѓинските настојувања за асимилација на македонскиот народ.

**Георги Сталев**

## *СТИХОВИ НА ГЛАС ТРПЕЗЕЧКИ*

Теарце му негово рождение,
Пречиста и Хиландар посрижение,
Лешок му е негоо воспитание,
Под плочава негоо почивание -

От негово свое отшествие
До Христово второ пришествие.
Молит вас, браќа негои љубимија,
Хотјаштија прочитати сија,
Да речете: Бог да би го простил,
Зере и гроб црвите ги гостил
Кирил.

Овде лежи
Кирилово
Тело,

У манастир
и у Лешок село -

Да Бог за
доброе
дело.

## СКАЗАНИЕ КАКО ПОДОБАЕТ ЗАУЧИТИ ОТРОКА АЗБУКИ

Кад ќе дете да заучи книга, отпрво требе поп да му чати молитви на глава, пак после да му се каже азбука. Зашто без благослов, без молитва кој почнуе да работи нешто, оно не излагат харно. Сејуштии во благословении во благословении и пожнут! Знајте, благословении родителие, еле свака работа без молитва не се почнует. Ѓерек семе кога ќе ваѓашна нива, ѓерек гумно кога ќе насадиш, лозје кога ќе засадиш, темељ на куќа кога ќе заправиш, у нова куќа сефте кога улегнешда седиш- ќе да викнешпопа да ти чати молитву, пак после ќе запалишоген. Видите како најмала некоја работа, ако фатишбез богомолства, не смеешда фатиш. Ако немашпри себе поп, а ти сам ќе се прекрстиши ќе речеш: во име Отца и Сина и Свјатаго Духа, амин. Или ако не знаеши толку, а ти ќе речеш: ела, Боже, Помози! Кога свека мала работа мало богомолство сакат, а голема работа много богомолство требет. А дила учение книга да се почне без молитва, што сиот закон наши вера наша све на писание висит! Да не е писмо, све би се заборавило и Бог дали има или нема не би се знаело. И ѓаол тогај би царувал, ка што царуаше во време идолопоклонство. Заради тоја виѓат ђавол кој ќе да заучит книга без богомолства, приоѓа му, украдуе памет от детета, да не може да учит, да му иде назад, да заборава, да не прифаќа. А за таквога има други молитви у великиј требник да му се чати. Бог милостив напудуе ђавола, му доаѓа умот, му појдуе напред. Тие молитви од оваја книга не ги писах, салт писах напрежните молитви. Хубаво, чисто нека се чатат, пак нема страх од ништо! Зере Бог ест нашмилостив! Кога ќе ги чати поп, ако е у црква - да

земе на себе и петраил и одежда, ако ли у некоја куќа - само петраил да земе и да речет: Благословен Бог наш, свјатиј Боже, Отче наш, Јако твое ест царство, Господи помилуј 12, Слава и није, Приидите поклонимсја и псалом 43.

## ТЕОДОСИЈА СИНАИТСКИ

Во почетокот на новата македонска книжевност, заедно со Јоаким Крчовски и  Кирил Пејчиновиќ, посебно место и значење имаат и македонските печатари и печатници во првата половина на 19 век. Меѓу нив почесното место му припаѓа на хаџи папа Теодосија архимандрит Синаитски. И за него има малку биографски податоци. Усната традиција која најчесто е несигурна и противречна нуди повеќе варијанти. Она што е најповеќе познато за печатарството на најзаслужниот македонски печатар, тоа се книгите кои излегле од неговата Солунска печатница.

Теодосија Синаитски, роденото име му е Теохар Гогов, се родил во втората половина на 18 век, во Дојран. Учел во Цариград. Како свештеник бил именуван во родниот град. Бил монах во Синајскиот манастир (1827-1831), каде бил поставен и за архимандрит (1828). Тука дошол во допир со стари словенски ракописи кои почнал да ги преведува на македонски народен јазик. Од 1831 година, бил свештеник во црквата “Св. Мина” во Солун.  Работел и како ќелиен учител. Низ Македонија презел акции за собирање милостина за манастирот “Св. Катерина” на Синај, и дошол во непосреден контакт со потребата за народното просветување. Се запознал со корисната работа на Крчовски и Пејчиновиќ.  Во 1838 година, во Солун, ја отворил својата печатница.

Отпечатил три книги и во големиот пожар од 1939 година, изгорела и Солунската печатница. Нејзиното обновување се случило со финансиска помош на Кирил Пејчиновиќ. Излегле уште неколку книги, но наскоро нов пожар ја уништил засекогаш. Умрел во родниот град во 1843 година. Преданијата врз кои се гради најголемиот дел од неговата биографија нудат повеќе варијанти за смртта. Според едно кажување се вратил во Дојран да биде воденичар и една зима бил затрупан од голем снег под покривот на урнатата воденица. Друга варијанта сведочи за поројот кој го однел воденичарот, третата пак соопштува дека го потиснала карпа.

Книги од печатницата на Теодосија Синаитски

Познати се пет книги кои излегле од Солунската печатница. Тоа се: “Началное учение со молитви утренија” од архимандритот Анатолиј Зографски, “Кратко описание двадесјат манастиреј обретајуштестја во Светој Гору Атонској” превод од грчки текст на ваташкиот даскал Камче, “Служение еврејско и все злотворение нихно” од влашкиот монах Неофит, превод на прилепскиот учител Ѓорѓи Самаркуши Натанаил Стојанович, “Утешение грешним” на Кирил Пејчиновиќ и разговорникот на македонски, грчки и турски јазик “Книга за научение трих јазиков”. Останува и натаму претпоставка податокот дека во неа била печатена и “Таблица перваја” од Јордан Хаџи Константинов Џинот.

## *Предговорот на Синаитски на “Утешение грешним”*

Единствениот познат текст на Теодосиј Синаитски е предговорот кон книгата “Утешение грешним” на Кирил Пејчиновиќ. Во него ја искажал благодарноста кон македонскиот просветител за материјалната помош во обновувањето на печатницата. “Блажен ест, о љубочитатели христиани, и овој человек, преподобниј јеремонах Кирилл, что обретсја во манастир свјатаго Атанасиа, ктитор бист књаз Лазар серпскиј. За овој отец гаголљу: аште не би бил он помогнал, не би била оправена и тирпографиа наша оти беше изгорела”. И ги повикува читателите да му бидат благодарни на Бога “оти е дал таков учител во време наше”.

Пишувањето на народен јазик бил единствениот пат народот да излезе од мракот и незнаењето и да се вклучи во семејството на културните народи. Оттука Синаитски посебно ја истакнал постапката на Пејчиновиќ кои своите книги ги пишувал на јазик кој бил разбирлив за народот. Јазикот е моќно средство во изборувањето на сопствените национални и социјални права и слободи. По него се идентификува секој народ. Со дарба на есеист пишува: “Еве кљуц что отворует сердцето ваше: не кључ от злато или от сребро, но кључ од железо и чилик, что да не се вии. Оти среброто и златото ест меко и се вие скоро, но железото со челик не се вие. Кога да ест отворот, сиреч откључот от злато или от сребро, та да не може ковчегот, сиреч сердцето мое да отвори, что ми ест таков отвор (кључ)? Нека ест от чилик и железо да та отвори ковчегот, та да не ест от сребро и злато и да не може да отвори сердцето на простиот человек!”

## Македонски печатари и печатници

Како претходници на печатницата на Теодосија Синаитски науката ги претпоставува печатниците во кругот на охридскиот манастир “Св. Наум”, во “Св. Јован Бигорски” и во лешочкиот “Св. Атанасиј”. Без поконкретни факти, се споменува и онаа во манастирот “Св. Прохор Пчински”. Македонци како печатари имало и многу порано. Тие работеле во туѓи земји. Познати се Јаков од Камена Река кој работел во Венеција, потоа монахот Нектарија, јеремонахот Мелетија Македонец, монахот Стефан кои работеле во Влашко.

Ваташката печатница на даскал Камче во научните истражувања секогаш била поврзувана со Солунската печатница. Архивските истражувања на Петар Колендиќ потврдуваат дека по смртта на Синаитски се јавила идејата за друга печатница. Таа се поврзува со даскал Камче и чорбаџијата Јовко Марковиќ од Кавадарци, како основополнжници на новата печатница. Меѓу нив потоа дошло и до конфликт за нерасчистени финансиски сметки по набавувањето на “мало количество букви”. Веројатно, токму во неа можеби била напечатена “Таблица перваја” на Јордан Хаџи Константинов-Џинот.

Печатницата на Киријак Дражилович во Солун, била отворена неполна деценија по смртта на Синаитски, и работела до 1870 година. Тој меѓу другото, ги објавил “Канонаме за битолските села” (1851) и “Евангелие на Господа Бога и спаса нашего Исуса Христа” (1852) од познатиот македонски просветител Павел Божигропски. Печатарот Јоан Димитриевиќ Охриѓанин меѓу другото, работел во типографијата на цариградската Патријаршија. Во неа биле печатени неколку учебника на Кузман Шапкарев.

За македонската книжевност и култура залуси имаат и повеќе туѓински печатници. Меѓу нив, е печатницата “Македонија” на Петко Славејков. Македонските автори свои книги објавувале и во Србија, Хрватска, Бугарија и Русија. Во текот на векот својата работа ја почнале и печатниците во Битола, Скопје и Солун. Меѓу нив секако најпозната е таа на познатиот македонски книжар и печатар Коне Самарџиев во Солун. Станал најактивен издавач во Македонија од крајот на 19 и почетокот на 20 век. Го покренал и го издавал познатото списание “Книжици за прочит”. Во неа работеле и познатите македонски револуционери и интелектуалци Ѓорче Петров, Дамјан Груев, Пере Тошев, Трајко Китанчев и други.

### *Провери ги своите знаења*

Кои се книгите кои биле објавени во Солунската печатница на Теодосија Синаитски?

Кога и во какви прилики биле остварени пријателството и соработката меѓу печатарот Синаитски и Кирил Пејчиновиќ?

Зошто во предговорот за книгата “Утешение грешним”, Синаитски метафорично ја именувал како “кључ од железо со чилик”?

## *ПРЕДИСЛОВИЕ*

Мнози од старо времја сакаха да остават некое вечно по своја смерт, ради да се спомни нихно име вечно по свој народ - едни царови, другии благороднии мужи. Но, не сподобиха се. Оти все что сотвориха или направиха - сето тлено и всуетно, на кое што беше редение нихно - да создадат некое град многонароднij или некое образ идолски или некое столп великиj или некоја мудрост мирскаја. И ради сие не сподобиха се да се спомни нихно име вечно. Всето изгуби се - и името нихно со мудростта нихна, оти беше радението нихно все на мирољубие и не имаха смисла нихна ради душевное спасение, како да спасат некој человек от расторен ум, сиреч от гордост да го приведат на смирение, от среброљубие на милостиња, од завист на љубов. И заради това остана радението нихно погубено и во всуета.

Глагољу и ради человеци богуизбраннии и православнија вери љубители - како непрестано ревност имајат да помогнат на православните христиани, едни учители со поучение, друзи милостивии со помошт. Таквија человеци, истина велим, оти всегда сут у спомен и у похваление и у всегдашно ублажение. И како тука на овој век споменот им ест вечен, тако и Господ наредуе им венци неописании и сут наследници на царство небесное.

Блажен ест, о љубочитатели христиани, и овој человек - преподбниj јеромонах Кирилл, что обретаетсја во монастир свјатаго Атанасиа, ктитор бист књаз Лазар серпскиj. За овој отец глагољу: аште не би бил он помогнал, не би била оправена и типографиа наша оти беше изгорела. И сега надееме на Бога, оти нели толко ја оправихме, има Бог и за повише.

Но овој блажениj человек со толко труд и со божественаја ревност за христианскиj љубов седе и приведе оваја книжица глаголемаја “Утешение грешним”. Како седе и собра слово от

божественое писание, от авангелие, от ветхаја завет, от псалтир, и от книги глаголемиа Илиа Миниат, и от други примерними историами, - да приведе ги со толкование на прости јазик болгарскиј Долнија Миссии, скопскиј и тетовскиј, да ја чатат и простију народ да ублажает на таков православниј учител, оти можат да познајат от сие учение. И не можат да речат “пошто не можеме да познаеме оти ест по славјанскиј или по россијски јазик”. Еве клъуч что отворует сердцето ваше: не клъуч от злато или от сребро, но клъуч от железо и чилик, что да не се вии. Оти среброто и златото ест меко и се вие скоро, но железото со чилик не се вие. Кога да ест отворот, сиреч отклъучот од злато или от сребро, та да не може ковчегот, сиреч сердцето мое да отвори, что ми ест таков отвор (клъуч)? Нека ест от чилик и железо та да отвори ковчегот, та да не ест от сребро и злато и да не може да отвори сердцето на простиот человек!

Еве, лъубезнии православнии христиани, со оваја книжица што поучава преподобниј отец Кирилл не можете да речете оти не можеме да познаеме. Еве все се познава от начало до конец! И кога ќе чатите во таја книжица, да хвалите и да благодарите Бога, оти е дал таков учител во време наше. И да се молиме па на Бога и Господа нашего Исуса Христа и на пречистија матер его, да будеме вси православнии наследници со всеми благоугодивши му Богу и да славиме имја всевсјатое его - Отца и сина свјатаго Духа, амин!

**Хаџи папа Теодосиа, архимандрит**
**Синаитскиј**

## ЈОРДАН ХАЏИ КОНСТАНТИНОВ ЏИНОТ

***Џинот ја задолжи македонската култура како поет, драмски автор, публицист, етнограф и географ, нумизматичар, хроничар, епистолограф, педагог и андрагог, антиквар, борец против панеленистичката експанзија, општественик и мислител. Како сестран профил на преродбеник тој делува повеќе од четири децении исклучиво во Македонија, главно кон половината на 19 век, оставајќи зад себе импозантен квантум од занимливи пројави во повеќе области на пишуваната реч.***

**Гане Тодоровски**

Јордан Хаџи Константинов Џинот се родил 1821 / 1822 година, во Велес. Образованието го стекнал во родниот град, кај Никола Тонџаров во Самоков до 1835 година и во грчка гимназија во Солун. Приватен, потоа и општински учител бил во Велес (1837-1848), Скопје (1848-1853), Тетово (1854) и Прилеп (1858-1860). Како виден поборник за воведување на народниот јазик во училиштата и со слободоумни идеи, постојано бил во конфликт со властите и прогонуван. Затоа и бил на заточение во Ајдин, Мала Азија (1861-1863). По враќањето учителствувал во Скопје (1869-1870) и потоа најмногу учителствувал и творел, се до смртта на 29 август 1882 година, во Велес каде бил и погребан. Бил постојан соработник на "Цареградски вестник", објавувал во "Гласник Србског ученог дружества", во списанието "Блгарски книжици" и во весникот "Македонија". Една од најнитересните, оригинални и необични творечки личности на македонското просветителство. Тој меѓу другото, е вистинскиот родоначалник на македонската поезија во 19 век, а со неговите драмски и сценски обиди и основоположник на македонската драма и театар.

## *"Таблица перваја"*

Првото книжевно дело на Џинот е неговата "Таблица перваја" (1840), која претставува практичен школски текст. Нејзината содржина ја исполнуваат морализаторско-дидактички мисли. Таблиците обично биле закачувани по ѕидовите во училниците и од нив читале учениците. Овие книшки во тоа време биле во широка употреба. Во пишувањето на Таблицата, како извор користел едно дело на познатиот српски просветителски писател Доситеј Обрадовиќ. Ова не е само прво печатено дело на Џинот, туку и еден од првите преводи од српски на македонски јазик.

## *Филозофските мисли на Џинот*

По содржината двете збирки од афоризми, филозофски мисли на Џинот, се најблиски до "Таблица перваја". Тој не бил познат само како бестрашен човек и добар учител, туку важел и за филозоф, за умен човек. Двете збирки ги составил за време на неговото учителствување во Скопје, во текот на 1856 година. Во нив ги искажал своите размисли за луѓето, за односите во општеството, за неправдите, злото и прогонот кои го следеле во целиот негов бурен живот.

## Џинот како поет

Јордан Хаџи Константинов Џинот е еден од првите македонски поети. Иако не поседувал посебна поетска дарба, две децении почесто се искажувал и низ стихови. Во нив го воспевал восхитот од работата на училиштата и народното просветување, патриотските чувства, и посебно сакал да советува. Оттука во сето негово книжевно дело морализирањето има доминантно место и значење. Просветителскиот тон и неговите напори и успеси во формирањето на скопското училиште ги бележи во “Плач на скопското училиште многотрудное”. Дидактичноста е видлива во песните “Рај божји”, “Дионис Вакхо”, “Труд ми е името” и “Аврора”

## Прв македонски драмски писател

Драмските обиди на Џинот се мали сцени, практични дијалози со нагласени морализаторски, дидактички и патриотски теми и мотиви. Значењето на неговите драмски обиди е во сценското претставување пред скопските граѓани. Биле изведувани во неговото скопско училиште и во нив учествувале учениците на Џинот. Автор е на: “Минерва и девет музи”, “Разговор или прави человек”, “Училиште и учение”, “Басна”, “Сербија шатаетсја в земељ своих”. Неговите драмски обиди го означуваат почетокот на драмското творештво кај нас пишувано на македонски јазик.

## Сестраноста на просветителот

Џинот бил љубопитен дух и постојано патувал по Македонија. Од нив ги создавал и своите патописи во кои пишувал за градовите, селата, областите и манастирите и ги печател во “Цареградски вестник”. Тие се првите патописи во македонската книжевност и едни од првите описи на Македонија воопшто. “Восхитен од минатото на Македонија, од богатството на разновидни старини и манастири, во своите описи Џинот често претерувал, и давал слобода на својата фантазија, но читани картички, овие трудови на Џинот можат корисно да послужат во реконструирањето на животот на нашите луѓе од средината на 19 век”, пишува Харалампие Поленаковиќ.

Џинот се занимавал и со преведувачка работа. Тој е прв и најголем македонски собирач на старини, посебно на книжевно-

историски споменици. Патувајќи по Македонија собирал и народни умотворби, а нешто од тоа (песни, пословици) и публикувал. Посебен интерес пројавувал за собирање на лексички материјал. Познато е оти имал намера да издаде еден повеќејазичен речник. Негов интерес биле јазикот и правописот. Учествувал во повеќе полемики со некои бугарски јазичари и објавил неколку статии од таа област. Во своите писма и во творбите почесто цртал фигури на класични богови, што ја потврдуваат неговата склоност и кон сликањето.

### *Провери ги своите знаења*

Познати се стиховите за Џинот кој го воспеваат како “Филозоф скопскиј / НашТредјаковски”. Како тоа го потврдил со своите две збирки од афоризми?

Кои се вредностите на драмските обиди на Џинот кои го именуваат како родоначалник на македонската драма и театар?

Патописите на Џинот се најобемниот дел од неговото дело. По што се значајни за македонската книжевност?

### *Прошири ги и продлабочи ги своите знаења*

За наша жалост досега не ни е познато дали некаде постои некој портрет на Џинот. Дали тој некаде се фотографирал или некој изработил негова слика? Од описите на некои што го познавале Џинот, и што пишувале за него, се гледа дека тој бил човек среден раст, слабичок, со тенки правилни црти на лицето, со бледа чиста кожа. Одел облечен со европска носија. Не пиел и не пушел, бил вегетаријанец. Постојано наоѓајќи се во борба, често принуден да го менува седалиштето, често апсен и прогонуван, Џинот како да немал време за лична среќа. Не е познато дали имал некакви сентиментални врски. Во секој случај умрел како неженет човек.

**Харалампие Поленаковиќ**

# ИЗБРАНИ ТЕКСТОВИ

*"Писателот има само еден учител - читателот"*

***Николај Гогољ***

## ДАНТЕ АЛИГИЕРИ

## “БОЖЕСТВЕНА КОМЕДИЈА”

На средина од мојот живот земен
вистинскиот го изгубив јас пат:
се најдов в шума сам, сред густеж темен.

А таа шума дива, чуден кат
- што да речам? - во трње, в буеж сета,
сред срце раѓа спомен, страв и лад.

Погорчлива одвај е смртта клета!
Но, за блаженството што сум го пил,
ќе раскажам за сé што таму сретнав.

А како, кога патот ми се скрил,
јас не знам, ништо не можам да речам:
од сонот мора пијан да сум бил.

Подножјето штом почнав да го сечам,
во срцето го сетив стравот сал,
и пред да почнам по рид да се влечам.

Јас кренав поглед. Видов: сонце-ал
огреало во таа рана зора
врз плеќите на ридот стрмен мал.

Па здивна душа, иако бев в гора...
А стравот, што во крвта стана мраз
во ноќта, - сетив како топи кора.

И како патник што во еден час
- од бура спасен - гледа в далги бесни
со кои водел бој за својот спас, -

се запре духов мој. Врз спили тесни,
од кои демне само грозна смрт
а човек стапна, - кренав очи лесни.

Одвај од снага фрлив камен тврд
и штом на стравот крајот му го видов
- зачекорив по пуст и стрмен срт.

Сал чекор-два: одненадеж под ридот
се јави пантер: шарен стрвост полн;
а брз, и не ме испушта од видот...

Од пред очи не се мавна тој, зол.
Ми пречеше, на патот ми се згоди.
Многупати си реков: назад в дол!

Се зореше. И сонцето се роди,
капејќи ѕвезди ко во денот прв,
во кој за првпат почна да ги води

со божја љубов, за да стигнат врв.
Тој нежен час, и она мило цвеќе,
ми влеа надеж: ѕверон, жеден крв,

не ме следи со стрвост таква веќе!
За кратко. Одеднаш во овој крај
се најде лав: ми пројде сета среќа!

Пак страв сред срце почна да се таи.
Од гладот мачен - поглед див ме сретна
и воздухот се стресе и се стаи.

"И волчица!" - Во умов мисла летна.
Исушена од злоба и од жед,
јас видов кога в очи жар ѝ светна.

А расплакал и тој ѕвер многу свет.
Во мене поглед страшно беше впила.
Да тргнам горе смелост собрав клет,

но ниту надеж остана, ни сила.
Ко трговец што чука глава в ѕид
(галијата ја скрши морска спила!)

се мрачи сѐ пред очниот му вид, -
ме стресе така ѕверон и ме столчи,
следејќи ме од оној стрмен рид

во катон кај што сонцето си молчи.
Бегајќи јас низ рид пред ѕвера три,
пред Лав, пред Пантер и пред поглед волчи,

- пред мене човек никна чии дни
изгаснале пред не знам колку века.
"Смилувај се, па кој и да си ти,

- му викнав, - призрак или човек некој!”.
"Јас не сум жив, но бев. - Чув слаб глас мек, -
од Мантова, од познат род на секој,

Ломбардиец, од оној славен век
Суб Јулио ет Аугуст, кога светов,
тој век, на лажни божества бил век.

Поет јас бев. Во песни јас го сплетов
на Анхиз синот, којшто Илион
го напушти сред чад со срце клето.

Што се враќаш при маките со стон
и не врвиш по ридот?” - Потем рече:
"На радост извор, причина е он”.

"Вергилиј, ти си? Оној певец вечен
од чие срце блика извор стар
од речитост!” - И сетив: срам ме пече.

"За кој поет ти не си светлост, жар?
За мојта љубов спрема твоите стихој
- награди ме и подај рака бар!

.................

"Поете, - реков, - гледаш, твој сум сет!
Но, жити бога (којшто не те сака)
избави ме од злото, мене клет:

доведи ме до таа светлост јака
пред портите на свети Петар сед
и кај што души трпат јад и мака".

Тој тргна тихо. И јас тргнав блед.

**Препев: Георги Сталев**

## ФРАНЧЕСКО ПЕТРАРКА

## ОД "КАНЦОНИЕРОТ"

**Не, нема мир, ни војна, ниту враг!**

Не, нема мир, ни војна, ниту враг!
Се плашам в надеж, стинеам и горам;
се влечам в прав, со Небото се борам,
без прегратка го гушкам светов пак!

Во затвор сум, а отворен од згора!
Без јако јаже, а ме држат в мрак!
Амор не убива, но оковот е јак:
ни жив ме сака, ни да умрам мора!

Без очи гледам; нем - за болка зборам.
Јас барам спас - да загинам за жед!
Се мразам сам, го сакам сиот свет.

Ме храни бол. Од плачот насмев творам!
Ти, Смрт!... Ти, Живот!... Иста беда си!
За ова, Жено, виновна си Ти!

## Како кога бела нога гази трева свежа

Како кога бела нога гази трева свежа,
полна капки: тие стапки морници ме ежат.
Крепост строга цвеќе тогај отвора и мие;
чиста, снежна пета нежна в повит мек се крие.

Оној Амор којшто само ко на лепак фаќа,
в нежни срца прсти брца - моќта си ја проба
и од очи раскош точи, топол дожд ни праќа.
Лек за рана?... Друга храна не сркам, ни дробам!

Од и става, поглед, глава - во хармонија е
сé со зборот кој и спорот и́ го прави мед.
Сé што прави - скромност слави. Знае тиха да е.

Четири се (и други се) искри што ме движат:
оган вивна за да живнам, за да пламнат в жед.
Дење станав ноќна врана, па на сонце мижам!

**Препев: Георги Сталев**

## ВИЛИЈАМ ШЕКСПИР

## “ХАМЛЕТ”

(фрагменти)

*(Дански марш. Труби. Влегуваат кралот, кралицата, Полониј, Офелија, Розенкранц, Гилдестерн и други достојници од свитата со стража што носи факели).*

**КРАЛОТ**
Како е Хамлет, принцот на нашата крв?

**ХАМЛЕТ**
Ако верувате - вонредно добро. Се хранам како камелеон: со воздух зготвен од патувања. И копуните не ги гојат така.

**КРАЛОТ**
Јас немам ништо општо со тој одговор, Хамлете. Не се мои тие зборови.

**ХАМЛЕТ**
А сега не се ни мои.

*(На Полониј)*

Господине, вие рековте дека сте играле додека сте учеле на универзитетот. Вистина ли е тоа?

**ПОЛОНИЈ**
Играв господару, и мислам дека бев добар актер.

**ХАМЛЕТ**
А во какви улоги?

**ПОЛОНИЈ**

Како Јулие Цезар. Повеќе пати ме убиваа на Капитол. Брут ме убиваше.

**ХАМЛЕТ**

Бил многу брутален кога можел да убива такво капитално теле. - Дали се спремни актерите?

**РОЗЕНКРАНЦ**

Да, господару, ја чекаат вашата заповед.

..................

*(Обоа. Почнува пантомима. Влегуваат актерот и актерката во улога на крал и кралица. Со движења ја изразуваат меѓусебната љубов. Кралицата го гушнува кралот, а он неа. Она клекнува пред него и го уверува во својата верност. Он ја подига и ја спушта главата на нејзиното рамо. По тоа легнува во цветната алеја. Заспива. Она го остава. Доаѓа трујачот, му ја симнува круната, ја бакнува, му сипа отров во увото и излегува. Се враќа кралицата, забележува дека кралот е мртов и со гестови го изразува очајот. Повторно влегува трујачот со две или три личности и се прави како да сочувствува во нејзината болка. Го изнесуваат трупот. Трујачот со подароци ја спечалува благонаклоноста на кралицата. Во почетокот она со негодување ја отфрла неговата љубов, но подоцна попушта. Излегуваат).*

**ОФЕЛИЈА**

Што значи ова, принцу?

**ХАМЛЕТ**

Тоа е змија отровница, а значи темно дело.

**ОФЕЛИЈА**

Дали пантомимата ја изразува содржината на претстојната пиеса?

*(Влегува Прологот)*

**ХАМЛЕТ**

Сега ќе разбереме од него. Актерите не умеат да чуваат тајни, сè ќе издрдорат.

...................

**КРАЛОТ НА СЦЕНА**

Се ближи, мила прошталниот час,
Јас тлеам в немош, гасне мојот глас.
А уште долго ќе живееш ти
Со нова љубов, со посреќни дни.
Ти ќе се мажиш...

**КРАЛИЦАТА НА СЦЕНА**

О, отровни лачи!
Та таа љубов предавство ќе значи.
И нека веднаш ме убие гром
Друг ако влезе во нашиот дом!

ХАМЛЕТ *(за себе)*

Пелин, пелин!

**КРАЛИЦАТА НА СЦЕНА**

Знај, нема љубов во вториот брак,
На гнасна сметка он е само знак.

**КРАЛОТ НА СЦЕНА**

О знам, ти збориш искрено и чесно,
Решеноста, сепак, нас нè лаже лесно:
Со нашиот спомен како роб се дружи,
Ни ветува многу, но слабо нè служи,
Она е ко дрво што богато раѓа
Но сам од ветки плодот нејзин паѓа.
За смртни луѓе на овој свет
Чуј, нема живот без заборав клет.

................

А твојот уплав од вториот брак
Со мене, мила, ќе потоне в мрак.

**КРАЛИЦАТА НА СЦЕНА**

Нека се стемни небесниот свод,

Да нема ништо: ни жетва, ни плод,
Нека ме кине само очај темен,
Да биде затвор мојот живот земен,
Виори бесни вечно нека пиштат
Над сите мои надежи и сништа, -
Пред тебе, мили, ако спомнам пак
За друга свадба, за повторен брак!

ХАМЛЕТ *(на Офелија)*

А ако ја прекрши клетвата?

**КРАЛОТ НА СЦЕНА**
О, тешка клетва! Но чуј, ми се спие,
Во мојте очи сонот гнездо вие.
Ќе легнам малку.

*(Лег̄нува)*
.......................

**ХАМЛЕТ**
Пиесата прикажува едно убиство извршено во Виена. Херцогот се вика Гонцаго. Жена му - Батиста. Ќе видите. Многу гнасна и долна работа. Но, што имаме ние со неа? Она нас не нѐ интересира, вашето величество и нас, нашата совест е мирна. Нека рита магарето кога ќе го боцнат. Нашите коски се здрави.

*(Влег̄ува Луцијан)*

Тоа е некојси Луцијан, племеник на кралот.

**ОФЕЛИЈА**
Добро го заменувате хорот, господару.

**ХАМЛЕТ**
Никаквику, почни го убиството. Ах, чумо проклета! Фрли ги тие безбожни гримаси и почни. Ајде! "Гавранот грака за одмазда".

**ЛУЦИЈАН**

Тврда рака, црна мисла, отров, жед.
Нема никој, сам си овде, се е в ред.
Ти отрове, течи темен
Од Хеката ти си спремен,
Покажи ја веднашсвојата црна моќ,
Над животот негов нека падне ноќ!

*(Сипа отров во увото на заспаниот крал)*

**ХАМЛЕТ**

Го отру во градината за да му го грабне престолот. Името му е - Гонцаго. Таа приказна постои, напишана е со беспрекорен италијански јазик. Сега ќе видите како убиецот ќе ја освои љубовта на Гонцаговата жена.

**ОФЕЛИЈА**

Кралот станува!

**ХАМЛЕТ**

Зар се исплаши од овој привиден пожар?

**КРАЛИЦАТА**

Што се случува со неговото величество?

**ПОЛОНИЈ**

Прекинете ја пиесата!

***Препев: Ацо Шопов***

# МИГЕЛ ДЕ СЕРВАНТЕС СААВЕДРА

## “ДОН КИХОТ”
(фрагменти)

*За да ти биде појасно*

Дон Кихот и Санчо Панса, продолжувајќи со своите талкања, наидуваат на две стада од овци. Дон Кихот, со својата витешка фантазија, мисли дека тоа се две големи војски и веднаш тргнува во поход против нив.

### ПРВ ДЕЛ
### ГЛАВА ОСУМНАЕСЕТТА

ВО КОЈА СЕ КАЖУВА РАЗГОВОРОТ НА САНЧО ПАНСА СО НЕГОВИОТ ГОСПОДАР ДОН КИХОТ, ПОКРАЈ ДРУГИТЕ АВАНТУРИ ДОСТОЈНИ ДА БИДАТ РАСКАЖАНИ

...Се наместија на ритчето од каде што можеа да се видат сосема јасно двете стада кои Дон Кихот ги сметаше за војски, ако не беа облаците прав, што го дигаа. Но и покрај тоа, бидејќи си вообразуваше дека гледа нешта кои ниту се гледаа, ниту ги имаше, нашиот витез започна да објаснува:

- Оној витез таму што го гледаш во жолтион оклоп, кој на штитот има крунисан лав легнат пред нозете на една дама, тој е храбриот Лауркалко, господар на сребрениот мост. Другион во оклопон со златни цветови, кој на штитот има три сребрени круни на сино поле, тоа е страшниот Микоколембо, големиот војвода од Киросија. Оној вдесно од него со дивовски раст, тоа е нестрашливиот Брандибарбаран од Болич, владетел на трите Арабии, кој наместо оклоп има кожа од змија, а наместо штит носи една врата, за која велат дека е од оној храм што го урна Самсон кога со својата смрт им се одмазди на своите непријатели. Но, сега погледни и на оваа друга страна, па ќе го видиш најнапред и на чело на другата војска Тимонел од Каркахона, кој секогаш победувал и никогаш не бил победен,

кнез на Нова Бискаја, чиј оклоп е со сини, зелени, бели и жолти квадрати и кој носи штит со златна мачка врз жолто поле со натпис "Мијау"- почетните букви на името на неговата дама која, како што велат, е неспоредливата Мијаулина, ќерка на војводата Лафеникен од Алгарбија...

И така Дон Кихот продолжи да набројува мноштво витези од едната и од другата војска, кои си ги вообразуваше во себеси, и да ги опишува оклопите, бојата, грбовите, знаците и натписите, без да се колеба, носен од вообразеноста на толку невидената своја лудост. И без да запре ниту за миг продолжи да зборува:

-Во оваа војска пред нас има различни племиња. Тука се оние кои ја пијат слатката вода на славниот Ксанто; до нив се планинците кои одат по масилиските високи полиња; а оние таму кои го перат најчистото и најситното злато во среќна Арабија; другите пак се од племето што се насладува на прочуените и свежи брегови на бистриот Термодонт; оние тука кои во многу и во различни цистерни го однесуваат златоносниот Пактол; ене ги Нумидијанците несигурни во своите ветувања и Персијците, прославени со своите лакови и стрели; Партите и Мидијците, кои се борат со трчање - Арапите со подвижни живеалишта; Скитите, колку свирепи, толку бледолики...

Господи Боже! Колку ли земји спомена, какви ли не народи изреди Дон Кихот, давајќи му ги на секој со прекрасна подготвеност неговите својства, целиот занесен и задлабочен во она што го имаше читано во своите лажливи книги! Санчо Панса ги слушаше неговите зборови без да проговори, само одвреме-навреме си го насочуваше погледот да види дали идат витезите и џиновите што ги опишуваше неговиот господар, но бидејќи не здогледа ниту еден, му рече:

-Сењор, никаде не се гледаат оние луѓе, џинови и витези, кои вашата милост ги споменува. Барем јас не ги гледам, освен ако не се сите тие магии или призраци како сношните?

-Зошто зборуваштака? - се одгласи Дон Кихот. - Зар не го слушаш 'ржењето на коњите, звукот на трубите, биењето на барабаните?

-Слушам само - одговори Санчо - дека блеат овци.

А така и беше, зашто веќе двете стада меѓувремено беше се доближиле до нив.

-Стравот што те опфатил, Санчо - рече Дон Кихот - ти пречи. Дури да гледаш и да слушаш добро, зашто стравот ги поматува сетилата и не му дозволува на човека да ги гледа нештата онакви какви што се. Штом толку се плашиш, тргни се

настрана и остави ме сам, зашто моето замешување е достатно за да ѝ донесам победа на онаа страна што ќе ја поткрепам јас.

Откако го изговори тоа, го зббодна Росинант и насочувајќи го копјето, јурна како молња по ритчето надолу. Санчо почна да вика:

-Вратете се, сењор Дон Кихот! Ви се колнам во Бога дека вие напаѓате овци. Вратете се, тешко мене што сум се родил на овој свет! Ама каква е таа лудост? Погледајте добро: пред вас нема ниту џинови, ниту витези, ниту мачки, ниту оклопи, ниту штитови на цели полиња или на четвртинки, ниту небесни оклопи, ниту ѓаволи. Господ да ми е на помош, кутриот јас! Ама што правите?

Но, тие зборови не успеаја да го вратат Дон Кихот, туку тој продолжуваше да лета напред и да вика гласно:

-Еј витези! Вие кои се борите под знамињата на храбриот цар Пентаполин со засуканиот ракав, сите по мене, ќе видите колку брзо ќе му се одмаздам на неговиот непријател Алифанфарон од Трапобана!

Со тие зборови тој јурна сред стадото и почна да ги боде овците со своето копје со толкава срченост и решителност како навистина да ги прободува најголемите непријатели. Сопствениците на овците и пастирите што го водеа стадото, почнаа да му викаат на Дон Кихот да не го прави тоа, но кога видоа дека тоа не помага, ги разврзаа праќите од своите појаси и кон него зафрчија камење, големи колку тупаници. Дон Кихот не им обрнуваше никакво внимание и продолжуваше да вика:

-Каде се криеш, горд Алифанфарону? Дојди ваму! Тука те чека витезот кој сака самиот да се мери со тебе и да ти го земе животот како казна за навредата што му ја нанесе на храбриот Пентаполин Гарамант.

Во тој миг долета еден голем камен и му скрши две ребра. Кога го почувствува силниот удар, Дон Кихот си помисли дека навистина е убиен или барем тешко ранет, па откако се сети на својот мевлен, ја извади својата лимена кутија и почна да голта од пијачката. Но, пред да испие онолку колку што мислеше дека е доволно, друг камен го удри по раката и кутијата се распрсна на парчиња, избивајќи му патем три-четири предни заба и катници и смачкувајќи му два прста на раката. И првиот и вториот удар беа толку силни што на кутриот витез не му остана ништо друго, освен да се симне од коњот и да падне на земјата. Пастирите се доближија до него и помислија дека го убиле. Затоа тие со голема брзина го собраа стадото, ги натоварија и убиените овци, што ги

имаше околу седум, па не распрашувајќи се натаму, се оддалечија.

За тоа време Санчо стоеше на тумбата, гледајќи ги лудостите што ги правеше неговиот господар, и скубејќи си ја брадата и проколнувајќи го оној миг кога среќата сакала да го запознае со него.

**Превод: Илија Корубин**

## ЖАН БАТИСТ ПОКЛЕН МОЛИЕР

### “ТАРТИФ”

(фрагменти)

***За да ти биде појасно***

Елмира се обидува да го убеди Оргон дека Тартиф игра двојна улога, односно дека и изјавува љубов. Оргон не верува во тоа. За да го убеди, Елмира му предлага на Оргон да се скрие под масата, а таа да го викне Тартиф кај неа. Скриениот Оргон го слуша дијалогот меѓу Тартиф и Елмира.

ЧИН ЧЕТВРТИ
СЦЕНА ПЕТТА

**Тартиф, Елмира, Оргон**

**ТАРТИФ**
Дадовте налог кај вас да повелам.

**ЕЛМИРА**
Да, има тајни со вас да споделам.
Но, погледнете да не се крие некој,
овојпат не смее да нѐ слушне никој.
*(Тартиф ја затвора вратата и се враќа)*
Денешнава случка ни нанесе срам
и сигурност не ни гарантира нам.
Никогаш не се случило нешто слично,
нападот врз вас го почувствував лично,

и видовте добро, се што можев сторив
да го смирам Дамис во гневниот порив.
Се возбудив толку и изгубив смелост,
па решив да молчам за таквото дело.
Но сега е добро, опасноста мина,
и веќе не чувствувам никаква вина.
А почитта кон вас во заштита ве зема
и маж ми за вас ни најмал сомнеж нема.
И наспроти секој клеветнички глас
тој сака да бидам постојано со вас.
Затоа од денес јас заседов став,
да се сретнуваме, секогаш, без страв,
да копнеам исто за среќата наша
и да ви возвраќам на љубовта ваша.

**ТАРТИФ**
О, вашиот јазик не знам што ми нуди,
тој е сосем подруг, и тоа ме чуди.

**ЕЛМИРА**
Штом мојава исповед гневот ви го крена,
не го сфаќате срцето на една жена!
Особено кога ви признава чесно
дека не може да се заштити лесно!
Во такви моменти женскиот наш срам,
нежности да примаме ни брани нам.
И да пекаме по признание страсно
се срамиме да се искажеме гласно.
Се противиме божем, а правиме така,
како што нашето срце верно сака,
кога одбиваме со усните врели,
го нудиме она што срцето вели.
Знам, си дозволив многу слобода јас,
за да ви кажам што чувствувам кон вас.
Но штом почнав, ќе продолжам да зборам!
Нели фатив со Дамис за вас да спорам?
Ах, рамнодушно зар можев да ги слушам
страсните изливи на вашата душа?
Ако ми бевте туѓ зар не ќе се плашев
да го примам жарот на срцето ваше?

И кога од вас барав да не се случи
тој брак што Оргон би сакал да го склучи,
зар не ја сфативте големата желба
дека моите чувства нејќат делба,
туку дека сакам само љубов цела,
а не пак со друга жена да ја делам?

**ТАРТИФ**
Зборовите ваши се слатки и вкусни,
зашто ги шепотат љубените усни;
нивната сладост во жилите ми тече,
такви зборој уште никој не ми рече.
Да ви бидам драг, да, тоа ми е цел,
ме прави блажен еден ваш поглед врел,
но дури во љубовта се надевам,
морам малку и да се посомневам;
можеби е ова трик, макар и чесен,
само зарад Дамис, зашто ми е бесен.
И затоа, Мадам, ве уверувам,
дека само на збор јас не верувам,
а би сакал и да ме наградите,
и со дела сé да ми потврдите,
зашто само така нема да се прашам
дали е искрена, ах, љубовта ваша.
.........................
**ЕЛМИРА**
О, вашата љубов е тиранин лут,
во душава нежна ми внесува смут!
Срцето љубено го става во мака,
сосила го зема она што го сака.
Се трудите некој во љубов да вивне,
а не му давате потоа да здивне.
Но треба ли мажот, така, беспоштедно,
по најретки нешта да се стреми жедно,
за да ја добие грубо сета слабост
на женското срце, нејзината сладост?

**ТАРТИФ**
Вашите чувства ги кажувате смело,
зошто не ме уверувате со дело?

**ЕЛМИРА**
Но таквата желба не е против Бога,
со кого сте вие во најдобра слога?

**ТАРТИФ**
Проблемот со Бога, ќе го решам вешто,
една таква пречка е најмало нешто.
Фрлете го тоа во прав заборав!

**ЕЛМИРА**
Но судот на Бога ни навева страв!

**ТАРТИФ**
Јас вашиот страв ќе го растерам кога
совеста ќе ви ја помирам со Бога.
Некои блаженства Бог ги смета за грев,
но ќе се спогодиме без голем рев.
Според нужност може и уздата тесна
на совеста наша да се прошири лесно,
а мудриот човек, ако е и смел,
би измил секаков грев низ чиста цел.
Ќе ве научам јас на таквите тајни,
препуштете се на искуствата сјајни,
дозволете ми јас веднашда ве имам,
а сиот грев на душа сам ќе го примам.

.................................

**ЕЛМИРА**
Најпосле јас сама да попуштам морам,
да се согласам заедно со вас да горам,
единствено така јас верно ќе учам,
да не ве понижам во овој скап случај...

...................

Ако згрешам, гревот ќе се товари
на оној кој за ова ме наговори,
зашто тој ме натера на ваков чекор!

**ТАРТИФ**
На мојава совест да падне тој прекор!

**ЕЛМИРА**
Погледнете надвор, во оваа доба,
да не е маж ми во соседната соба.

**ТАРТИФ**
Бидете без грижа. Тој е толку прост,
што каде сакам јас го водам за нос.
И веќе тој стигнал до таква беда,
што не верува и во она што го гледа.

**ЕЛМИРА**
Проверете сепак, за да не се плашам,
потоа можеби јас ќе бидам ваша.

## СЦЕНА СЕДМА

**Тартиф, Елмира, Оргон**

**ТАРТИФ**
Госпоѓо, сé оди според мојот план,
јас прегледав сé во сиот апартман,
нема жив човек! Ах, во моја сте власт...

**ОРГОН**
Стојте! Запрете ја вашата луда страст!
Ова е вашиот крај, вашиот пад!
Се правевте светец, а вие сте гад!
Со ќерка ми треба да склопите брак,
а жена ми ја заведувате пак!
Не верував јас во клевети и лаги,

а ми ги лажевте суштествата драги;
но нема како досега слеп да бидам -
веќе не сакам пред очи да ве видам!

**ЕЛМИРА**
*(На Тартиф)*

На ваква постапка морав да се решам,
против своја волја требаше да грешам.

**ТАРТИФ**
*(На Оргон)*

Зар верувате?

**ОРГОН**
Не матете ми ум!
Да ве нема оттука без најмал шум!

**ТАРТИФ**
О, јас мислев...

**ОРГОН**
Но, кој ве прашува, кој?
Ај, напуштете го веднаш домов мој!

**ТАРТИФ**
Напротив! Вие ќе си одите в час:
овој дом е мој, ќе ви разјаснам јас,
та вашиот ум е веќе сосем матен,
не јас, туку вие в стапица сте фатен.
Зашто јас знам неправдата да ја згазнам,
и добро знам лажливците да ги казнам.
Кому ќе се одмазди Небото знае,
и кој треба тука верно да се кае.

***Препев: Паскал Гилевски***

## Јордан Хаџи Константинов - Џинот

### ПЛАЧ НА СКОПСКОТО УЧИЛИШТЕ МНОГОТРУДНОЕ

Внуши небо и разумеј,
Благи совет ти же подај!
Внуши небо и разбери,
Ако сум зол ти одбери!
И ти солнце, засведочи,
Изгори ме, спушти лучи:
Ништо зло аз не сторих,
Но сја трудих и сја борих
Училиште да отворим;
Незнаењето да изгоним.
Децата им добро учих,
Да писуват ги научих.
По всеки ден граматика,
Сос трудење, и Изика,
Всемирнаја, Историја,
На уста же географија
И пишење харти красни;
Численица, број же јасни.
Производност, мучни речи,
Ученij свет ти же речи!. . .
Право ли е да ме бесчестат,
И за ништо да ме гонат?
Зашто добро аз же учих,
И с големи труд се мучих.
Това не било за почести;
Но, било, ради радости.
И зависта ме бесчести;
С много хули ... ме исчести ...
Но аз паки ште сја трудим,
Чадото ни ште го будим ...
Ошт' подобро ште го учам,
Ако страдам, ако се мучам,
Всечко това просто нека е,
Науката само да е.
Сладкиј Боже опрости им,
Кротки души ти подај им!
Всјакое добро ти даруј ги,
В учение настави ги!

Простио име е! Нек' ме хуљат!
Утре, днеска, братја ми се,
И престани, христијанине ...
Аз ште се трудим да сум човек,
Да сја јавим добри во век.
Изе ште поем, това творим,
За чедото всегде горим.
Да е научи, да е не мучи,
Во наука да е обучи.
Е - то е Божји венец,
Жива вода, и младенец.

### *Извлечи заклучок!*

1. Песната на Џинот за скопското училиште има посебно значење и како прилог во одгатнувањето на значајни мигови и периоди од биографијата на поетот.
2. Извлечи ја прошката (простувањето) како значајна морална порака во песната!
2. Во обраќањето до читателите, поетот настојува со сопствениот пример да влијае врз средината. Кои се неговите карактеристики и квалитети?

## СОДРЖИНА

### МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК


**Историскиот развој на македонскиот јазик**..............................5
Македонското јазично прашање на преминот од XIX во XX век ..................................................................... 5
Јазикот на македонските автори: Константин Миладинов, Рајко Жинзифов и Григор Прличев............................................. 7
Учебникарската дејност во Македонија: Партениј Зографски, Кузман Шапкарев, Ѓорѓи Пулевски ....................................8
Лозарите - претходници на Мисирков................................ 10
Крсте Петков Мисирков.................................................. 12
Погледите на Мисирков за македонскиот литературен јазик.................................................................... 13
"За македонцките работи".......................................13
"Неколку зборови за македонскиот литературен јазик"........................................................................................ 14

**Морфологија и морфосинтакса**

**Морфема**................................................................ 16
Видови морфеми.....................................................17
Зборoформа...........................................................18
Зборовни групи во македонскиот литературен јазик........19
**Именки**.................................................................22
Класификација на именките .................................. 23
Граматички категории на именките ........................24
Функции на именките во реченицата.......................28
**Придавки**............................................................... 29
Поделба на придавките според значењето............30
Граматички категории на придавките................... 31
Функции на придавките во реченицата...................33
**Броеви**...................................................................34
Граматички категории на броевите........................34
**Заменки**.................................................................36
Преглед на долгите и кратките форми на личните заменки.........................................................................37
Значење на лично - предметните заменки..............38
Функцијата на заменките во реченицата................ 39

**Глаголи**.......................................................................... 40
Граматички категории на глаголите...................... 40
- Граматичка категорија време........................... 40
- Граматичка категорија начин............................40
- Граматичка категорија лице............................. 41
- Граматичка категорија вид............................... 41
- Граматичка категорија преодност....................42
- Граматичка категорија род и број..................... 42
Класификација на глаголите.................................. 43
Формите на глаголот............................................... 46
Прости глаголски форми.........................................46
Сегашно време.................................................. 46
Заповеден начин...............................................47
Минато определено свршено време..................47
Минато определно несвршено време................48
Нелични глаголски форми....................................... 50
Глаголска л - форма...........................................50
Глаголска придавка............................................50
Глаголска именка.............................................. 51
Глаголски прилог............................................... 52
Сложени глаголски форми.................................... 53
Минато неопределени време............................. 53
Предминато време.............................................54
Идно време........................................................ 55
Минато - идно време..........................................56
Идно прекажано време......................................57
Можен начин...................................................... 58
Глаголски конструкции со СУМ И ИМА...............59
Прилози.....................................................................61
Предлози...................................................................64
Сврзници и сврзувачки зборови............................. 66
Честички...................................................................69
Извици...................................................................... 71
Модални зборови.....................................................74

**Лексикологија**.............................................................75
Основни типови лексички значења на зборовите..75
Лексиката според процесот на обновување...........77
Лексиката според потеклото на зборовите............80
Лексиката според формата и според сферата 83
употребата...........................................................................84
Лексиката според степенот на употреба................ 85

**Лексикографија**..........................................................85
Основни типови реченици......................................85
Речникот на македонскиот литературен јазик.......87

**Практично - професионална комуникација**................. 89
Разговор................................................................ 89
Опишување........................................................... 91
Раскажување и прераскажување.......................... 92
Известување...........................................................93
Вест.......................................................................94
Соопштување..........................................................95
Покана....................................................................97
Реферат................................................................. 99
Телеграма..............................................................100
Литературно - научни видови и публицистика................101
Биографија.............................................................101
Автобиографија...................................................... 103
Патопис................................................................. 104
Репортажа..............................................................106
Фељтон..................................................................108

## ЛИТЕРАТУРА

**Хуманизмот и ренесансата во Европа**.........................113
Данте Алигиери.......................................................118
"Божествена комедија".............................. 119
Франческо Петрарка................................................121
"Канцониер".................................................122
Вилијам Шекспир....................................................125
"Хамлет".......................................................126
Мигел Де Сервантес.............................................. 129
"Дон Кихот"................................................. 130
Класицизмот во Европа..........................................133
Жан Батист Поклен Молиер................................. 137
"Тартиф".......................................................139
Просветителството во Европа............................ 141
Просветителството во Македонија.......................145
Јоаким Крчовски.........................................150
Кирил Пејчиновиќ...................................... 154
Теодосиј Синаитски................................... 159
Јордан Хаџи Константинов Џинот............. 163

**Избрани текстови**


Божествена комедија Данте Алигиери............169
Концониерот Франческо Петрарка...172
Хамлет Вилијам Шекспир.........174
Дон Кихот Мигуел Сервантес....... 179
Тартиф Жан Батист Молиер.....182
Плач на скопското училиште многотрудное.........188